# ЕЗДРА И НЕЕМИЈА
## (Евангелието во книгите на Ездра и Неемија)

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
октомври, ноември, декември 2019.

**ЕЗДРА И НЕЕМИЈА (Евангелието во книгите на Ездра и Неемија)**
Автор: *Јиржи Москала*
Број 4/2019

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чииштo членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Давање смисла на историјата: Зоровавел и Ездра ....... 7

2. Немија ........................................................................ 14

3. Божји повик................................................................ 21

4. Соочување со противење.............................................. 28

5. Кршење на духот на законот ....................................... 35

6. Читање на Речта .......................................................... 42

7. Нашиот Бог кој проштава............................................. 49

8. Бог и заветот ................................................................ 56

9. Искушенија, неволји и списоци .................................... 63

10. Обожавање на Господа.................................................. 70

11. Народот запаѓа во стариот грев.................................... 77

12. Соочување со лошите одлуки ....................................... 84

13. Водачите во Израел....................................................... 91

**Додаток**

Утрински стихови - октомври.......................................... 98

Утрински стихови - ноември............................................. 99

Утрински стихови - декември .......................................... 100

Секојдневно читање на Библијата .................................. 102

Текстови за вечерно Богослужение ..................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија ......... 104-106



## ВОВЕД
## ЕВАНГЕЛИЕТО ВО КНИГИТЕ НА ЕЗДРА И НЕЕМИЈА

Ездра и Неемија биле извонредни водачи, насочени кон Бога, сосредоточени на Речта, водени од Духот, кои копнееле Божјиот народ да напредува и Неговото име да се воздигнува и да се објавува насекаде во светот. Нивниот живот претставува она што Бог може да го направи преку посветени, верни водачи кои служат.

Поради нашата грешна природа, стекнатите навики и наследените особини, можеме да доживееме вистински, трајни промени само со проучување на Божјата реч која преобразува и со силата на Светиот Дух. Верниците живеат „не со сила ни со снага туку со Мојот Дух“ (Захарија 4,6), и со прифаќање на Божјите ветувања со вера (Авакум 2,4), што доведува до жив духовен живот.

Поуката за ова тримесечје дава показ дека животот е сложен. Веднаш штом ќе се обидеме да го правиме она што е добро, наидуваме на пречки и се соочуваме со противење. Дури и пријателите можат отворено или тајно да ни се противат, а можеби да станат и наши непријатели. Пречките и отпорот кон доброто покажуваат дека сатаната е жив и дека гревот е реален. Невозможно е човек да се бори против сатаната со своја сила, бидејќи злото е посилно од нас. Само Бог може да обезбеди победа, да промени одредено мислење и да ни даде сила да живееме урамнотежен живот. Животните обесхрабрувања претставуваат можност за промена. Разочарувањата можат да ни помогнат да се фокусираме на суштината и да го забрзаме нашиот духовен раст, а со Божја помош да извојуваме победа над секоја криза.

Книгата на Ездра и Книгата на Неемија не завршуваат со оптимизам. Гревот е сериозен проблем и лесно и брзо се шири. Најголемиот предизвик не доаѓа однадвор, туку произлегува од неверноста кон Бога, кога Божјиот народ не ја следи Неговата откриена волја. Да се биде верен на Господа и да се истрае во извршувањето на Неговите налози, тоа е најмоќниот тест за Божјата црква. Како што Ездра добро разбрал, единствената сила која менува потекнува од внимателното проучување на Писмото, негово разбирање и усвојување.

За да ја исполни појдовната точка на пророштвото за 70 седмици и 2300 денови и ноќи (кои почнуваат во 457 г. пр. н. е.), Бог во својата милост дејствувал и извршил влијание на царот Артаксеркс за да му дозволи на Ездра заедно со група Израелци да се врати во Ерусалим, да му обезбеди сигурно патување и да ги задоволи потребните финансиски и други средства за службата во храмот (Ездра 7,11-28).

Клучните теолошки теми на овие две книги се Божјето провидение,

верност и завет. Бог ги исполнил своите ветувања, иако Неговиот народ бил тесноград, непостојан, растроен и тврдоглав. Преку своите слуги, Бог ги повикал да излезат од состојбата на замреност и да доживеат будење и реформа.

„Делото на обновување и реформа што го извршиле повратниците од ропството предводени од Зоровавела, Ездра и Неемија, претставува слика на духовна обнова која мора да се изврши во последните денови од историјата на овој свет. Остатокот на Израел бил слаб народ, изложен на бесот на непријателот, но Бог сакал токму тој народ да го зачува на оваа земја сознанието за Него и Неговиот закон. Припадниците на тој остаток биле заштитници на вистинското богослужение, чувари на светите пророштва“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви,* стр 439; стр 677., оригинал).

Книгата на Ездра и Книгата на Неемија се историски поврзани и опфаќаат значајна промена во животот на Божјиот народ. Овие 23 глави даваат еден обемен извештај, но со поединици; тие се надополнуваат и покриваат слични теолошки прашања. Со внимателно проучување на моделот откриен во составот на овие две книги, може да се забележи Божјето исклучително дејствување во историјата и Неговото милостиво водство.

Имајте на ум дека не сѐ што е прикажано во овие книги е напишано по хронолошки редослед и дека некои делови се составени според одредена тематика.

Како што ќе видиме, предизвикот што стоел пред Ездра и Неемија не бил обновата на Храмот (тој бил завршен и посветен во 515 г. пр. н. е., повеќе од 50 години пред доаѓањето на Ездра), туку повторното градење на Ерусалим, обнова на администрацијата и националната автономија – а сето тоа конечно го подготвило патот за доаѓањето на Месија.

Како што ќе ја проучуваме Божјата реч во текот на ова тримесечје, Господ нека нѐ благослови вдахнувајќи нѐ, допирајќи го нашето срце, преобразувајќи го нашето размислување и секојдневно оспособувајќи нѐ да го следиме верно и одушевено.

*Јиржи Москала, доктор по теологија и филозофија, е декан и професор по старозаветна егзегеза и теологија на Адвентистичкиот теолошки факултет при универзитетот Ендрус. На факултетот се придружил во 1999 година. Пред да дојде на Ендрус, Москала извршувал различни должности (ракоположен проповедник, управник, професор и директор) во Република Чешка. Член е на различни теолошки друштва, напишал или уредил бројни статии и книги на чешки и на англиски јазик. Исто така, учествувал во неколку археолошки експедиции во Тел Јалул, во Јордан.*

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 1**
**Од 28 септември до 4 октомври 2019**

# ДАВАЊЕ СМИСЛА НА ИСТОРИЈАТА: ЗОРОВАВЕЛ И ЕЗДРА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Еремија 25,11.12; Даниел 9,1.2; Ездра 4,1-7; Исаија 55,8.9; Ездра 7,1-28.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Вака вели персискиот цар Кир: Сите земни царства ми ги даде Господ, небесниот Бог. Тој ми нареди да Му изградам дом во Ерусалим, во Јудеја“ (Ездра 1,2).**

Во списите на пророкот Еремија Бог ветил дека неговиот народ ќе се врати во својот дом по 70 години прогонство во Вавилон. Царот Кир бил Божје орудие преку кое е остварено ова враќање. Кир, Божји помазаник (Исаија 45,1), издал декрет околу 538 год. пр. н. е., со кој на Божјиот народ му овозможил да се врати во својата земја и повторно да го изгради Храмот.

Токму Бог го вдахнал Кира да му каже на Ерусалим: „Ти ќе бидеш одново изграден!“ и на храмот: „Ти ќе бидеш обновен!“ (Исаија 44,28). Бог гарантирал дека Ерусалим ќе биде повторно изграден. Тој, исто така, го покренал Кировото срце да издаде дозвола да се изгради Храмот.

Какво охрабрување кога гледаме како Божјиот народ реагира позитивно на Господовото дејствување: „Тогаш главатарите на татковските домови на Јуда и Венијамин, свештениците и Левитите, и сите на кои Бог им го подигна духот, станаа и тргнаа да го градат Господовиот Дом во Ерусалим“ (Ездра 1,5).

Во овој стих гледаме како народот позитивно одговара на Божјите моќни и милостиви дела. Нашите најголеми достигнувања произлегуваат од разбирањето за тоа кој е Бог и што прави, како и од сознанието дека со љубов дејствува во полза на својот народ.

# ПРВОТО ВРАЌАЊЕ НА ПРОГОНЕТИТЕ

**Прочитајте ги следните текстови: Еремија 25,11.12; Еремија 29,10; Даниел 9,1.2. Кога се случило првото враќање на изгнаниците? Кое пророштво се исполнило со ова враќање?**

---

Господ влијаел на Кир да го дозволи првото враќање и со тоа се исполнило пророштвото на Еремија за 70 години. Еремија забележал дека во Јудината земја, под Вавилон, 70 години ќе владее пустош (од 606/605 г. пр. н. е. до 537/536 г. пр. н. е.), но дека тогаш Бог ќе овозможи враќање на изгнаниците. Додека ги проучувал списите на Еремија, Даниел сфатил дека дошло време за да се оствари тоа ветено враќање.

Во 9. глава од Книгата на пророк Даниел, читаме дека Даниел е вознемирен бидејќи 70 години скоро истекле без очигледни промени, а на власт дошло новото Персиско царство. Тагувал и се свртел кон Бога молејќи се за милост и исполнување на Неговите ветувања. Во истата глава (Даниел 9,24-27), Бог го уверил Даниела дека Тој се грижи за сè и дека постојат определени планови за иднината, кога ќе дојде Избавителот кој ќе умре за народот да ги искупи нивните гревови, да донесе правда и да го исполни жртвениот систем. Бог всушност говорел: „Даниеле, не грижи се. Бидејќи вистинскиот Избавител (Исус) сигурно ќе дојде, Јас сега, исто така, тебе ќе ти испратам избавител.“ Набргу по ова, Бог го покренал Кир, персискиот цар, да издаде наредба да се ослободат заробените. Бог секогаш е верен на своите ветувања. (Види во текстот во Даниел 10 како Бог дејствувал за да го осигури напредокот на својот народ во нивната земја).

Во првата глава на Книгата на Ездра стои забележан Кировиот проглас дека израелскиот народ може слободно да се врати во Ерусалим и да го изгради Господовиот дом. Овој налог е даден меѓу 539. и 537. г. пред Христа. Кир не само што им дозволил да појдат, туку се погрижил да се вратат со подароци, вклучувајќи ги и првобитните садови од Храмот, што ги зел Навуходоносор. Овој настан нè потсетува на излегувањето на Израелците од Египет што се одиграл многу години порано, кога Бог, исто така, ги покренал срцата на луѓето да ги даруваат со подароци при заминувањето. Оваа прва група што се вратила во Јуда се состоела од 50.000 души и најверојатно ги опфаќала жените и децата од други подрачја.

**Кои други историски пророштва се исполниле токму онака како што е ветено во Речта, и како од нив можеме да примиме утеха дека Бог ја познава иднината и дека можеме да веруваме во неговите ветувања што Тој нам ни ги дава?**

# ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ЦАРЕВИТЕ И НА НАСТАНИТЕ

Првата група повратници добила задача повторно да го изгради Божјиот храм. За противењето на изградбата на Храмот ќе проучуваме подоцна. Сега ќе разговараме за сменување на персиските цареви за време на долгата изградба на Храмот и обновувањето на Ерусалим. Важно е да ја познаваме историската заднина на извештите за Ездра и Неемија бидејќи тоа ни дава подлабок увид во нивните пораки.

**Прочитајте го текстот Ездра 4,1-7. Кои цареви се споменуваат дека во време на нивното владеење настанало противење околу изградбата на Храмот?**

____________________________________________________

____________________________________________________

____________________________________________________

Следи листа од персиски цареви, според хронолошки ред, кои се поврзани со Книгата на Ездра и Неемија. На почетокот од листата е Кир, кој го основал Персиското царство и го освоил Вавилон во 539 г. пр. н. е.:

- Кир II „Велики“ (559-530 г. пр. н. е.)
- Камбиз II (530-522 г. пр. н. е.)
- Дариј I (522-486 г. пр. н. е.)
- Ксеркс I (485-465 г. пр. н. е.) познат и како Асвир во Книгата за Естира)
- Артаксеркс I (465-424 г. пр. н. е.)

Додека ги проучуваме овие книги, мошне е важно да знаеме дека овие цареви во Книгата на пророк Ездра не се споменати по хронолошки ред. На пример, текстот во Ездра 4,6-24 е вметнат пред 5. глава, во која продолжува извештајот за пречките околу ѕидањето на Храмот. Потоа, настанот со писмата упатени до Ксеркс I (Асвир) и Артаксеркс I во 4. глава од Книгата на Ездра се одиграл по настаните забележани во 5. и 6. глава, кои се однесуваат на Дариј I. Ваквиот тек може на читателите да им се чини сложен и да стане причина за збунетост која со векови владее во врска со овие книги. Како што ќе одминува тримесечјето, познавањето на токот на настаните ќе ни помогне подобро да ги сфатиме пораките на Ездра и Неемија.

**Колку често сте наидувале на подробности во Библијата кои ве збунувале? Како можеме да научиме да му веруваме на Бога и на Неговата реч, дури и тогаш кога наидуваме на нешто што не го разбираме? Зошто е тоа важно? (Види: Исаија 55,8.9)**

## ВТОРОТО ВРАЌАЊЕ НА ИЗГНАНИЦИТЕ

Во текстовите Ездра 7,1-10. и 8,1-14. гледаме дека царот Артаксеркс I му дозволува на Ездра да се врати во Ерусалим (457 г. пр. н. е.) и со себе да ги поведе сите оние што сакаат да се вратат. Не се знае многу за односот меѓу царот и Ездра, или што правел Ездра на дворот. Во 8. глава во книгата на Ездра се наведени главите на семејствата кои се вратиле, почнувајќи од повратниците кои биле свештеници, преку царската лоза до општото еврејско население. Дванаесет семејства се посебно именувани, што дава впечаток дека во прашање е намерен потсетник на дванаесетте Израелски племиња.

Текстот наведува околу 1500 мажи, што би значело дека, сметајќи ги жените и децата, имало вкупно околу 5000 до 6000 луѓе. Ова била многу помала група од првата која се вратила со Зоровавел и Исус.

**Прочитајте го текстот Ездра 7,1-10. Што дознаваме од него за Ездра?**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Ездра е книжевник со свештеничко наследство. Како свештеник, тој е потомок на Арон, Мојсеевиот брат, првиот израелски свештеник. Според извештаите забележени во Книгата на Ездра, како и во еврејската традиција, името на Ездра е мошне ценето дури и денеска. Не е познато дали Ездра служел како книжевник на дворот на царот Артаксеркс, така што ова претставување на Ездра како книжевник или се однесува на неговите претходни одговорности или на неговите вештини, кои почнува да ги користи по доаѓањето во Јуда. Како и да е, Ездра сигурно работел во Артаксерксово блиско окружување, со оглед на тоа дека царот го испратил како водач на патот.

Во текстот Ездра 7,6.10. Ездра е опишан како „вешт“ и „посветен“ книжевник или учител. Речта „вешт“ во буквална смисла значи „итар“, упатувајќи на некој кој е брз во разбирањето и согледувањето на одредени подробности. Ездра имал проникнлив ум – бил познат по своето знаење и мудрост кога е во прашање Божјиот закон. Уште повеќе, фактот дека царот го избрал Ездра да ја одведе групата Израелци во Јуда сведочи за храброста и способноста на Ездра како водач.

**Забележете дека Ездра го насочил своето срце да го истражува „законот Господов“ (Ездра 7,10). Како да го примениме ова начело во својот живот денес?**

# ДЕКРЕТОТ НА АРТАКСЕРКС

**Прочитајте: Ездра 7,11-28. Кои биле елементите на царевиот декрет? Зошто овие упатства биле важни за израелскиот народ?**

___

___

___

Артаксерксовиот декрет е сличен на Кировиот прв декрет. Царот ги советува сите кои сакаат, особено припадниците на свештеничката лоза, да тргнат на пат за Ерусалим. Иако според историските документи Мурашу повеќето Евреи на крајот останале во Персија (што се гледа во извештајот за Естира), имало и такви кои чекале прилика да започнат нов живот во татковината на своите предци. Царот ги упатил повеќето од своите налози до ризничарите од онаа страна на Реката (од Трансеуфратската територија). Задача на ризничарите била да му обезбедат на Ездра сѐ што му е потребно за да го обнови градот и да го „украси домот Господов во Ерусалим“ (Ездра 7,27). На крајот, царот му наложил на Ездра да обезбеди соодветно држење на Божјиот закон, како и законите на царевите, воспоставувајќи судски систем. Редот и организацијата, кои настанале како резултат на оваа заповед, претставуваат важен дел на секое општество. И уште повеќе, на Ездра и на Израелците царот им го олеснил обновувањето на татковината.

Дали царевото залагање за повторна изградба на градот и Храмот укажува дека тој станал верник на Ездриниот Бог? Артаксеркс Бога го нарекува „Бог Израелов, чие живеалиште е во Ерусалим“ (Ездра 7,15). Изразите што ги користи царот во врска со Бога Израелов укажува дека сметал од Господ е уште едно локално божество кое треба да се умилостиви со дарови. Не сакал овој локален бог да биде гневен на него и на неговите синови (Ездра 7,23). Покрај тоа, треба да забележиме дека 457 г. пр. н. е. е година на египетскиот бунт против персиската власт; затоа, царевите пресретливи постапки веројатно биле преземени за да се стекне лојалност на провинцијата Јуда.

За жал, и покрај односот што царот го воспоставил со Ездра и Неемија, тој не станал верник; барем во текстот ништо не упатува на тоа: што значи дека Господ може да употреби дури и необратени луѓе да ја извршат неговата волја на Земјата.

**Како, дури и среде толку болки и страдања, можеме да научиме да имаме доверба во Божјата врховна власт над светот, како што се гледа од овој пример?**

## ВАЖНОСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Прочитајте го текстот Ездра 7,6.10. Што учат овие текстови за важноста на соодветното верско образование?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Искреното Ездрино посветување на Бога и неговата одлука Божјата реч да ја проучува, да ја применува и поучува од неа (Ездра 7,6.10) го приготвиле за повозвишена служба во Израел. Библискиот текст буквално гласи дека се посветил себеси на проучување, извршување и поучување на Господовиот закон.

Елена Вајт дава важен увид во тоа: „Како потомок на Ароновите синови, Ездра добил свештеничко образование; освен тоа, бил запознат со списите на астролозите, мудреците и вражарите од Медо-персиското царство. Но, Ездра не бил задоволен со својата духовна состојба. Тежнеел да биде во целосна хармонија со Бога, копнеел за мудрост да може да ја исполни Божјата волја. Затоа ’беше го управил срцето свое за да го истражува законот Господов и да го извршува’ (Ездра 7,10). Тоа го навело вредно да ја проучува историјата на Божјиот народ, како што е запишана во списите на пророците и царевите. Ги истражувал историските и библиските списи за да утврди зошто Господ дозволил Ерусалим да биде уништен, а Неговиот народ одведен во ропство во незнабожечка земја“ (*Пророци и цареви*, стр. 394.395; стр. 608. оригинал).

„Ездра сиот свој живот се трудел да ги зачува и умножи Светите списи, и тоа дело заземало прво место во неговите напори да го оживее интересот за проучување на Светото писмо. Тој ги собирал сите преписи од законот што можел да ги пронајде, ги давал да се умножат и да им се делат на луѓето. Чистата реч, така умножена и ставена во рацете на многу души, ширела знаење од непроценлива вредност “ (стр. 396; стр. 609. оригинал).

Забележете дека Ездра, иако ги познавал патиштата на паганството, увидел дека не се исправни; затоа тежнеел да ја дознае вистината од изворот на вистината, од Божјата реч и од „законот Господов“. Морал да заборави голем дел од она што го научил во световните школи, бидејќи, несомнено, поголемиот дел од она што го поучувале било погрешно. Впрочем, колку му значеле „списите на астролозите, мудреците и вражарите“?

**На кои сè начини, дури и денес, можеби треба да го заборавиме она што сме го научиле во светот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт, *Пророци и цареви,* читајте ја главата „Ездра, свештеник и книжевник", стр. 394-400; стр. 607-617. оригинал.

Разгледајте ја трудољубивата работа на Ездра: „Ездра станал толкувач на Божјата волја и оние со кои доаѓал во допир почнал да ги поучува за начелата што управуваат со небото. Преостанатите години од својот живот, било да се наоѓал на дворот на Медо-персиското царство било во Ерусалим, главно ги посветил на учителската служба. И додека на другите им ја пренесувал вистината што ја научил, неговите способности за работа постојано се зголемувале. Станал ревносен и побожен човек. Бил Господов сведок во светот, сведочејќи за моќта на библиските вистини да го облагородат секојдневниот живот" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 395.396; стр. 609. оригинал).

„Во делото на реформа што треба да се изврши денес, потребни се луѓе како Ездра и Неемија, кои нема да го оправдуваат и да го кријат гревот, ниту ќе се срамат да се борат за Божјата слава. Оние, врз кои почива товарот на ова дело, не смеат да гледаат мирно кога луѓето прават неправда, ниту да го покриваат злото со плаштот на лажно милосрдие. Тие мора да имаат на ум дека Бог не гледа кој е кој и дека строгоста кон неколкумина може да се покаже како милост за мнозина. Исто така, тие нема да заборават дека секогаш ќе се открива Духот Христов во оние што го укоруваат злото" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 437.438; стр. 675. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Да, сме примиле многу прекрасни Господови ветувања. Меѓутоа, во исто време, Бог не ни се наметнува. Какви одлуки донесуваме во својот живот, а можат да го попречат исполнувањето на ветувањата што ни ги дал Тој?**

**2. Прочитајте ја Даниеловата молитва во текстот Даниел 9,1-23. Кои начела ги забележувате овде, а можат да се применат лично на вашите искуства? Односно, што правел Даниел, каков бил неговиот став и што барал? Што друго забележувате а може да се примени на нас денес?**

**3. Во отсекот од четвртокот читавме дека Елена Вајт забележила дека Божјата реч е во центарот на службата на Ездра и дека внимателно работела таа да се шири меѓу народот. Која очигледна и важна поука може да извлечеме за нас денес во врска со централното место кое Божјата реч треба да го има во нашиот живот и во Црквата?**

Поука 2
Од 5 – 11 октомври 2019

# НЕЕМИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Неемија 1; Неемија 2; 5. Мојсеева 7,9; Псалм 23,1-6; 4. Мојсеева 23,19.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кога ги чув тие зборови, седнав и заплакав и бев нажален неколку дена, постев и се молев пред Бога небесен, и реков: ’Господи, Боже небесен, Боже величествен и страшен, кој го пазиш заветот и милоста кон оние што Те сакаат и постапуваат според Твоите заповеди!’“ (Неемија 1,4.5)**

Две групи затвореници се вратиле во Јуда во рамките на барем делумно исполнување на Божјите ветувања дадени на еврејскиот народ.

Меѓутоа, Бог подготвува уште една група изгнаници. На последната група заробеници им е даден налог да го решат постоечкиот проблем. Иако првите две групи се вратиле повторно да го изградат Ерусалим и да го исполнат планот довршувајќи го Храмот, се откажале од градењето бидејќи околните народи се спротивставиле. Луѓето од околните подрачја не сакале Израелците да го изградат градот и неговите ѕидови, бидејќи се плашеле дека можат да станат моќен народ како во стари денови (Ездра 4,6-24). Така, враќањето на Израелците се чинело како закана, и биле решени да го спречат. Но, Бог не го повикал својот народ за потоа да го остави за време на работата којашто им наложил да ја извршат.

Затоа Тој подготвил уште еден човек да ја исполни Неговата волја и да ги оствари Неговите намери. Неговото име било Неемија и сега се насочуваме кон него и неговото дело за Господа.

# НЕЕМИЈА ПРИМА ЛОША ВЕСТ

Немиината книга почнува на приближно ист начин како и книгата на пророк Даниел (види: Даниел 1,1.2), со лоша вест. Да, мнозина се вратиле во земјата на нивните предци, но ситуацијата таму не била најдобра.

**Прочитајте ги стиховите Неемија 1,1-4. Зошто Неемија бил толку потресен? Како реагирал на лошата вест што ја примил?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Некои Евреи, заробени години порано, биле донесени во Сусан, еден од четирите административни центри на Персиското царство, каде Неемија служел во царската палата како пехарник. Терминот што се користи за Ананија, „еден од моите браќа," најверојатно се однесува на браќа по крв, бидејќи Ананија се споменува на сличен, но многу поблизок начин во текстот во Неемија 7,2, иако тој израз може да се однесува и само на сонародник Израелец. Разговорот со Ананија најверојатно се случил меѓу средината на ноември и средината на декември 445 г. пр. н. е., околу 13 години по враќањето на Ездра во Ерусалим. Ананија известува дека околностите во Ерусалим се тешки. Народот не успеал повторно да го изгради Ерусалим. Непријателот ги уништил ѕидовите на градот, оставајќи го незаштитен и запустен.

Важно е да се спомене дека царот Артаксеркс им ја скршил надежта на повратниците запирајќи го процесот на изградба откако народот од другата страна на Реката се пожалил (Ездра 4). Тоа на непријателите им овозможило да ги уништат градските ѕидини (Ездра 4,23). Неемија ги чул гласините за таа несреќа, но до тогаш немал вистински одговор.

Иако храмот бил повторно изграден, тој не бил целосно во функција бидејќи народот потребен за служба во храмот не можел да живее во Ерусалим. Таквите прилики го растажиле Неемија, а содржината на веста ја погодило неговата душа: Евреите не го слават Бога и покрај тоа што се вратиле со таа цел. Наместо тоа, го занемариле Божјиот дом и светиот град од страв од непријателите и од угнетувањето.

Затоа Неемија веднаш се обраќа кон Бога. Тој не го обвинува народот на Јуда дека нема вера и луѓето не ги нарекува кукавици, ниту ја прифаќа моменталната состојба на работите. Неемија едноставно паѓа на колена и почнува да се моли и да пости.

**Кога ја слушнал оваа лоша вест, Неемија плачел, постел и се молел. Што ни кажува неговата постапка за тоа како треба да му се обраќаме на Бога, особено во време на неволја?**

# МОЛИТВАТА НА НЕЕМИЈА

**Прочитајте ја молитвата на Неемија во текстот на Неемија 1,5-11. Кои се различните елементи на молитвата? Зошто во молитвата себеси се вклучува како еден од оние кои се виновни?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

1. Боже, Ти си голем и милостив (Неемија 1,5)
2. Чуј ме (Неемија 1,6)
3. Ги признаваме нашите гревови (Неемија 1,6,7)
4. Не заборавај ги Твоите ветувања (Неемија 1,8.9)
5. Ти си нѐ откупил (Неемија 1,10)
6. Чуј ме (Неемија 1,11)
7. Боже, дај ни напредок и излеј ни ја својата милост (Неемија 1,11)

Молитвата на Неемија е прекрасна целина која зборува за Божјето величие и за препознавањето на нивните гревови и која завршува со повик за помош. Молитвата е слична на Даниеловата молитва од 9. глава во Книгата на пророкот Даниел, и постои можност оваа молитва да му била позната на Неемија. Вреди да се напомене дека Неемија не започнува со повик за помош, туку првенствено сака да ја изнесе вистината за тоа кој е Бог, Големиот и Страшниот. Исто така, тој истакнува дека Бог го држи заветот и е милостив кон оние што го љубат, како да го потсетува Бога дека секогаш бил верен и дека ни сега не може да постапи поинаку.

Молитвата има посебна структура (како што е прикажано во претходниот текст) во чие средиште е 8. стих, во кој Неемија ги спомнува Божјите ветувања. Неемија вели: „Но спомни си“ Со други зборови: *Боже, не заборавај дека вети оти ќе нѐ расееш кога сме неверни, но, исто така, вети дека ќе нѐ вратиш и сѐ ќе обновиш. Бидејќи првпат споменатото веќе се случи, сега е време да го исполниш ова другото, бидејќи ние се враќаме кај Тебе.* Неемија не се плаши да се повика на Божјите ветувања и да го потсети на нив. Се разбира, тоа не значи дека Бог не ги знае своите ветувања или дека не се сеќава на нив. Бог, всушност, е задоволен кога ја гледа нашата подготвеност да се повикаме на Неговите ветувања. Тој сака да веруваме во нив и гласно да му ги кажуваме. Кога го изговараме она што ни го ветил Бог, можеме да зајакнеме во нашата решеност да се потпреме на овие ветувања, особено во мигови кога сѐ ни се чини безнадежно.

**Кои Божји ветувања сега можете да ги барате за себе? Зошто е важно никогаш да не се откажуваме да се повикуваме на овие ветувања? (Впрочем, ако се откажеме, што друго ни останува?)**

## ГОВОРОТ НА НЕЕМИЈА

Текстот во Неемија 1,11. кажува дека Неемија бил царски пехарник. Нам можеби таа работа може да ни се чини безначајна, но пехарниците биле луѓе со силно влијание, бидејќи имале постојан и директен пристап до царот. Пехарниците имале задача да ги пробаат пијалаците наменети за царот, за да спречат царот да се разболи или да биде убиен. Херодот истакнува дека Персијците многу ги ценеле пехарниците и ги сметале за високи службеници. На пример, пехарникот на асирскиот цар Асархадон бил едновремено и главен министер во царството. Така, Неемија заземал висока позиција во царството, и поради неговиот пристап до царот, се моли на Бога да го употреби во разговорот со царот за приликите во Јуда.

**Прочитајте: Неемија 2,18. Што се случило како резултат на молитвите и постењето на Неемија?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Молитвата била услишена во месецот Нисан, а тоа се паднало некаде во месец април 444 пр. н. е. Поминале четири месеци откако Ананија и Евреите му ја донеле вознемирувачката вест на Неемија за Ерусалим. Неемија се молел четири месеци и постел, и секој ден можело да изгледа како Бог да не одговора. Меѓутоа, времето на Божјето дејствување е секогаш совршено. Бог го подготвил царот да го сослуша Неемија и да даде поволен одговор.

Не било чест случај пехарниците во одреден период да бидат ослободени од своите задолженија за да станат управители во друга земја. Бог зборувал преку Неемија и извршил влијание на персискиот цар Артаксеркс I да го прогласи Неемија за управител на Јудеја. Спомнувањето на царицата укажува на тоа дека веројатно во прашање бил приватен настан, бидејќи не секогаш било обичај царицата да биде присутна на официјалните гозби. Неемија не го споменува Ерусалим веднаш, за да не создаде кај царот одредени предрасуди, туку упатува емотивна молба до царот за лично прашање. До мигот кога го спомнал посебното место, тој веќе го придобил царот.

**На кои начини забележуваме паралела меѓу положбата на Неемија на овој двор и Даниеловата позиција во Вавилон? Што кажува за карактерот на Неемија позитивното расположение на царот кон него?**

## ЗАМИНУВАЊЕТО НА НЕЕМИЈА

По Неемија царот испратил писма до Санавалат Оронецот и Товиј Амонецот, високи службеници во областа преку Реката, за да го подготват патот за тоа што Неемија треба да го оствари. Покрај тоа, царот му наредил на Асафа, чуварот на царевите шуми, да му обезбеди на Неемија дрва за обнова на градот, на ѕидовите и капиите на Храмот.

**Прочитајте го текстот Неемија 2,9.10. Што ни кажуваат овие стихови за противењето со коешто Неемија и Евреите всушност ќе се соочат?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Неемија дошол во Ерусалим околу 445/444 пр. н. е. Се чинело дека противењето се јавило дури и пред обидот на Неемија нешто да стори, бидејќи молбата била упатена до главарите и предизвикала проблеми. Иако Товиј е еврејско име кое значи „Господ е добар“ (неговиот син Јонатан, исто така, носи еврејско име „Господ е милостив“), служи како амонски управител. Според тоа, Ерусалим бил опкружен со непријатели. Тоа биле Санавалат, главарот на Самарија на север, Товиј, поглаварот на Амонците на исток и Гисем Арабјанецот (Неемија 2,18.19) на југ, кој завладеал над Едом и Моав. За жал, водачите во таа област го избегнувале Неемија, бидејќи тој бил заинтересиран за „благосостојбата“ на угнетените. Насилниците не се радуваат на доброто и среќата на оние кои ги застрашуваат.

Неемииното „доаѓање во Ерусалим со поддршка од војската, покажувало дека доаѓа поради некоја важна мисија. Тоа предизвикало љубомора кај незнабожечките племиња кои живееле во околината на градот и кои со честите напади и навреди го изразувале своето непријателство кон Евреите. Во тоа злодело посебно се истакнувале некои поглавари на тие племиња – Санавалат Оронецот, Товиј Амонецот и Гисем Арабјанецот. Овие поглавари од самиот почеток злонамерно ја набљудувале работата на Неемија и настојувале на секој начин да ги осуетат неговите планови и да го спречат неговото дело“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр 409; стр 635. оригинал).

**Кои други библиски извештаи покажуваат дека оние коишто Бог ги повикал да ја извршат Неговата волја се соочиле со противење? Изнесете го својот одговор во класата?**

## НЕЕМИИНАТА ПОДГОТОВКА ЗА РАБОТА

Без сомнение, Господ го повикал Неемија да ја изврши оваа задача и ќе му даде сè што му треба. Утврден во познавањето на Божјите ветувања и сигурноста на Божјиот повик, Неемија се зафатил со работа. Напредувал внимателно и со молитва. Со други зборови, иако знаел дека Бог е со него, тоа не го спречило да размислува за она што треба да го сработи.

**Прочитајте: Неемија 2,11-20. Што прави Неемија за да се подготви за планот за изградба на ѕидиштата?**

---

---

**Поука за водство:**

**Поука 1:** Неемија никому не му ги открива плановите „и никому не му кажав што ми ставил Бог на срце да направам за Ерусалим" (Неемија 2,12). Не само што не им зборува на непријателите, туку крие и од еврејските поглавари. Тој тргнува да извиди со цел да согледа што треба да се направи.

**Поука 2:** Пред да изнесе какви било подробности, Немија ја исполнува својата домашна задача и го планира сето она што треба да се сработи.

**Поука 3:** Кога зборува за задачата, Немија прво истакнува што сторил Бог до тој момент водејќи го овој потфат, а потоа ги цитира зборовите на царот. Пред да бара посветеност, тој дава охрабрување. Навистина може да се нарече чудо тоа што Евреите реагирале така позитивно и што одлучиле да градат и покрај отпорот на кој ќе наидат. Благодарение на молитвите на Неемија, Бог го подготвил не само царот, туку и еврејскиот народ, па затоа тие реагирале храбро и решително.

**Прочитајте го текстот Неемија 2,19.20. Што кажуваат овие стихови за верата на Неемија? Како текстовите 5. Мојсеева 7,9: Псалм 23,1-6. и 4. Мојсеева 23,19. можеби му помогнале на Неемија?**

---

Нашите разговори покажуваат кои сме навистина и во што всушност веруваме. Неемија се стреми да кажува охрабрувачки зборови. Тој не се плаши да го спомне Бога во сè што кажува и да го прослави, дури и тогаш кога луѓето се ругаат и му се потсмеваат. Иако Неемија знае дека непријателите чувствуваат презир кон нив, тој не ги ублажува зборовите ниту го изостава Бога од разговорите. Како Јосиф во Египет многу години порано, Неемија не се плаши да го возвиши Бог меѓу луѓето кои не веруваат во Него.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Размислувајте за главата „Човекот кој не пропуштил можност“, стр. 408-412; стр. 628-634. оригинал, од книгата на Елена Вајт *Пророци и цареви*.

Неемија бил човек на молитвата. „Неемија често го излевал своето срце пред Бога застапувајќи се за својот народ. Но сега, додека се молел, во неговата душа се родила една света намера. Решил, во случај да ја добие царевата согласност и потребните орудија и материјал, самиот да ја преземе задачата за обновување на ерусалимските ѕидишта и враќање на изгубената сила на Израел. Затоа се молел на Господа да го омилостиви царот за да може да го оствари овој план. ’Помогни му сега на Својот слуга, и направи да најдам милост пред овој човек”, се молел тој. Неемија чекал четири месеци да му се укаже соодветна можност да ја изнесе својата молба пред царот“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 406; стр. 629.630. оригинал)

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во одговорот што го дадовме на прашањето од отсекот за среда, што е тоа што покажува дека низ целата Библија – и Стариот и Новиот завет – оние кои се повикани од Бога се соочуваат со огромно противење? Всушност, што значи тоа дека во речиси секоја ситуација се соочуваат? Можеби би можеле да поставиме подобро прашање: Кои примери можете да ги наведете за луѓето коишто Бог ги повикал да ја вршат Неговата волја, а кои не се соочиле со противење? Што ни кажува одговорот на ова прашање за тоа дека не треба се обесхрабриме кога се соочуваме со големи пречки, дури и тогаш кога ја извршуваме Божјата волја, додека го остваруваме она што Господ го бара од нас?**

**2. Прочитајте Неемија 2,18. Што кажува овој стих за моќта на личното сведоштво и колку е важно да добиеме позитивен одговор каков што Неемија добил од своите сонародници Евреи?**

**3. Ни Ездра ни Неемија не можеле да постигнат ништо без помошта од царот. Со други зборови, овие Божји луѓе соработувале со незнабожечките политички власти. Кои поуки можеме да ги усвоиме од овој пример за тоа кога и како можеме ние, како Црква, да соработуваме со политичките власти, кои и да се во прашање? Во исто време, зошто црквата мора да биде многу внимателна додека го прави тоа?**

**4. Проучете ја во класата молитвата на Неемија (Неемија 1,1-11). Која поука можете да ја извлечете а може да ви помогне да ја продлабочите својата заедница со Бога? Што учи за покорувањето, признавањето и повикување на ветувањата?**

**Поука 3**
**12 - 18 октомври 2019**

# БОЖЈИ ПОВИК



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ездра 7,10; Неемија 1,1-11; Даниел 9,24-27; Даниел 8; Римјаните 8,28.29; Римјаните 9; 2. Мојсеева 3; 2. Мојсеева 4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Нека е благословен Господ, Бог на нашите предци, кој влеа во срцето на царот таква мисла да го прослави домот Господов што е во Ерусалим“ (Ездра 7,27).**

Дали Бог го повикува секој поединец да изврши посебна задача? Дали постојат одредени мерила кои некоја личност ја прават поспособена за одредена задача од другите? Дали овие мерила се различни во човечките очи отколку во Божјите? Повеќето од нас најверојатно би одговориле потврдно, особено на последните две прашања. Има моменти кога Бог нè подготвува за посебна задача преку образованието и искуството; во други прилики, Тој сака да служиме само затоа што сме кадри и понизни. Меѓутоа, не е секогаш лесно да се знае каков е Божјиот повик во нашиот живот, зар не? Сепак, постојат многу извештаи во Библијата за луѓе што Бог ги избрал за посебна обврска.

Интересно е тоа што Бог ги повикал Ездра и Неемија да извршат посебна должност: повторно да го изградат она што лежело во урнатини. Но, обновата во овој случај вклучувала различни задачи. Требало да го поведат израелскиот народ назад во Ерусалим и да го изградат и Храмот и градот. Во исто време, тие требало да го учат народот за Бога и првенствено да го упатуваат кон посветена заедница со Него. Исто така, требало да разговараат за Божјиот повик, и тоа за оној најважниот.

## ПОВИКОТ УПАТЕН ДО ЕЗДРА И НЕЕМИЈА

Би можеле да речеме дека Ездра бил избран од различни причини: 1) бил подготвен да тргне; 2) бил водач; 3) бил вешт книжевник и учител. Исто така, можеме да пронајдеме и други дополнителни причини. Меѓутоа, еден стих можеби на најдобар начин прикажува зошто на Ездра му била доверена оваа задача.

**Што кажува за Ездра текстот Ездра 7,10? Како можел Ездра да го „укрепи“ или „приготви“ своето срце да го истражува „Господовиот закон“ и тоа да го изврши?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Зборот „укрепи“ или „приготви“ на еврејски гласи *kun*. Овој збор може да се преведе како „приготви, цврсто приврзе, да се биде цврст, цврсто да се реши, да се биде постојан или непоколеблив“. Според тоа, правото значење на оваа изјава прави да гласи дека Ездра со своето срце се приврзал или со цело срце решил да го бара Бога.

По пристигнувањето во Ерусалим, Ездра покажал што значи да се биде посветен на Бога. Тринаесет години го поучувал народот за Божјата реч во Ерусалим. Можеби му се чинело дека не внел никаква промена во текот на тие тринаесет години, но на крајот, кога ѕидовите биле завршени, народот го повикал собранието – не затоа што некој ги присилувал на тоа, туку затоа што самите сакале. Божјата реч што ја слушнале од Ездра се вкоренила меѓу нив.

**Зошто бил избран Неемија? Прочитајте го текстот Неемија 1,1-11.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Неемија му го посветил своето срце на Бога и на народот. Тој бил загрижен кога дознал дека работата во Ерусалим била прекината. Негувал љубов кон тоа дело и, како и Ездра, доброволно пристапил кон таа работа. Бог ги слушнал нивните молитви и желби. Понекогаш ни се јавува мисла дека, ако нешто сакаме, тоа сигурно не е од Бога, бидејќи Бог ќе ни даде само тешки должности кои можеби нема да сакаме да ги извршиме. Меѓутоа, ако одиме со Бога, Тој често ни дарува желба да го направиме она што го сакаме. Бог сака да негуваме жар кон она што го правиме за Него.

**На кои начини сте ја доживеале реалноста дека Бог ве повикува да го направите за Него она што го сакате?**

# ПРОРОЧКО ВРЕМЕ

Во првата лекција од ова тримесечје проучувавме за тоа како Бог ги повикал Зоровавела (околу 538. г. пр. н. е) и Ездра (457. г. пр. н. е.) во посебна служба. Во втората лекција, размислувавме за Божјиот повик упатен до Неемија (444 г. пр. н. е.). Треба да сфатиме дека овие повици биле упатени во согласност со Божјето предзнаење. На пример, Зоровавел бил поттикнат од Бога да изврши посебна задача, како одговор на крајот на 70-те години заробеништво за кои пророкувал Еремија.

**Во која година Ездра бил повикан во служба? Тоа било во истата година во која царот Артаксеркс го издал својот декрет. Зошто таа година е значајна за пророштвото? Види: Даниел 9,24-27.**

___

Текстот Даниел 9,25 вели дека „од времето кога излезе законот за обновување на Ерусалим, до доаѓањето на Помазаникот Божји се седум седмици“. Последната седмица од ова пророштво се спомнува во 27. стих. Бидејќи една седмица има седум дена, пророчката седмица одговара на период од 7 години (4. Мојсеева 14,34; Езекиел 4,5.6). Според тоа, ова пророштво зборува за 70 седмици, што одговара на период од 490 години. Прашањето на кое мораме да одговориме е *Која е појдовната точка на пророштвото за 70 седмици?* Во текстот се наведува дека во прашање е времето кога се издава декретот повторно да се изгради Ерусалим.

Вкупно три декрети биле прогласени во врска со враќањето на еврејскиот народ. Кир, Дариј и Артаксеркс издале заповед за враќање. Меѓутоа, само онаа на Артаксеркс ја опфаќа грижата за самиот град Ерусалим, и само тој декрет е поврзан само со славењето на Бога за Неговото делување (Ездра 7,27.28).

Почетокот на пророштвото за 70 седмици се пресметува од 457 г. пр. н. е., седмата година од владеењето на царот Артаксеркс I, како што е споменато во текстот Ездра 7,7-26. Потоа, бидејќи 457 г. пр. н. е. е исто така почеток на пророштвото за 2300 денови и ноќи од текстот Даниел 8,14 (види го отсекот за вторник), овој декрет претставува појдовна точка и за двете пророштва. Седумдесетте седмици завршуваат во 34. година, кога проповедањето на Евангелието се проширило и Евангелието било однесено и меѓу незнабошците (обележано со прогонство на Раната црква и со маченичката смрт на Стефан). Средината на последната седмица ја претставува 31. година, кога Исус умрел на крстот.

**Проучете го пророштвото во Даниел 9,9-27. Како тоа, со неверојатна точност, ни ја открива службата на Исус? На кои сè начини ова пророштво ни помага да ја зајакнеме нашата вера?**

# СЕДУМДЕСЕТ СЕДМИЦИ И 2300 ДЕНОВИ

Зборот „определени“ кој се наоѓа во текстот Даниел 9,24: „Седумдесет седмици се определени“ буквално значи „седумдесет седмици се отсечени“. Иако зборот преведен како „определени“ не се користи на друго место во Библијата, се наоѓа во еврејската литература, и значи „одвоено, отсечено“ од нешто што е подолго. Бидејќи во 8. глава од Книгата на пророк Даниел е покажано пророштвото за 2300 години, чија почетна точка не е дадена во оваа глава, логично следува дека, кога следната глава (Даниел 9) зборува за 490 години, кои се „одредени“ или „отсечени“, тие можат да бидат „отсечени“ само од 2300 пророчки години кои се спомнати во претходната глава. Впрочем, од што може да биде „отсечен“ овој период освен од другото, подолго, временско пророштво?

**Прочитајте Даниел 8 глава. Кој дел од видението е објаснет (видете посебно Даниел 8,14.26.27)?**

---

Постојат многу причини зошто пророштвото за 70 седмици од текстот Даниел 9,24-27. и пророштвото за 2300 денови и ноќи од Даниел 8,14 се поврзани: 1) двете пророштва се временски; 2) посебните изрази „видение“ и „знае, разбере“ ги поврзуваат заедно (Даниел 8,26.27; Даниел 9,23); 3) и двете толкувања на пророштвата се дадени од Гаврил (види: Даниел 8,16; 9,21); 4) единствен дел од видението, кој не е објаснет во 8. глава во книгата на пророк Даниел, е видението за 2300 вечери и утра (понекогаш се преведува како „денови“) од текстот Даниел 8,14; 5) Даниел 8 глава содржи видение, а потоа негово делумно толкување, додека во 9. глава од книгата на пророк Даниел е дадено само толкување, во овој случај толкувањето на еден дел од Даниел 8, кој не е протолкуван – а тоа е пророштвото за 2300 денови во Даниел 8,14, единствениот дел од видението кое Даниел не го разбрал (види: Даниел 8,27).

Подробностите откриени во книгата на Ездра ги пополнуваат деловите на пророчките предвидувања кои недостасуваат во Книгата на пророк Даниел: имено, кога во историска смисла ќе почнеме пресметување на пророчкото време во врска со клучните видови на Христовата служба и дела во наша полза.



## БОЖЈИ ИЗБОР

Многу се зборува за тоа дека Бог нè бира да направиме нешто. Многумина имаат различни идеи за тоа што претставува тој избор. Што кажува Библијата за овој избор?

**Прочитајте го текстот Римјаните 8,28.29. На што нè повикува Бог? За што нè бира?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Овој текст посебно кажува дека Бог ги предодредил луѓето да бидат еднакви на ликот на Неговиот Син. Текстот не кажува дека Бог предодредува да бидеме спасени или осудени, или дека немаме право на избор кога станува збор за ова прашање. Со други зборови, изборот се однесува на нашата промена. Треба да се промениме за да го одразуваме Божјиот Син. Ова преобразување е ветено во следниот стих (Римјаните 8,30), во кој Павле, писателот на ова послание, изјавува дека оние што Бог ги повикува, исто така и ги оправдува (ги прави праведни) и ги прославува (посветува). Според тоа, не сме оставени да се менуваме сами, туку Бог ни ветува дека ќе изврши промена со својата сила.

**Прочитајте Римјаните 8,28.29. Каков облик на Божји избор или повик е опишан во оваа глава?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во 9. глава на посланието до Римјаните, апостол Павле зборува за Божјиот избор за посебна задача. Израелците биле избрани да му ја однесат на светот добрата вест за Бога. Текстот „Јаков го возљубив, а Исав го намразив“ (Римјаните 9,13) обично погрешно се разбира во смисла дека Бог го сакал само едниот од браќата. Меѓутоа, Павле во овој текст кажува дека Јаков бил избран, а Исав не бил. За што бил избран Јаков? Да биде татко на израелскиот народ. Затоа, постојат два вида на избор/бирање што Бог ги прави. Прво, Бог го избира секој од нас за спасение и сака да бидеме преобразени според Исусовиот лик. Второ, Бог бира различни луѓе за посебни должности.

**Зошто охрабрува тоа што знаеме дека сме предодредени за спасение? Меѓутоа, зошто ова не значи дека нашите одлуки не можат да влијаат на губење на спасението што Бог ни го нуди?**

## НАШАТА ОДГОВОРНОСТ

Ако Бог нѐ повикал, ние сѐ уште имаме слобода на избор да го прифатиме или отфрлиме тој повик, како што имаме слобода на избор во прифаќањето или одбивањето на спасението коешто Тој ни го нуди на сите нас. Тој може да нѐ стави во одредена положба, но можеме да избереме да не ги следиме Неговите налози. Да, Тој сака да извршиме одредено дело за Него, исто толку колку што нѐ повикува да бидеме слични на Него. Божјиот избор да оствариме посебна задача е дел од Неговиот план за нашето спасение. Извршувајќи го она на што Тој нѐ повикал, во нашиот живот ја откриваме реалноста на спасението што ни го дал.

Саул бил назначен за цар. За жал, тој никогаш не му го предал своето срце на Бога, и покрај укажаната доверба да ја оствари одредената должност. Само затоа што некој е повикан од Бога да направи нешто посебно за Него, не значи дека таа личност ќе го прифати Бога. Нашата слободна волја останува решавачки фактор и ако не го следиме Божјето водство, можеме да изгубиме сѐ.

**Прочитајте: 3. Мојсеева 3 и 4. Што можеме да научиме од овие глави за тоа што се случува кога Господ ќе повика некој да изврши одредена задача?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Нашиот одговор може да биде сличен на оној на Ездра и Неемија, кои тргнале без да поставуваат прашања, или би можеле да бидеме како Мојсеј, кој приговарал и се оправдувал. На крајот, Мојсеј тргнал, но не без настојување тоа да го избегне. Тој приговарал тврдејќи дека не е доволно добар, дека е безначаен, дека не зазема важна позиција. Се прашувал како фараонот воопшто ќе го сослуша. Тој исто така бил загрижен дека еврејскиот народ нема да му верува или да го послуша, и дека работата ќе биде залудна. Покрај тоа, се пожалил дека не е оспособен – „јас тешко зборувам и тепкам“ (2. Мојсеева 4,10) – и дека ги нема потребните вештини. На крајот, тој отворено барал Бог да испрати некој друг. Сепак, додека го читаме извештајот за Мојсеја, дознаваме колку силен лидер станал, иако правел грешки. Тој верно ја извршувал должноста на која Господ го повикал.

**Кои оправдувања обично ги наоѓаме, а нѐ спречуваат да го правиме она за кое знаеме дека Господ сака да го направиме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги внимателно следните страници во книгата на Елена Вајт *Пророци и цареви* во врска со пророштвото за 70 седмици и неговото историско исполнување, стр. 454-456; стр. 697-699. оригинал.

„Времето на Христовото доаѓање, неговото помазание со Светиот Дух, неговата смрт и изнесувањето на евангелието пред незнабошците, биле точно истакнати. Разбирањето на овие пророштва и препознавањето на нивното исполнување во Исусовата мисија било предимство на еврејскиот народ. Христос на своите ученици им ја предочил важноста на проучувањето на пророштвата. Повикувајќи се на пророштвото дадено на Даниел за нивното време, Тој рекол: 'Кој чита, нека сфати' (Матеј 24,15). По своето воскресение, Исус, 'следејќи ги сите пророци', им го објаснил на учениците она 'што се однесуваше на него во сите Писма' (Лука 24,27). Спасителот зборувал преку сите пророци. 'Христовиот Дух - кој беше во нив - однапред му ги навестуваше на Христа страдањата и славата по нив' (1. Петрово 1,11)" (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 186; стр. 234. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте повеќе за тоа дека Бог ве повикува да направите нешто што сакате да го направите. Кои начела можете да ги следите за да знаете дека ја творите Божјата волја, а не само кога го правите она што го сакате, туку воопштено?**

**2. Прочитајте го извештајот за Јона и за тоа како одговорил на Божјиот повик во својот живот. Кои поуки можеме да ги извлечеме од неговото искуство? Во исто време, споредете што направил Јона а што Павле кога Господ ги повикал (Види: Дела 9,1-20) Кои биле главните разлики меѓу нив?**

**3. „Историјата на Јуда прикажува жалосен крај на еден живот што може да биде полн со чест пред Бога. Кога Јуда би умрел пред своето последно патување во Ерусалим, би се сметал за човек достоен за место меѓу дванаесеттемина и за оној што многу би им недостигал" (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр 618; стр 716. оригинал). Размислете за овој извештај за Јуда Искариотски. Дали неговиот „повик" бил да го предаде Исуса? Ако е така, колку би било чесно тоа кон него? Како можеме да го разбереме Јуда и можностите што ги имал во споредба со она што го направил на крајот? Какви поуки можеме да усвоиме од неговото искуство за силата на слободата на избор во својот живот?**

**Поука 4**
**Од 19 – 25 октомври 2019**

# СООЧУВАЊЕ СО ПРОТИВЕЊЕ





**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ездра 4,1-5; 2. Коринќаните 6,14; Ездра 5,1-5; Агеј 1; Ездра 4,6-24; Неемија 4; Неемија 6,1-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но окото на нивниот Бог беше врз старешините јудејски, и тие не им се заканија, додека работата не отиде до Дариј, и додека не дојде писмено решение за таа работа“ (Ездра 5,5).**

Текстот од 3. до 6. глава од Книгата на Ездра составен е тематски и вклучува различни историски периоди во кои е даван отпор околу изградбата на Храмот. Препознавањето на овој тематски пристап ќе ни помогне да ја објасниме целата порака.

Ездра за првпат се споменува по име во текстот Ездра 7,1. Со неговото доаѓање во 457 г. пр. н. е. приликите се промениле. Градот Ерусалим и неговите ѕидишта почнале да се градат со прекини. Тринаесет години подоцна, Неемија дошол (испратен од царот Артаксеркс во 444 г. пр. н. е.) и изградбата на ѕидот конечно продолжила. Иако имало силно противење, работата била завршена за 52 дена (Неемија 6,15).

Отпорот кон Божјето дело е тема којашто преовладува во книгата на Ездра и Неемија; затоа, не е чудно што обновата на Храмот и Ерусалим предизвикала противење и прогонство. Каде и да се свртиме во денешниот свет, Господовото дело наидува на отпор. Сатаната настојува Евангелието да не се шири брзо, бидејќи ја загрозува неговата власт. Како Евреите се избориле со противењата во книгата на Ездра и Неемија?

## ПОЧЕТОК НА ПРОТИВЕЊЕТО

**Прочитајте го текстот Ездра 4,1-5. Што мислите зошто израелскиот остаток ја одбил помошта на другите народи при изградбата на Храмот?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Веројатно се чинело дека станува збор за пријателски предлог на соседите, па зошто би одбиле помош? Одговорот делумно го наоѓаме во самиот текст. „Непријателите“ дошле да им понудат помош. Непријателите? Токму тоа дава силно навестување зошто Израелците реагирале на овој начин.

Зошто овие луѓе се наречени „непријатели“? Текстот во 2. Царевите 17,24-41. објаснува дека овие луѓе биле донесени од други народи во Самарија и од околните области откако Израелците од Северното царство биле протерани. Асирскиот цар им испратил свештеници, кои требало да ги поучат како да му служат на богот на таа земја: односно на Израелевиот Бог. Меѓутоа, настанатата религија ги вклучувала и хананските богови. Затоа израелскиот остаток стравувал дека оваа религија ќе биде воведена во нивното богослужение во Храмот. Оттука, најдобрата и најмудра постапка што ја направиле е токму тогаш кога рекле: „Не, благодарам“.

Исто така, не смееме да заборавиме зошто сето тоа воопшто се случило. Постојаниот компромис на нивните предци со незнабожечките верувања од нивното окружување довело до уништување на Храмот како и до нивно прогонство. Во самиот процес на обновување на Храмот, последно нешто што сакале да направат е да стапат во тесна заедница со околните народи.

**Што друго во овие текстови покажува зошто одбивањето на помошта била правилна одлука? (Види: Ездра 4,4.5)**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

**Размислите за тоа колку лесно можеле да го оправдаат прифаќањето на оваа помош. Што кажува за ова стихот 2. Коринќаните 6,14?**

## ПРОРОЦИТЕ УПАТУВААТ ОХРАБРУВАЊЕ

За жал, противењето на околните народи на кое наишле Евреите, како што е опишано во текстот Ездра 4-6, разбудило страв во нив и ја разнишало подготвеноста да работат на изградбата на Храмот.

Како што споменавме порано, текстот Ездра 4,6–6,22. не е напишан по хронолошки редослед. Значи, ќе ја разгледаме петтата глава пред четвртата.

**Прочитајте: Ездра 5,1-5. Зошто Бог им ги испратил на Евреите пророците Агеј и Захарија? Каков е резултатот од нивното пророкување?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Евреите престанале да градат, бидејќи се исплашиле. Меѓутоа, Бог ги испратил во Јуда за повторно да го изградат Храмот и градот. Тој имал конкретен план во врска со тоа. Бидејќи се исплашиле, морал да стори нешто за да ги охрабри. Затоа повикал двајца пророци. Човечкото противење не го спречува Бога; дури и самите Евреи со своите постапки да придонесле за ова противење, Бог не ги напуштил. Тој дејствувал преку пророците за да ги вдахне и да ги поттикне да ја продолжат работата.

**Прочитајте: Агеј 1 глава. Која порака е упатена до нив и што можеме да научиме од овој текст за самите нас?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

„Пророците Агеј и Захарија се појавиле за да се спротивстават на кризата. Преку охрабрителни сведоштва, овие избрани гласници му ја откриле на народот причината за неволјите. Пророците објавувале дека неуспехот во земските работи се должи на тоа што Божјите интереси не се ставаат на прво место. Кога Изралеците би го прославиле Бога, кога би му ја укажале должната почит и чест да се посветат на обнова на Неговиот Храм, тие би ја имале Неговата помош и благослов“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 371; стр. 573.574. оригинал).

# ПРЕКИН ВО РАБОТАТА

**Според стиховите Ездра 4,6-24, што сториле „непријателите“ за да ги спречат работите во Ерусалим?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Народот на онаа земја“ испратил писма во кои ги обвинувал Евреите и нивната работа, прво на Дариј (Ездра 5, Ездра 6), потоа на царот Ксеркс (Асвир) како и на Артаксеркс. Тие сториле сѐ што е во нивна моќ за да се прекинат работите во Ерусалим.

Припадниците на околните народи тврделе дека, ако градот пак се изгради, царот ќе ја изгуби својата моќ над него, бидејќи Ерусалим во минатото секогаш бил место на бунт и проблеми. За жал, царот Артаксеркс поверувал дека Евреите граделе само затоа што сакаат да стекнат независност и со самото тоа да предизвикаат судири. Тој наредил работата да запре, а околните народи испратиле војници за да го спречат натамошното градење на градот. Оваа примена на сила ја прекинала работата за Бога.

**Прочитајте: Ездра 4,23.24. Зошто Евреите престанале да градат? Зар не знаеле дека Бог сака повторно да го изградат градот? Што им застанало на патот**?

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Очигледно е дека Евреите сфатиле дека Бог ги повикал повторно да го изградат градот и Храмот, но силното противење кај нив предизвикало страв. Можеби тие нашле оправдувања, како што се: „Сега, сигурно не е вистинското време”, или „Ако ова навистина Бог го бара од нас, Тој ќе најде начин да тоа да се оствари“, или „Можеби никогаш не требаше да се вратиме.“ Кога ќе наидеме на противење при извршувањето на она за кое веруваме дека Бог нѐ повикал да го направиме, склони сме да го доведеме во прашање Божјето водство и да се сомневаме во Него. Ние лесно можеме себеси да се увериме дека сме погрешиле. Стравот може да го парализира нашиот ум, а нашите мисли можат да се претворат во очај и беспомошност, наместо да се сосредоточиме на Божјата сила.

**Дали сте доживеале нешто слично, првично да бидете убедени дека Бог ве повикал да направите нешто, а потоа сте почнале да негувате сомнежи кога околностите станале тешки? (Сетете се, на пример, на Јован Крстителот) Што научивте од ова искуство?**

## НЕЕМИЈА ЈА ЗАПОЧНУВА РАБОТАТА (444 Г. ПР. Н. Е)

**Прочитајте: Неемија 4. Што сториле Евреите под водство на Неемија за да се спротивстават на противењето? Зошто било важно да се подготват за борба, а не да не прават ништо, верувајќи дека Бог ќе ги заштити**?

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

По периодот во кој работата ја започнувале и прекинувале, Евреите почнале повторно да работат. Му ги упатувале своите молитви на Бога, а Неемија одлучил да постави стража. Народот се менувал во смени дене и ноќе, со цел да биде подготвен за претстојните напади. Немија поставил и вооружени мажи околу ѕидот, така што секое семејство било спремно за борба. Покрај тоа, тој ги поделил момчињата во две групи, од кои едната работела, а другата држела оружје. Особено биле обезбедени оние што работеле на изградбата на ѕидиштата, бидејќи тие најмногу биле изложени на опасност. Секој од градителите држел меч со едната рака, а со другата редел тули/камења и малтер на ѕидот. Биле подготвени да се справат со пречките. Тие го извршиле својот дел; Бог го извршил останатиот. Верата на Неемија во Божјата заштита навистина вдахнува. Меѓутоа, тој не останал да си седи и да очекува сè да направи Бог. Се подготвиле најдобро што можеле, во согласност со нивните способности.

Двата текста: „Не плашете се од нив; спомнете си за Господ кој е величествен и влева страхопочит и бијте се за браќата свои, за синовите свои, за ќерките свои, за жените свои и за куќите свои“ (Неемија 4,14) и „нашиот Бог ќе се бори за нас“ (Неемија 4,20) се едни од најпоттикнувачките изјави во Библијата.

Евреите повторно морале да запрат со изградбата поради постојаните пречки, но овој пат, наместо да бидат совладани од страв, тие се држеле за ветувањето дека Бог ќе се бори за нив. Кога се соочуваме со противење поради Божјето име, поради нашите верувања и она на што Бог нè повикува, треба да се сетиме дека „нашиот Бог ќе се бори за нас“.

На крајот, Евреите сфатиле дека Господ бил нивна поткрепа во сето она што го правеле, а тоа им влеало храброст да продолжат со работата.

**Зошто е толку важно да знаеме дека она што го правиме е Божја волја? Затоа треба да си го поставиме ова важно прашање: *Како да знам дали она што го правам е Божја волја?***

## ДА СЕ ИЗВРШУВА „ГОЛЕМА РАБОТА“

**Прочитајте: Неемија 6,1-13. Зашто Неемија смета дека работата што ја извршувал во Ерусалим е „голема работа“ (Неемија 6,3)? Што во овој случај се заканувало да го спречи?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во 6. глава се опишани многу обиди да се загрози животот на Неемија. Санавалат и Гисем повеќе пати му испраќале порака на Неемија под изговор да се состанат. Меѓутоа, состанокот требало да се одржи во Ононската долина, која се наоѓала на непријателската територија, а тоа ја откривало вистинската намера на овој повик. Санавалат, Товија и Гисем гледаат можност да направат нешто, прилика која ќе трае само додека ѕидот не се заврши и портите не се затворат. Евреите ја имаат заштитата на персискиот цар, и затоа нивните непријатели не можат да ги покорат со отворен напад. Но, ако се ослободат од водачот, ќе го спречат натамошниот напредок, а можеби дури и да ги спречат Евреите засекогаш. Тие не се откажуваат. Иако Неемија не одговара, тие и понатаму се обидуваат. Сигурно Немија го вознемирува тоа што на секој чекор мора да се бори со попречувања. Сепак, тој ќе им ги каже следниве зборови: „Зафатен сум со голема работа“ (Неемија 6,3).

Според земските мерила Неемија вршел одлична работа како царев пехарник, а тоа била престижна професија, една од највлијателните во земјата каде што служел како советник на царот. Но, да се гради град кој бил во урнатини, кој немал некое очигледно земно значење? Тој тоа го нарекува голема работа? Неемија сметал дека работата за Бога е „голема“ и важна, зашто сфатил дека во прашање е честа на Божјето име.

Исто така, кога Бог ја вовел службата во Светилиштето, Тој го воспоставил и свештенството. За да го зачува Светилиштето свето и посебно во умот на народот, Тој само на свештениците им дозволил да извршуваат должности во Храмот. На нас самите, тешко ни е да ја согледаме Божјата светост; затоа Бог им осигурил помош на Израелците со тоа што со почит доаѓале во Неговото присуство. Неемија знаел дека просториите на Храмот се наменети за сите, но не и внатрешните простории. Според неговите зборови, во врска со состанокот во Храмот, Семај не само што се покажал како лажен пророк, предложувајќи нешто што е спротивно на Божјите упатства, туку и се разоткрил како предавник.

**На кои начини ние денес, кога нема земно Светилиште, можеме да бидеме свесни за Божјата светост? Како увидувањето на Божјата светост, спротивна на нашата грешност, нè доближува до крстот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните глави во книгата на Елена Вајт *Пророци и цареви*: „Градење на ерусалимските ѕидишта“, „Укор против изнудувањето и глобењето“ и „Сплетките на незнабошците“, стр. 413-429; стр. 635-660. оригинал.

„Градителите во времето на Неемија се соочиле со противење и заплашување, или од страна на непријателите или од лажните пријатели, а истото искуство ќе го доживеат и сите оние што денеска работат за Бога. За христијаните искушенија не претставуваат само гневот, презирот и свирепоста на непријателите, туку и рамнодушноста, непостојаноста, млакоста и подмолноста на лажните пријатели и помошници“ (Елен Вајт *Пророци и цареви*, стр. 418; стр. 644. оригинал).

„Во Немиината цврста преданост на Божјето дело и во неговото еднакво цврсто надевање во Бога може да се најде причината за неуспехот на неговите непријатели да го потчинат под своја власт. Небрежната личност станува лесен плен на искушенијата, но злото не може да најде живеалиште во животот на оној кој има благородна намера и кој се посветил на една цел. Не може да ослабне верата на оној човек кој постојано напредува, зашто тој насекаде ја препознава Бескрајната Љубов која прави сè за да се остварат Божјите возвишени намери. Вистинските Божји слуги работат со непопустлива решителност, бидејќи секогаш се потпираат на престолот на благодатта“ (Елена Вајт *Пророци и цареви*, стр. 429; стр. 660. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Ставете се на местото на Зоровавела, Исуса и другите водачи кога тие луѓе дошле да им понудат помош. Кога ќе погледнеме назад, ќе видиме дека овие постапиле правилно што не ја прифатиле нивната понуда. Како можеме ние, како христијани адвентисти, да знаеме кога треба а кога не треба да соработуваме со другите кои не се од нашата вера? Како да одлучиме дали е тоа правилно или погрешно? Кон кои мерила можеме да се придржуваме?**

**2. Во текот на библиската историја гледаме каква опасност се заканува ако направиме отстапки со светот кога е во прашање верата. Всушност, целокупната историја на древниот Израел, сè до ропството во Вавилон, била моќен пример на таков компромис. Во исто време, што се случува кога луѓето ќе отидат во крајност обидувајќи се да ја избегнат таа опасност? Кога Исус лично бил обвинет дека ја крши саботата (види Јован 9,14-16), немаме ли моќен пример дека оние што го обвинувале отишле во друга крајност? Како можеме да најдеме рамнотежа?**

**Поука 5**
**Од 26 октомври до 1 ноември 2019**

# КРШЕЊЕ НА ДУХОТ НА ЗАКОНОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Неемија 5,1-5; 2. Мојсеева 21,2-7; Михеј 6,8; Неемија 5,7-12; 5. Мојсеева 23,21-23; Неемија 5,14-19.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Вратете им ги уште денес нивните ниви, лозјата нивни и маслиновите градини нивни, и куќите нивни, и лихвата од среброто, житото, виното и маслото што сте го зеле од нив“ (Неемија 5,11).**

Како луѓе, до ден-денес се бориме со прашањето за богатството и сиромаштијата, за јазот меѓу богатите и сиромашните, и што може да се направи во врска со тоа. Да, Исус рекол дека „сиромасите ги имате секогаш покрај себе” (Матеј 26,11), но ова не е изговор за да не им помогнеме. Напротив, Писмото нè потсетува да го оствариме својот дел во укажувањето помош. Во спротивно, тешко можеме себеси да се наречеме христијани.

Интересно е и тоа што оваа тема се појавува среде неволјите и проблемите на повратниците при повторното градење на Ерусалим: не само темата за сиромаштијата и сиромашните, туку и за многу попроблематично прашање, кое се однесува на угнетувањето на сиромашните од страна на богатите. Овој проблем постоел и пред прогонството, и сега, кога се вратиле во својата земја, тој е повторно присутен.

Оваа седмица ќе согледаме уште една манифестација на оваа стара тема, како и постапките на Немија во обидите да се справи со сето тоа. Како што ќе видиме, она што го направило ова угнетување уште полошо е тоа што било направено во рамките на „словото на законот“, што е можен пример за тоа колку треба да внимаваме да не дозволиме правилата и прописите да станат цел сами за себе, наместо да бидат средство за целта да се постигне – а целта е да го одразуваме Христовиот карактер.

# НЕЗАДОВОЛСТВОТО НА НАРОДОТ

**Прочитајте: Неемија 5,1-5. Што се случува во овој текст? Зошто се кренала викотница кај народот?**

Еврејската заедница била обединета под водство на Неемија против надворешните притисоци. Меѓутоа, и кај самиот народ, кој се спротивставил на прогонството и се бранел од нападите на туѓите народи, не било сè во ред. И покрај надворешната цврстина и здружени напори против непријателот, заедницата однатре била слаба. Главарите и богатите ги користеле сиромашните и загрозените за своја корист. Приликите биле толку лоши што семејствата пекале за помош. Некои семејства говореле дека немаат храна за да ги прехранат своите деца; некои се жалеле дека го заложиле својот имот поради гладот и дека немаат ништо; други семејства офкале што морале да позајмуваат пари за да го исплатат персискиот данок, па дури и нивните деца станувале робови.

Се чини дека главни виновници за нивните неволји, кои ги натерале сиромашните семејства да бараат помош од своите соседи, биле гладот и плаќањето данок. Персиската влада барала данок од 350 таланти сребро годишно од провинцијата Јуда. Ако некое лице не можело да ја плати одредена сума задолжителен данок, семејството обично го заложувало својот имот или прво позајмувало пари. Меѓутоа, ако следната година не можело да заработи пари, тогаш морало да направи нешто во врска со тој долг. Обично следна опција било должничкото ропство. Тие веќе ја загубиле својата земја, а сега требало да испратат некои членови на семејството, обично децата, да им служат на заемодавателите за да го отплатат долгот.

Постојат моменти во животот кога нè снаоѓаат неволји поради последиците од нашите постапки; а има и моменти кога се разболуваме или наишла на нас финансиска криза, но не дошло до тоа поради наша грешка. Претходниот извештај зборува за времето кога власта му се заканувала на народот со својот начин на владеење, што довело до зголемување на сиромаштијата. Тие биле фатени во безизлезен вител на уште подлабока сиромаштија.

**Интересно е што луѓето тогаш, како и сега, се бореле со економско угнетување. Каква порака би требало да извлечеме од фактот дека за оваа тема Библијата често зборува?**

# ПРОТИВ ДУХОТ НА ЗАКОНОТ

**Прочитајте: Неемија 5,6-8. (Види, исто така: 2. Мојсеева 21,2-7). Зошто Неемија реагирал гневно?**

________________________________________________

________________________________________________

Колку и да ни е тешко денес да го разбереме тоа, ропството претставувало културолошка норма во стариот свет. Или родителот станувал роб или го продавал своето дете. И општествено и законски, родителите имале право да ги продаваат своите синови и ќерки. Меѓутоа, бидејќи на Бога му е својствено да дава слобода, Тој воспоставил таква практика во Израел според која заемодавците требало да ги ослободуваат своите робови секоја седма година. Така Бог ги заштитил луѓето од постојано ропство и ја покажал својата желба тие да бидат слободни.

Иако позајмувањето било дозволено со закон, немало наплаќање камата (за библиските прописи против зеленаштвото / каматниците /, видете: 2. Мојсеева 22,25-27; 3. Мојсеева 25,36.37; 5. Мојсеева 23,19. 20): сепак, каматата што ја наплатувале заемодавачите била мала во споредба со каматата што ја земале околните народи. Од нив се барало да платат 1 отсто секој месец. Во месопотамските текстови од седмиот век, се спомнува камата од 50 проценти за сребро и 100 проценти за жито годишно. Според тоа, 12 проценти камата годишно биле ниски во споредба со обичаите на земјите во Месопотамија. Сѐ на сѐ, според Божјата реч, единственото нешто што заемодавците правеле погрешно било тоа што им наплаќале камата (Неемија 5,10) и интересно е тоа што народот тоа воопшто и не го спомнал кога го изразил своето незадоволство. Сѐ друго било во рамките на општествените норми, како и во рамките на законските одредби. Зошто тогаш Неемија „многу се јадосал“? Извонредно е тоа што тој не реагира веднаш, но прво сериозно размислува за проблемот.

Фактот дека Неемија толку решително се занимава со овој проблем, е вреден за восхит. Тој не ја занемарува неправдата само затоа што со неа технички не се крши законот или е општествено прифатлива, дури и „добра“ во споредба со обичаите на другите земји. Во овој случај, прекрстапен бил духот на законот. Особено во време на економски неволји, луѓето биле должни да си помагаат едни на други. Бог е на страната на угнетуваните и неволните, и Тој морал да им наложи на пророците да зборуваат против злото и насилството што се вршело против сиромашните.

**На кои начини, дури и ненамерно, можеме да го следиме словото на законот а едновремено да го кршиме неговиот дух? (Види: Михеј 6,8)**

# ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА НЕЕМИЈА

Се чини дека укорот упатен до кнезовите и владетелите – „Вие земате лихва од браќата свои“ (Неемија 5,7) – не ги исполнил саканите резултати. Сепак, Неемија не запрел тука. Тој продолжил да се бори за угнетениот народ. Тој едноставно можел да каже дека се обидел да ги поучи кнезовите и владетелите, но дека тоа не вредело и дека бил принуден да се откаже. Впрочем, богатите и моќните во земјата биле тие на коишто тој им се спротивставил. Но, самиот не бил задоволен сѐ додека не го решил тој проблем, иако во своето настојување се здобил со моќни непријатели.

**Прочитајте: Неемија 5,7-12. Какви аргументи изнел Неемија против она што се случува? Со што ги уверува луѓето што е исправно а што не?**

___

___

Неемија свикува голем собир – сиот израелски народ се собрал за да го реши ова прашање. Тој, најверојатно, сметал на можноста дека водачите ќе бидат засрамени во присуство на целиот народ, можеби дури и исплашени за да продолжат со понатамошно угнетување.

Првото размислување на Неемија се однесува на ропството. Многу Евреи, меѓу кои веројатно бил и Неемија, купувале слобода за другите Евреи што им робувале на туѓинците. Тој сега ги прашува кнезовите и владетелите дали сметаат дека е прифатливо да ги купуваат или да ги продаваат своите сонародници. Дали има смисла Израелците да купуваат Евреи и да им дадат слобода за на крајот да станат робови на припадниците на својот народ?

Водачите не даваат никаков одговор, бидејќи сметаат дека ова размислување е разумно; затоа Неемија продолжува. Тој им го поставува прашањето: „Нели треба да одите во страв пред нашиот Бог за да го одбегнете потсмевот на народите, нашите непријатели“ (Неемија 5,9). Неемија потоа признава дека тој лично им позајмувал пари и жито на луѓето. Кога изјавил: „Да им го простиме тој долг“ (5,10), Неемија го потврдил законот што ја забранувал оваа практика во однос на сонародниците Евреи и покажал дека сака под негова управа припадниците на народот да се грижат еден за друг. Зачудува што сите дале едногодушен одговор. Водачите се согласиле сѐ да му вратат на народот.

**Дали некому сте му направиле нешто лошо? Повеќето од нас, ако сме искрени, ќе одговорат потврдно. Што ве спречува токму сега да го надоместите она што е потребно, во која било можна мера?**

## ЗАКЛЕТВА

**Прочитајте Неемија 5,12.13. Зошто Неемија изрекува проклетство против оние кои нема да го одржат својот дел од договорот?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Иако водачите се согласиле да го надоместат и да го вратат она што го одзеле, Неемија не бил задоволен само со збор. Потребен му бил цврст доказ; затоа тој се погрижил да дадат заклетва пред свештениците, а тоа направило постапката да стане законски правосилна, во случај подоцна да треба да се повика на тој договор.

Меѓутоа, зошто изговорил проклетство? Неемија врши симболичен чин собирајќи ја својата облека како нешто да држи во неа, а потоа ја тресе како знак дека изгубил нешто. Според тоа, оние што ќе ја прекршат оваа заклетва, ќе изгубат сè. Вообичаено било, со изрекување клетва над другите, да се нагласи важноста на одреден закон или пропис. Исто така, народот бил помалку склон да се спротивставува на Законот кога неговото кршење било поврзано со клетва. Неемија очигледно сметал дека тоа е толку важно прашање што постои потреба да стори нешто драстично за да ја зголеми веројатноста тоа да успее.

**Што можеме да научиме од следните текстови од Стариот Завет за тоа колку му била на овој народ важна светоста на заклетвата? (4. Мојсеева 30,2; 5. Мојсеева 23,21-23; Проповедник 5,4.5; 3. Мојсеева 19,12; 1. Мојсеева 26,31).**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Говорот е моќен дар што Бог им го дал на луѓето; и тој е крајно поинаков од она што им било дадено на животните. Сила лежи во нашите зборови, сила дури и за живот и за смрт. Затоа треба да бидеме мошне внимателни што кажуваме, што ветуваме дека ќе сториме и на што усно се обврзуваме. Исто така е важно и нашите дела да бидат во согласност со нашите зборови. Колку луѓе биле одбиени од христијанството поради оние чии зборови звучеле христијански, но чиишто дела не биле такви?

**Размислете колкаво влијание вршат вашите зборови врз другите. Како можеме да бидеме внимателни во врска со она што го кажуваме, каде го кажуваме и како го кажуваме?**

## ПРИМЕРОТ НА НЕЕМИЈА

**Прочитајте го текстот Неемија 5,14-19. Какви причини Неемија наведува за тоа што не бара „управителски данок“ (Неемија 5,18) од народот?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Неемија најверојатно го напишал извештајот забележан во овие стихови кога, по 12 години владеење со Јуда, се вратил во дворот на царот Артаксеркс. Иако управителите имале право да примаат приходи од своите поданици, Неемија никогаш не го барал ова право, туку тој самиот се издржувал. Не само што ги плаќал своите трошоци, туку се грижел и за своето семејство како и за целиот двор. Зоровавел, првиот управител, е единствениот друг управител чиешто име ни е познато. Кога Неемија вели „поранешните управители“, најверојатно упатува на оние што ја вршеле оваа должност меѓу Зоровавела и него. Како последица на таквото постапување, до моментот кога го завршил својот мандат, најверојатно останал без пари. Тој не стекнувал богатство, како што некој би очекувал од некоја личност на престижна позиција, но веројатно изгубил богатство и имот. Неемија бил богат, а тоа му овозможило секој ден да обезбедува храна за многу луѓе. Тој бил великодушен во обилното снабдување на другите (Неемија 5,17.18).

Иако не е исто како она што го сторил Авраам, откако ги спасил луѓето што ги заробиле околните народи (види: 1. Мојсеева 14 глава), она што Неемија го прави овде, секако, го открива истиот клучен принцип.

**Прочитајте: Неемија 5,19. Што кажува тој овде и како ги разбираме неговите зборови во смисла на Евангелието?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Она што го гледаме во искуството на Немија е пример на личност која го ставила Господа и Господовото дело над своите лични придобивки и предности. Тоа е добра поука за сите нас, без оглед на околностите во кои се наоѓаме. Лесно е да работиме за Господа кога таа работа не нѐ чини многу.

**Прочитајте го текстот Филипјаните 2,3-8. На кои сѐ начини, токму сега, во својот живот можете да ги покажете начелата на самооткажување, кои се прикажани во овој текст?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт *Пророци и цареви* прочитајте ја главата „Укор против изнудувањето и глобењето“, стр. 420-424; стр. 646-652. оригинал.

„Душата на Неемија се исполнила со горчина кога слушнал за ова страшно угнетување. ’Кога го слушнав нивното лелекање и тие зборови, многу се јадосав,” вели тој. Знаел дека мора цврсто да застане на страна на правдата ако сака да го укине тој суров обичај - продавање за долг. Енергичен и решителен, каков што бил, тој се впрегнал да ја олесни состојбата на своите браќа“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 421; стр. 648. оригинал).

„Исус продолжил да го изнесува начелото според кое станува јасно дека заклетвата е непотребна. Тој учи дека правата вистина мора да биде закон на нашите зборови. ’Но зборот ваш да биде: да, да; или, не, не, а сѐ што е повеќе од тоа, од лукавиот е’ (Матеј 5,37)“ (Елена Вајт, *Мисли од Горатта на блаженствата*, стр. 79; стр. 67. ориг.).

„Овие зборови ги осудуваат сите оние бесмислени изреки и поговорки кои се граничат со сквернавење на Божјето име. Тие ги осудуваат заводничките комплименти, избегнувањето на вистината, ласкавите зборови, претерувањето, трговските измами и сето она што е така вообичано во општеството и деловниот свет. Тие учат дека ниеден човек, кој се обидува себеси да се претстави поинаков од она што тој е или чии зборови не ги изразуваат вистинските чувства на неговото срце, не може да се нарече вистинољубив“ (Елена Вајт, *Мисли од Горатта на блаженствата*, стр. 79; стр. 68. ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто себичноста лежи во срцевината на човечките проблеми, кога станува збор за паричните средства и меѓучовечките односи?**

**2. Како може Божјиот народ да ја избегне алчноста? Која е Божјата одредба против алчноста? Проучи ги следниве текстови: Исаија 58,3-12; Михеј 6,6-8.**

**3. Размислувајте повеќе за дарот на говорот и моќта на нашите зборови. Што значи текстот во Јован 1.1.2. кога Исус се нарекува „Словото“ или „Речта“? Како тоа ни помага да ја разбереме важноста на зборовите и нивното значење?**

**4. Неверојатно е што Исус пред неколку илјади години рекол дека секогаш ќе има сиромашни меѓу нас. Исто така, упатена ни е и опомена да им помагаме на оние кои се во неволја. Како овие две мисли се вклопуваат кога треба да ги вдахнат христијаните да работат за оние кои имаат помалку среќа?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 6**
**Од 2 - 8 ноември 2019**

# ЧИТАЊЕ НА РЕЧТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Неемија 8,1-8; 5. Мојсеева 31,9-13; Матеј 17,5; Дела 8,26-38; Неемија 8,9-12; 3. Мојсеева 23,39-43.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И читаа разбирливо од книгите, од Законот Божји, и даваа толкување, и народот го разбираше прочитаното“ (Неемија 8,8).**

Ерусалимскиот ѕид бил завршен. Израелците ја довршиле главната задача со поставување на капија, под водство на Неемија. Кога изградбата На ѕидот бил завршен, околните народи се исплашиле и препознале „дека таа работа е извршена од нашиот Бог“ (Неемија 6,16). Непријателите сфатиле дека израелскиот Бог е вистински Бог, бидејќи, и покрај огромното противење и омраза што ги доживеале, сепак ја довршиле започнатата работа.

По завршувањето на ѕидот, Неемија назначил управител над Ерусалим (својот брат Ананија) и заповедник на градот (Ананија). И двајцата биле избрани врз основа на тоа што биле чесни луѓе, луѓе од доверба и полни со почит кон Бога (Неемија 7,2), а не според родослов. Ѕидот бил завршен во текот на месецот Елул (шестиот месец; Неемија 6,15).

Која била следна работа што требало да се изврши? Следните глави од Книгата на Неемија (Неемија 8-10) опишуваат важна низа од настани во месецот Тишри, седмиот месец (Неемија 8,2). Во овие текстови ќе видиме како Израеловите деца биле решени да ја послушаат Божјата реч и како ѝ се радувале.

## СОБИРАЊЕ НА НАРОДОТ

**Прочитајте го текстот во Неемија 8,1.2. Што кажува овој текст за тоа колку е важна Божјата реч за народот?**

Кога Евреите конечно го изградиле ѕидот и се преселиле во Ерусалим, во седмиот месец сите се собрале на ерусалимскиот отворен плоштад. Седмиот месец, месецот Тишри, бил можеби најважниот месец за Израелците, бидејќи бил посветен на Празникот на трубите (подготовка за Божјиот суд, првиот ден од месецот), Денот на помирување (денот на судот, десеттиот ден од месецот) и Празникот сеници (сеќавање на Божјето ослободување од Египет и Неговата грижа за време на патувањето во пустината, петнаесеттиот ден во месецот). Собирот се одржал во првиот ден од месецот, кога се славел Празникот на трубите. Главарите го повикале народот на овој посебен собир, за да му даде прилика, преку читање на Законот да научи повеќе за својот Бог и за својата историја.

Народот го повикал Ездра да ја донесе Мојсеевата книга на Законот пред нив и да им чита. Тие за оваа пригода направиле дури и бина, говорница. Водачите не ја принудиле заедницата да го стори тоа. Напротив, „тие“, народот, му рекле на Еседра да ја донесе Книгата. Најверојатно е дека Ездра читал од Мојсеевите книги, во кои бил вклучен Законот што му бил даден на Мојсеја на гората Синај.

**Прочитајте ги стиховите во 5. Мојсеева 31,9-13. Што им кажал Господ на тоа место и какви поуки можеме да извлечеме за себе?**

Во стиховите 5. Мојсеева 31,9-13. Мојсеј им рекол на Израелците да се соберат за време на празникот Сеници и да го читаат Божјиот закон заедно. Се спомнало и тоа дека треба да се соберат различни групи на луѓе: мажите, жените, децата и странците кои живеат во градот.

**Стихот Неемија 8,1. кажува дека се собрале „самостојно“. Што ни кажува ова за важноста на единството меѓу верниците кои претставуваат едно тело?**

## ЧИТАЊЕ И СЛУШАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Ездра „ја донесе книгата на Мојсеевиот закон“ да ја чита пред собранието. Што прочитал? Само повторување на Десетте заповеди во текот на половина ден? Упатувањето на Книгата на Законот треба да се сфати како упатување на петте Мојсееви книги, од 1. Мојсеева до Повторени Закони, познати како еврејска Тора. Изразот „закон“, според тоа, претставува само дел од она што било опфатено со читањето; би било подобро да се преведе како „упатства“. Ова се Божјите упатства кои нè оспособуваат да ја запознаеме патеката по која треба да одиме за да не ја промашиме целта. Додека Ездра читал, народот слушал за својата историја како Божји народ, почнувајќи од создавањето па до времето на Исус Навин. Преку извештаите, песните, поемите, благословите и законите, тие се сеќавале на борбите што ги доживувале следејќи го Бога и Божјата верност кон нив. Тората го опфаќа „законот“, но претставува и повеќе од тоа; ја обединува историјата на Божјиот народ, а посебно укажува на Божјето водство. Според тоа, таа ѝ ги открила на заедницата нејзините корени и идентитетот.

**Прочитајте ги следните текстови: Неемија 8,3; 5. Мојсеева 4,1; 5. Мојсеева 6,3.4; Исус Навин 1,8; Псалм 1,2; Мудри изреки 19,20; Езекиел 37,4; Матеј 17,5. Што учат овие стихови за тоа како треба да се однесуваме кон Божјата Реч?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Желбата на народот да ја чуе Божјата реч најверојатно било резултат на читањето и учењето на Ездра од Речта, откако пред околу тринаесет години дошол во Ерусалим. Тој бил посветен на Божјето дело и решил да направи одредени промени. Божјата реч станала вистинска за народот, кога го слушале Ездра. Како резултат на тоа, тие донеле свесна одлука да слушаат и да сослушаат бидејќи биле заинтересирани да го чујат она што Бог сака да им го каже. Затоа во оваа прилика тие пристапиле кон Тората со почит и желба да учат.

Кога нашите мисли ги исполнуваме со Речта, ние повеќе копнееме за Бога во нашиот живот.

**Како се однесувате кон Божјата реч? Со други зборови, иако тврдите дека верувате во неа, како тие тврдења се пројавуваат во вашиот живот, во смисла на настојувањата да го држите она што таа го учи? Колку би бил поинаков вашиот живот кога не би биле послушни на Библијата?**

## ЧИТАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ НА РЕЧТА

**Прочитајте ги стиховите во Неемија 8,4-8. Како се вршело читањето на Законот?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

За време на читањето имало две групи по 13 луѓе, кои стоеле веднаш до Ездра. Првата група (Неемија 8,4) помагала при читањето на Божјата реч, додека другата група од 13 луѓе (Неемија 8,7) помагала околу разбирањето на текстовите. Не ни се познати подробностите за тоа како се одвивала оваа програма на отворениот плоштад; меѓутоа, можно е Тората да ја придржувале луѓето што помагале при читањето (еврејските свитоци биле тешки и требало некој друг да ги одмотува), а воедно и читале од неа по ред, менувајќи се еден со друг. Откако читале од утро до пладне, нашле начин да допрат до сите на плоштадот.

Изразите „даваа толкување“ и „го разбираа прочитаното“ (Неемија 8,8) можат да се однесуваат или на толкувањето или на преводот на текстовите. Во овој случај можело да биде и едното и другото. Народот се вратил од Вавилон, каде што живеел многу години, и нивниот прв јазик бил арамејскиот. Затоа, на многумина не им било лесно да го разберат читањето на еврејски, особено на помладите генерации. Во исто време, оние што ја читале Библијата можеле да имаат полза од објаснувањата и коментарите. Проповедањето и објаснувањето го оживува текстот и ги охрабрува слушателите лично да го применат она што го сознаваат.

**Прочитајте: Дела 8,26-38. Кој настан потсетува на она што се случило во Ерусалим во претходните текстови? Какви поуки наоѓаме овде за нас?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Како протестанти, сфаќаме дека секој верник мора поединечно да ја познава Божјата реч за себе, и дека ние не треба слепо да прифаќаме нечии зборови за библиската вистина, без оглед на нивниот авторитет. Во исто време, зар сите ние не сме примиле благослови кога некој ни го објаснил значењето на одреден текст? Секој од нас треба да знае во што верува, но тоа не значи дека понекогаш не можеме да бидеме поучени од учењата на другите?

## ОДГОВОРОТ НА НАРОДОТ

Кога Ездра ја отворил Божјата реч, Тората, народот станал. Пред да почне да чита, Ездра го благословил Бога. По читањето, народот едногласно одговорил: „Амин, Амин!“ (Неемија 8,5.6), подигајќи ги рацете кон небото. Потоа ги наведнале своите глави и му се поклониле на Бога со лицето до земја.

**Прочитајте: Неемија 8,9-12. Зошто водачите му рекле на народот „не тажете и не плачете“?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

„Значи, во подоцнежните години, кога Божјиот закон бил прочитан во Ерусалим, заробениците, кои се вратиле од Вавилон, и кога народот плачел поради своите престапи, биле изговорени овие пријатни зборови: „Не плачете...’Одете, јадете добри јадења и пијте добри пијалаци, и испратете им и на оние што немаат приготвено, зашто овој ден е свет пред нашиот Господ. Не тажете, зашто радоста пред Господ е поткрепа за вас’ (Неемија 8,9,10)“ (Елен Вајт, *Во потрага по подобар живот,* стр. 168,169, стр. 281. оригинал).

Додека народот ги слушал Божјите зборови, станал свесен за својата грешност и почнал да плаче. Кога Бог ни се открива и почнуваме да сфаќаме дека Бог е полн со љубов, добрина, милост и верност, нашата недостојност и неуспех да бидеме она што треба да бидеме избива во прв план. Согледувањето на Божјата светост преку Неговата реч нѐ поттикнува својата ужасна состојба да ја согледаме во нова светлина. Ова сфаќање влијаело на израелскиот народ да плаче и да тажи, но не требало да тагува зашто „радоста пред Господ е поткрепа за вас“ (Неемија 8,10). Со други зборови, и покрај падот, тие можеле да се потпрат на Божјата сила.

Ова е едновремено и посебен ден, свет ден, Празник на трубите (Рош Хашана), во кој кратко дување во трубите ја означувало важноста од подготовка на „срцето“ за Господовиот суд (Денот на помирување, кој се славел на десеттиот ден од месецот Тишри). Дувањето во труби било повик да застанат пред Бога и да се покаат. Бидејќи денот бил одреден да го потсети народот да се сврти кон Бога, плачењето и тагата се подразбирале. Меѓутоа, водачите ги потсетиле дека Бог ги чул кога се покајале, и според тоа, настапило време да му се радуваат на Божјето проштавање.

**Поради гревот Исус отишол на крстот, бидејќи тоа бил единствениот начин да се реши проблемот со гревот а нам да ни биде дадена надеж. Што ни кажува ова, колку е гревот лош?**

## „РАДОСТА ПРЕД ГОСПОДА“

Текстот: „Зашто радоста пред Господа е поткрепа за вас“ (Неемија 8,10) служи како потсетник дека Божја волја е да се радуваме и да уживаме во животот. Не станува збор за каква било радост, туку за радоста што доаѓа оттаму што го познаваме Бога и знаеме дека Неговата љубов е стварна. Да уживаме во Бога и во Неговата добрина, да се радуваме на сето она што ни го дал Бог е нешто што треба да се трудиме да го правиме секој ден. И уште повеќе, уживањето во Бога ни дава сила да се соочиме со денот и да се избориме со сè што стои на нашиот пат.

**Прочитајте го текстот Неемија 8,13-18. Што се случува овде и што ни кажува за народот и за неговите водачи во тоа време?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Следниот ден водачите на народот дошле кај Ездра за да научат повеќе од Божјата книга. Овој чекор што го презеле водачите ја покажал нивната желба да ја водат заедницата кон Бога. Тие сфатиле дека нема да го водат народот по вистинскиот пат ако самите лично не Го бараат Бога и не побараат знаење од Него.

**Прочитајте: 3. Мојсеева 23,39-43. Што им било заповедано на Израелците да сторат и зошто?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Забележете дека стихот Неемија 8,15 се однесува на фактот дека тие го твореле она што било „запишано“. Тука гледаме уште еден пример за тоа колку сериозно сега сакале да ја послушаат Божјата реч, бидејќи по неколкудецениското ропство ја научиле лекцијата за непослушноста. Исто така, според стиховите од 3. Мојсеева требало да го прослават празникот, и да се „веселат пред Господа... седум дена” (3. Мојсеева 23,40). Со други зборови, додека се сеќаваат на Божјите дела на благодат и спасение, народот требало да се се радува на она што Господ го сторил за нив.

**Размислете за она што ни е дадено во Исуса, кој бил претставен со симболи во сите празници на стариот Израел. Како можеме да научиме да се радуваме во Господа, дури и во потешкотии и кога имаме болни искушенија? Зошто е важно да го правиме тоа, особено во тие моменти?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт *Пророци и цареви* прочитајте ја главата „Поучени на Божјиот закон“, стр. 430-433; стр. 661-668. оригинал.

„Сега дошло време да покажат вера во Неговите ветувања. Бог го примил покајанието на Израел и народот сега требал да се радува што му биле простени гревовите и што повторно ја стекнал Божјата благонаклоност...

Секое вистинско враќање кај Господа внесува трајна радост во животот. Грешникот, кој се потчинува на делувањето на Светиот Дух, ја увидува својата вина и грешност, за разлика од светоста на големиот Испитувач на срцата. Тој себеси се гледа како осуден престапник. Но не треба да очајува поради тоа, бидејќи простувањето веќе му е обезбедено. Тој може да се радува на сознанието дека гревовите му се простени благодарение на љубовта на небесниот Отец кој проштава. Бог сака да ги прима во прегратките на Својата љубов грешните, покајани човечки битија; да ги превие нивните рани, да ги очисти од нивните гревови и да ги облече во облеката на спасението“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 433; стр. 668. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Под кои услови можеш да ја доживееш „радоста пред Господа“ (Неемија 8,10) како своја сила? Односно, постои ли нешто што мораме да го сториме за да ја доживееме Божјата сила и Неговото проштавање во својот живот? Ако е така, за што станува збор?**

**2. Како наоѓаме вистинска рамнотежа меѓу плачењето поради нашите гревови и, во исто време, радувањето во Господа? Зар тоа не е спротивно едно на друго? Како Законот и Евангелието заедно даваат одговор? (Види: Римјаните 3,19-24)**

**3. Прочитајте го текстот Неемија 8,10 во кој Неемија му вели на народот: „Одете, јадете добри јадења и пијте добри пијалаци, и испратете им и на оние што немаат приготвено, зашто овој ден е свет пред нашиот Господ. Не тажете, зашто радоста пред Господ е поткрепа за вас.“ Јадете добри јадења, пијте добри пијалаци и давајте им на оние што немаат ништо подготвено – и направете го сето тоа бидејќи „овој ден е свет пред нашиот Господ“? Што можеме од ова да научиме за начините на кои можеме да се радуваме во Господа? Што значи во овие рамки фактот дека денот е „свет“?**

Поука 7
Од 9 - 15 ноември 2019

# НАШИОТ БОГ Е БОГ КОЈ ПРАШТАВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Неемија 9,1-3; Даниел 9,4-19; Неемија 9,4-8; Колошаните 1,16.17; Неемија 9,9-38; Римјаните 5,6-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кој ги крие престапите свои, нема да напредува; а кој се кае и ги остава, ќе биде помилуван“ (Мудри изреки 28,13).**

Кога завршил Празникот Сеници (Сукот), водачите повторно го собрале народот. Само што поминале одредено време славејќи; сега настапил момент да се вратат на недовршеното дело – признавање и покајание пред Бога за своите гревови.

Да, водачите претходно им рекле да престанат да се жалат и да тагуваат поради своите грешки, но тоа не значи дека тагата и признавањето не се важни. Според тоа, сега, откако го пославиле празникот, дошло време да поминат низ соодветно признавање.

Редоследот на настаните прикажан тука не мора да претставува редослед според кој радувањето и признавањето секогаш наизменично се менуваат; ниту, пак, значи дека треба да се следи само обратниот редослед. Иако, се разбира, можеме да го следиме редоследот според кој признавањето му претходи на прославувањето, можеби прославувањето на Бога во нашиот живот треба да го заземе првото место. Впрочем, текстот во Римјаните 2,4 вели дека „Божјата добрина“ нè води до покајание. Тогаш, неговата „добрина“ треба да ја поттикне пофалата и празнувањето, а исто така нè потсетува и дека ни е потребен Бог да ни прости, да нè очисти и да нè препороди.

## ПОСТ И БОГОСЛУЖЕНИЕ

**Прочитајте: Неемија 9,1-3. Зошто народот се одвоил од сите странци?**

Иако Неемија желно настојувал народот овој пат да учествува во радоста, тој сега го повел собирот на пост. Тие се понизиле пред Бога, се попрскале со прашина на главата и се облекле во вреќиште. Бидејќи странците не учествувале во заедничкиот грев на израелскиот народ, Израелците се одвоиле од нив. Евреите знаеле дека токму нивните гревови треба да им бидат простени. Тие ги признале гревовите на својот народ, кои ги одвеле во прогонство.

Нивните заеднички молитви и признавања покажале длабоко разбирање за природата на гревот. Израелците можеле да се разгневат што нивните татковци згрешиле и го одвеле целиот народ во изгнанство; или можеле времето да го поминат жалејќи се на одлуките на нивните водачи и недостатокот на побожност што го покажале претходните генерации и ги довеле токму тука каде што сега се наоѓале – биле само мала група повратници. Меѓутоа, наместо да негуваат омраза и незадоволство, тие понизно се свртиле кон Бога признавајќи ги гревовите.

Текстот Неемија 9,3 известува дека во една четвртина од денот народот ја читал Книгата на Законот, а дека во следната четвртина ги признавале своите гревови и му се клањале на Бога. Тората потоа се читала по трет пат. Читањето на Тората е важно за признавањето, кое мора да се заснова на вистината, која потекнува од Бога. Со читање на Библијата, Бог ни се приближува, а Светиот Дух може да ни говори и да нѐ поучува. Вистината на Неговата реч го обликува нашето размислување и сфаќање, нѐ охрабрува и нѐ воздигнува. Израелците, исто така, тагувале и плачеле бидејќи времето поминато во Божјето свето присуство нѐ прави свесни за Неговата убавина и добрина додека ја врежува во нас восхитувачката мисла за тоа дека Творецот на вселената одлучува да биде со нас, и покрај нашата недостојност. Затоа, сфаќаме дека без Бога во нашиот живот ние не се разликуваме од нашите духовни предци во верата. Само тогаш кога Бог делува во нас, ние можеме да станеме она што треба да бидеме.

**Прочитајте го текстот Даниел 9,4-19. На кои сѐ начини можеме да ја примениме неговата молитва на нас денес? Што ни кажува реалноста на оваа примена за нас поединечно, и како Црква?**

## ПОЧЕТОКОТ НА МОЛИТВАТА

Народот одговорил на читањето на Библијата со долга молитва која раскажувала за Божјата добрина наспроти историјата на неверноста на Израел. Можеме да забележиме дека одговорот повеќе наликува на проповед отколку на молитва, бидејќи речиси секој стих има паралела во одреден дел од Библијата.

**Прочитајте го текстот: Неемија 9,4-8. На кои главни теми е сосредоточена молитвата во овие почетни стихови, и зошто?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во првиот дел од молитвата, луѓето го благословуваат Бога, а особено Неговото име. Во еврејската култура, името не било само збор со кој луѓето го нарекувале некого, туку тоа на лицето му давало идентитет. Според тоа, славењето на Божјето име е значајно бидејќи му покажува на светот дека тоа име е достојно за пофалба и чест. Тоа е името на Творецот на вселената. Молитвата започнува со поклонување на Бога како Создател и Оној што „оживува“ сѐ (Неемија 9,6; види и Колошаните 1,16.17). Зборот „оживува“„ доаѓа од еврејски глагол и значи „да се одржува во живот“.

Оној што создал сѐ е Оној што го избрал Аврама, човекот кој во никој случај не бил посебен освен што „неговото срце“ било „верно“. Можеби изгледа дека на Аврама во многу случаи му недостасувало вера, но кога било побарано од него да се откаже од својот син, не се двоумел (види: 1. Мојсеева 22). Научил да биде верен – не преку ноќ, туку во текот на неговото долго одење со Бога. Според еврејското сфаќање, „срцето“ се однесува на умот. Со други зборови, Аврам развил верност во своите мисли и дела, и Бог го потврдил тоа.

Првите неколку изрази во молитвата се сосредоточуваат на Бога како 1) Творец, 2) Оној што дава живот и 3) Оној што ги исполнува своите ветувања. Народот најпрво се посетува кој е Бог: Тој е Верниот кој нѐ создал, кој сѐ оживува и секогаш ги исполнува ветувањата што ни ги дал. Имајќи го тоа на ум, животот можеме да го согледаме правилно и да научиме да му веруваме дури и во најтешките околности, кога може да ни изгледа дека е далеку од нас и дека не е заинтересиран за нашите предизвици.

**Зошто учењето за Бога како наш Творец е во средиштето на нашата вера? Впрочем, кое друго учење е толку важно во споредба со ова, во кое Бог нам ни наложил секоја седмица да поминеме една седмина од својот живот сеќавајќи се на него како наш Творец?**

## ПОУКИ ОД МИНАТОТО

**Прочитајте: Неемија 9,9-22. Во што се разликува овој дел од молитвата од првиот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Од похвала на Бога поради неговата верност, молитвата преминува на спротивен извештај за неверноста на Израелците во нивните искуства во Египет и во пустината. Во неа се изложени сите различни подробности што Бог им ги дарувал на Израелците; но, за жал, „татковците“ на тие дарови одговориле со горделивост, тврдоглавост и занемарување на Божјите дела на милоста сторени меѓу нив.

Признавањето на човечките слабости и недостатокот на вистинска посветеност на Бога е важен чекор во исповедувањето и покајанието; и, иако овие текстови зборуваат за народ кој временски е далеку од нас, никој не може да негира дека секој од нас има проблем со овие исти прашања.

Се разбира, тука Евангелието ја врши својата улога и за нас, како и за нив. Признавањето на гревот не нѐ спасува, но само Христовата жртва е доведена до нас. Исповедањето, заедно со покајанието, е важно во нашето признавање дека само Христос може да нѐ оправда. „Кога го прифаќаме Христос како наш личен Спасител преку покајание и вера, Господ ни ги проштава гревовите и ја укинува казната одредена за престапот на законот. Тогаш грешникот стои пред Бога како праведен човек; тој ја стекнува наклоноста на Небото и преку Духот ја гради заедницата со Отецот и Синот“ (Елена Вајт, *Selected Messages,* книга 3, стр. 191).

Истовремено, бидејќи Неговата добрина нѐ поттикнува да ги признаеме своите гревови и да се покаеме за нив, мораме решително да ги оставиме со Божја сила.

Состојбата била таква што Израел бил тврдоглав, а Бог полн со љубов. Навраќајќи се на она што Бог го сторил за израелскиот народ, го потсетил народот дека Бог, откако направил толку многу за нив во минатото, ќе продолжи да се грижи за нив сега и во иднина. Затоа било толку важно народот секогаш да се сеќава како Бог дејствувал во нивната историја. Секогаш кога тоа го заборавале, запаѓале во неволји.

**Сетете се на моментите кога сте биле сигурни дека Бог дејствувал во вашиот живот. Како можете да извлечете утеха од ова искуство за себе кога следниот пат ќе се соочите со борби? Како подобро да научите да се потпирате на Божјата добрина кога сте крајно обесхрабрени, разочарани и исплашени за иднината?**

## ЗАКОН И ПРОРОЦИ

**Прочитајте: Неемија 9,23-31. Како се опишани Израелците во споредба со Божјата „голема добрина“ (Неемија 9,25)?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Следниот дел од молитвата/проповедта се сосредоточува на животот во Ханан, бидејќи Израелците ја поседувале земјата што им ја дал Бог. Дадената земја, градовите, лозјата и полињата биле подготвени за користење, но тоа го зеле „здраво за готово“. На крајот на 25. стих, се кажува: „јадеа, се ситеа и се дебелеа“. „Се дебелеа“ е израз што го наоѓаме само неколку пати во Библијата (5. Мојсеева 32,15, Еремија 5,28), и секој пат има негативно значење.

Израелците „уживаа во Твојата голема добрина“, но тие не уживале во Бога, туку наместо тоа, уживале во сѐ што имале. Очигледно, да се поседува сѐ, тоа не создава блиска заедница со Бога. Многу пати помислуваме: „Ако го имам само ова или она, тогаш ќе бидам среќен“. За жал, гледаме дека Израелците добиле сѐ од Бога, па сепак нивното „радување“ на овие работи само ги направило помалку посветени Нему. Мошне често се случува да ни биде полесно да се сосредоточиме на даровите, а да заборавиме на Дародавецот. Тоа е кобна измама.

Се разбира, тоа не значи дека не можат да нѐ направат среќни работите што ги добиваме од Бога. Тој сака да се радуваме на Неговите дарови, но оваа радост не гарантира блискост со Бога. Всушност, ако не сме внимателни, тие дарови можат да станат камен на сопнување.

Меѓутоа, водачите во оваа глава признале на кои сѐ начини му биле неверни на Бога. Додека гледале низ историјата, тие посебно ги спомнувале престапите што ги извршиле како народ. Како особено важни се јавиле два аспекта, бидејќи биле повторени: 1) Израелците го отфрлиле Божјиот закон и 2) ги прогонувале пророците.

Со други зборови, сфатиле дека Божјиот закон и Неговите пророци се темел на нивниот развој како побожен народ и како поединци. Во молитвата овој заклучок е нагласен со зборовите: „ако ги исполнува“ Божјите заповеди „ќе биде жив преку нив“ (Неемија 9,29, цитат од текстот 3. Мојсеева 18,5) и со истакнување дека токму Духот е тој што зборува преку пророците. Бог ни ги даде заповедите за животот во изобилство и Тој ги испратил своите пророци за да нѐ водат во разбирањето на Неговата вистина. Основното прашање што секој од нас треба да си го постави гласи: Што правам со овие дарови?

## ПОХВАЛА И МОЛИТВА

**Прочитајте: Неемија 9,32-38. На што се сосредоточува крајот на молитвата на признавање?**

___

___

Во молитвата народот уште еднаш се навраќа на прославувањето на Бога поради она што Тој е: голем, моќен и страшен, кој го чува својот завет и милост. Тие изгледаат искрено во признавањето на Божјата добрина кон нив.

Тие, исто така, изнесуваат молитва во вид на склопување завет со Бога, што е детално објаснето во 10. глава. Како гласи нивната молба?

„А сега, Боже наш, велик, силен и страшен Боже, кој ги чуваш Заветот и милоста, нека пред Твоето лице не биде незначителна сета оваа неволја“ (Неемија 9,32).

Заедницата морала да им плаќа данок на царевите кои владееле со нив. Угнетувањето од сите страни ја мачело малата група Израелци, и тие биле уморни од сето тоа. Морале да поднесуваат тиранија една по друга, и се надевале на оддишка.

Интересно е што тие се нарекуваат себеси „робови“. Откако ја опишуваат неверноста на својот народ, тие ја завршуваат својата молитва нарекувајќи се себеси така. Робовите, се разбира, им се послушни на надредените. Употребата на овој израз укажува дека тие сфаќаат оти треба да му бидат послушни на Господа на начин на кој оние што живееле пред нив не биле. Ова е израз на нивната желба да му бидат верни на Господа и на Неговите заповеди. И, како Божји робови, тие го молат да дејствува во нивна полза.

Ездрината и Немиината заедница го опишуваат нивното моментално искуство како „голема неволја“ (Неемија 9,37), што може да се спореди со неволјите што ги доживеале Израелците во Египет (Неемија 9,9). Во молитва тие го фалат Бога што ја видел нивната неволја во Египет и не ја пренебрегнал. Заедницата сега го моли Бога да делува како што делувал во минатото, иако тие не го заслужуваат тоа, бидејќи никој – цареви, кнезови, свештеници, пророци или татковци – не бил верен. Според тоа, тие се потпираат исключиво на Божјата благодат и милост кон нив, не на самите себе или на нивните предци, со надеж дека Бог ќе дејствува во нивна полза.

**Прочитајте: Римјаните 5,6-8. Како овие стихови го одразуваат она што го барале Израелците од Бога? Каква утеха можеме да извлечеме од молбата на Израелците и од Павловите зборови во Посланието до Римјаните?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Признавање“, стр. 37-41. оригинал, во книгата на Елена Вајт, *Патот кон Христа*.

Во текстот на Неемија 9,25 Евреите зборувале за тоа како нивните татковци „уживаа“ во Божјата голема доброта. Коренот на глаголот е ист како и кај именката Едем, „Едемската градина“ (1. Мојсеева 2,15). Можеби најдобриот превод би гласел: „Тие едемизираа“, кога „едемизираа“ би бил глагол.

Евангелието, впрочем, претставува обновување, а кој симбол подобро од Едем може да претстави како ние на крајот треба да бидеме обновени? Бог го подигнал еврејскиот народ и го довел до раскрсницата на стариот свет за да создаде најблизок отсјај на Едем, кој може да постои на паднатата Земја. Дури и по заробеништвото и враќањето, оваа можност и понатаму постоела. „Да, Господ се сожали за Сион, се сожали за неговите урнатини. Неговата пустота ќе ја направи како Едем“ (Исаија 51,3).

Да, народот уживал во материјалните благослови што им ги ветил Господ, благослови кои, колку што било можно во паднатиот свет, потсетувале на изобилството во Едем. Тоа било во ред. Тие требале да уживаат во нив. Бог го создал физичкиот свет само за луѓето да можат да уживаат во тоа, и стариот Израел – благословен од Бога – исто така уживал во него. Нивниот грев не бил во тоа што ја „едемизирале“ Божјата голема добрина, туку тоа што го заборавиле Господа (Езекиел 23,35), во чија добрина тие уживале. Благословите станале сами за себе цел, наместо средство да се постигне целта, Бог да им се открие и на околните народи.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Исус рекол: „А посеаното меѓу трње е оној, кој го слуша словото, но грижите за светов и измамата на богатството го загушуваат словото, и станува неплоден“ (Матеј 13,22). Што мисли Исус под „измамата на богатството“ и како тој израз се однесува на молитвата на признавање за која проучувале оваа седмица?**

**2. Размислувајте повторно околу учењето за создавањето. Забележете дека во 9. глава на Немиината книга скоро веднаш почнале да зборуваат за Господа како Творец и Одржувач на животот. Што ни кажува овој факт за тоа колку оваа доктрина претставува темел на нашата вера?**

**3. Како постигнуваме права рамнотежа признавајќи ја својата грешност, но во исто време, сепак не дозволувајќи му на сатаната да ја користи нашата грешност за да се обесхрабриме и потполно да ја отфрлиме верата?**

**Поука 8**
**Од 16 -22 ноември 2019**

# БОГ И ЗАВЕТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Неемија 10,1-29;1. Мојсеева 4,8-19; Евреите 13,20; Исус Навин 24; Неемија 10,30-39; Евреите 8,1-7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Поради сето тоа даваме цврст завет за верност и потпишуваме, и на потписот е печатот на кнезовите наши, левитите наши и свештениците наши... И ние нема да го оставиме домот на нашиот Бог “ (Неемија 9,38; 10,39).**

Што се подразбира под „завет“ во Библијата? Најлесното објаснување на овој вид библиски завет гласи дека е во прашање законско воспоставување на односите меѓу Бога и Неговиот народ. Бог вели: „Вие сте Мој народ и Јас сум ваш Бог.“ Покрај тоа, употреба на пишани завети можеме да пронајдеме меѓу другите народи во стариот свет, често меѓу водачите и нивните поданици.

Овие завети биле воспоставувани бидејќи биле корисни за двете страни. Водачот се грижел за народот, а народот плаќал данок. Меѓутоа, кога станува збор за Бога, заветот бил поинаков. Бог, всушност, ништо не добивал со тоа, а сепак ветил дека ќе им биде верен, дури и тогаш кога луѓето не биле. Благословите и клетвите поврзани со заветот им овозможувале на Израелците да знаат дека го прекршиле заветот кога почнале да им се случуваат лоши работи.

Оваа седмица ќе обрнеме внимание на заветот што Израелците го обновиле со Бога во 10. глава од Неемиината книга, а исто така ќе разговараме и за општите историски извештаи и за важноста на исполнувањето на заветот во Библијата.

# ИДЕЈАТА НА ЗАВЕТОТ

**Прочитајте го текстот Неемија 10,1-9 (и потсетете се на текст од Немија 9,36-38). Кој го прави овој завет и зошто го склучиле?**

---

Иако само поглаварите го потпишале документот, текстот јасно бележи дека „и другиот народ" „се присоединија кон браќата свои, кон најчесните од нив, и се обврзаа со заклетва и проклетство дека ќе постапуваат по Божјиот закон, даден преку раката на Божјиот слуга Мојсеј, и дека ќе ги пазат и извршуваат сите заповеди на Господ, нашиот Бог, и повелбите Негови, и наредбите Негови" (Неемија 10,28.29). Што било толку значајно во врска со заветот што сите сакале да склучат договор со Бога? За да одговориме на ова прашање, мораме да се вратиме на самиот почеток и да ја сфатиме библиската идеја на заветот.

Заветот бил важен затоа што бил дел од Божјето соочување со грешното човештво и затоа што го прикажувал Божјиот копнеж да воспостави меѓусебен однос со луѓето. Исто така, им овозможувал на луѓето да ја искажат својата желба да се посветат на Бога.

Библискиот извештај за создавањето од 1. и 2. глава на 1. Мојсеева не го открива само создавањето на првите луѓе, туку и заедницата меѓу нив и Бога, како и нивниот меѓусебен однос. Меѓутоа, гревот тогаш се појавил и ги нарушил сите тие односи. Гревот претставува антитеза на создавањето и го донесува она што е спротивно на создавањето (смртта).

Родословот на Адам на крајот се раздвојува, кога Каин го бира злото (1. Мојсеева 4,8-19), а Сит го прифаќа Бога (1. Мојсеева 5,3-24). Родословот на Каин го достигнува својот врв со Ламех (1. Мојсеева 4,17-19), седмото колено од Адам, кој ја вовел полигамијата. Насилството на Каин и одмаздата се тесно поврзани со верниот род на Сит. Родословот на Сит, исто така е наведен, но седмиот во таа низа е Енох кој „одел со Бога" (живеејќи според волјата Божја) (1. Мојсеева 5,24) и бил земен на Небото.

За жал, светот сè повеќе го прифаќал злото отколку Бога, и настапил момент кога родословот на верни бил многу мал и набрзо можеби не би останало ниедно семејство преку кое Бог би можел да ја исполни својата реч испраќајќи го ветеното Семе да го спаси човечкиот род. Во тој момент, Бог се замешал пуштајќи го потопот. Меѓутоа, потопот бил натамошна спротивност на создавањето, укинувањето и уништувањето на животот, па сепак Бог го уништил само она што луѓето веќе го разориле (1. Мојсеева 6,11-13).

**Како вие лично сте ја доживеале разорната сила на гревот? Што претставува единствена сила против гревот и како можеме да ја искористиме?**

## ЗАВЕТИТЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА

Бог по потопот почнал од почеток, сега со Ное и со луѓето кои подоцна дошле на свет. Тој и со нив настојувал да воспостави заедница, во чиј центар се наоѓала идејата за заветот. Во Библијата наоѓаме седум главни завети коишто Бог ги направил со луѓето:

- **Прв завет – Адам** (1. Мојсеева 1-3)
- **Втор завет – Ное** (1. Мојсеева 6-9)
- **Трет завет – Аврам** (1. Мојсеева 12,1-3)
- **Четврти завет –** Мојсеј и израелскиот народ (познат како синајнајски или Мојсеев завет; 2. Мојсеева 19-24).
- **Петти завет –** Финес (4. Мојсеева 25,10-13)
- **Шести завет –** Давид (2. Самоилова 7,5-16)
- **Седми завет –** Нов завет (Еремија 31,31-34)

Изразот „вечен завет“ во Библијата се користи шеснаесет пати. Од тие шеснаесет, тринаесет посебно се однесуваат на заветите со Аврам, со Израел на Синај и Давид. Секој од претходно наведените завети, иако единствени, носат печат на „вечен завет“. Како што е вечното Евангелие најпрво објавено во текстот во 1. Мојсеева 3,15, а потоа постепено е откривано низ Библијата, истото важи и за вечниот завет. Секој следен завет служи за да го разјасни и продлабочи нашето сфаќање на вечниот завет на љубовта, кој најпотполно е откриен во планот на спасението. Новите и старите завети, како што често се делат, содржат исти елементи.

1. **Посветување:** „Ќе го вложам Мојот закон внатре во нив, и ќе го напишам во срцата нивни“ (Еремија 31,33; споредете: Евреите 8,10)

2. **Помирување:** „Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ“ (Еремија 31,33; Евреите 8,10)

3. **Мисија:** „И нема повеќе да учат еден друг, брат брата и да зборуваат: ’Познајте Го Господа’, зашто сите тие, од мал до голем, сами ќе Ме знаат“ (Еремија 31,34; Евреите 8,11).

4. **Оправдување:** „Бидејќи ќе им ги простам беззаконијата нивни, и за гревовите нивни нема веќе да се сеќавам“ (Еремија 31,34; Евреи 8,12).

# СТРУКТУРА НА ЗАВЕТОТ

Проучувачите на Библијата потврдуваат дека постои карактеристична структура на библиските завети, која се забележувала дури и во заветите на старите Хитити. Односно, Бог им се обраќал на луѓето на начин на кој во својата култура можеле посебно да го разберат.

Заветите, кои биле вообичаени во времето на стариот Израел, се состоеле од следните делови: **вовед** (кој е Бог); **историски пролог** (дефиниран минат однос): **прописи или закони; благослови и клетви; сведоштва, посебни одредби или знак на завет.** Затоа, не треба да нѐ изненади што Бог уште тогаш користел нешто слично кога му се обраќал на својот народ. Го користел она што им било познато.

На пример, цела 5. Мојсеева е напишана во облик на завет, бидејќи Мојсеј го повикува Божјиот народ да влезе во нов заветен однос со својот Бог. Заветот е изразен на следниот начин 1) **вовед** (5. Мојсеева 1,1-5); 2) **историски пролог** (5. Мојсеева 1,6-4,43); 3) **прописи и закони** (5. Мојсеева 4,44-26,19); 4) **благослови и клетви** (5. Мојсеева 27-30); 5) **сведоштва** (5. Мојсеева 30,19); и на крај 6) **посебни одредби** (5. Мојсеева 31,9-13).

**Прочитајте го текстот Исус Навин 24. Како и во оваа глава е прикажан овој заветен образец?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Исто е и со обновувањето на заветот што го направил Исус Навин.

Прво, во воведот Бог се претставува себеси како „ Господ, Бог на Израел“ (Исус Навин 24,2). Потоа следи долг историски пролог во кој Исус Навин го потсетува народот што Бог сторил за нив во минатото (Исус Навин 24,2-13). По историскиот извештај, наведени се прописи или закони (Исус Навин 24,14.15.23), споменати се благослови и клетви (Исус Навин 24,19.20) утврдени се сведоштва (Исус Навин 24,22.27), и изречени се посебни одредби (Исус Навин 24,25.26). Овде, исто така, бил употребен основниот облик на завет во комуникацијата со Израел, со намера да им се покаже дека не само што Бог ги водел во минатото туку и што се барало од нив за да го одржат својот дел од заветот.

**Прочитајте: Исус Навин 24,15. Кое начело од овој текст можеме да го примениме на самите нас денес?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

## ВЕТУВАЊА

**Прочитајте го текстот Неемија 10,30-39. Кои четири работи Израелците ветиле дека ќе ги направат како дел од обновениот завет?**

Народот го ветил следново:

**1. Нема повеќе да има мешани бракови** (нема да се стапува во брак со личност која може да ги наведе на идолопоклонство);

**2. Вистинско празнување на саботата** (нема да ги попречува во извршувањето на работите);

**3. Проштавање на долговите и почитувањето на Саботната година** за да се погрижат за сиромашните и да им дадат слобода;

**4. Финансиско поддржување на Храмот,** службите и персоналот со носење на првите плодови, првенци и десеток, осигурувајќи на тој начин продолжување на вистинското богослужение.

Првите три ветувања укажувале на меѓусебните односи со другите (брак и укинување на долговите) и со Бога (саботата), додека последното се занимава со прописите во врска со Храмот.

Целта на заедницата била да покаже дека се посветени на заветот и дека затоа на практични начини ќе го изградуваат својот однос со Бога и со другите луѓе. Дури и да не го држеле секогаш совршено заветот, разбрале дека правилните навики и обичаи ќе влијаат на иднината. Доколку израелскиот народ сакал да продолжи по правилниот пат, морал да воспостави обичаи и навики кои ќе бидат корисни за она што сакаат да го постигнат. Ако сакале да остварат блиска заедница со Бога, тогаш придавањето важност на саботата и водењето сметка за Храмот биле значајни чекори на тој пат.

За жал, своите ветувања не ги одржале во потполност, како што е прикажано во последните глави од книгата на Неемија. Сепак, иако сите не ги одржале, поединци или многу луѓе ги одржале. Со Божја помош, и сосредоточеноста на Него, ние можеме да развиеме правилни навики и да се држиме до вистинскиот пат.

„Ако правилно се служите со својата волја, може да дојде до целосна промена во вашиот живот. Ако волјата му ја потчините на Христа, ќе се здружите со силата која е над сите поглаварства и власти. Ќе имате сила одозгора да останете постојани и така, со постојано покорување на Бога, ќе бидете оспособени да живеете нов живот, живот на вера“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 48. оригинал).

## ХРАМОТ

**Навратете се повторно на текстот во Неемија 10,32-39. Зошто обичаите во Храмот биле важни за Израелците, како што е прикажано со зборовите: „Ние нема да го оставиме домот на нашиот Бог" (Неемија 10,39)? Зошто Храмот бил толку важен за верата како целина? (види и: Евреите 8,1-7).**

---

Израелците ветиле дека ќе водат сметка за Храмот. Иако биле мала заедница финансиски покорена од страна на царевите, сфатиле дека е потребно да дадат од она малку што го имаат за да напредува Храмот, а не само да опстојува. Според тоа, одлучиле секоја година да даваат третина сикла за служба во Храмот, наместо само кога се врши попис, како што налагал законот. Народот ја увидел потребата да се оди чекор подалеку од она што е побарано. Покрај тоа, доделиле одговорност на одредени семејства да донесат дрва за олтарот, бидејќи увиделе дека без организација таа практика може да исчезне.

Првината од родот, првенците, десетоците и даровите биле видови на служба во Храмот наменети за службата на свештениците и Левитите. Десеттиот дел од сè требало да им припадне на Левитите. Исто така, првенците биле поткупувани со пари, а кој се додавал на износот што Левитите го примале. Меѓутоа, десеттиот дел од левитскиот десеток одел кај свештениците.

Храмот бил главна жила на Израелскиот народ. До таа мера бил во центарот на нивната вера што најголемата трагедија се случила кога Навуходоносор го срушил Храмот и ги однел светите предмети.

Кога со Храмот се управувало на соодветен начин, на народот тоа му пружало активен духовен живот, бидејќи луѓето биле упатувани на конечното решение на проблемот на гревот, кое требало да биде остварено со смртта на јагнето. Кога Исус умрел на крстот, решението било обезбедено (Римјаните 5,5-10). Исто така, преку годишната служба на Денот на помирувањето, народот научил дека Бог има план засекогаш да се ослободи од злото и гревот. Со други зборови, Храмот служел како образец преку кој му е откриен на народот целокупниот план на спасение. Поуките кои можеме да ги усвоиме со набљудувањето на службата во Храмот се огромни и неопходни да ни дадат поширока слика за Божјиот карактер и да го расветлат планот на спасение.

**„Верно е словото и достојно - за полно примање: Христос Исус дојде во светот да ги спаси грешниците, од кои сум прв јас" (1. Тимотеј 1,15). Која била надежта на Павле и како можеме да направиме таа да стане и наша надеж?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Посветување“, стр. 43-18 оригинал во книгата на Елена Вајт „Патот на Христа“.

„Службата во земното Светилиште се состоела од два дела. Свештениците секој ден служеле во светињата, додека поглаварот свештенички еднаш годишно во светињата над светињите вршел посебно дело на помирување за исчистување на Светилиштето. Покајаните грешници секој ден ги доведувале своите жртви пред вратата на шаторот за состанок и, полагајќи рака врз главата на животното за жртва, ги признавале своите гревови. На овој начин гревовите сликовито ги пренесувале од себе на невината жртва. Потоа животното е заклано. ’Без пролевање на крв’, вели апостолот, ’нема проштавање.’ ’Зашто животот на живото суштество е во крвта’ (3. Мојсева 17,11). Прекршениот Божји закон го барал животот на престапникот. Крвта, што го претставувала животот на грешникот, чијашто вина го носело животното за жртва, свештеникот ја внесувал во светињата (во првиот дел од Светилиштето) и со неа прскал пред завесата зад која се наоѓал ковчегот на заветот во кој бил сместен законот што го престапил грешникот. Со овој обред сликовито гревот, заедно со крвта, е пренесен во светињата. Во некои случаи крвта не е внесувана во светињата, но тогаш свештеникот го јадел месото на жртвата, како што им кажал Мојсеј на синовите Аронови, велејќи: ’Господ ви ја даде за да го носите вие гревот на сиот народ’ (3. Мојсеева 10,17). Обата овие обреди еднакво го претставувале пренесувањето на гревот од покајникот во Светилиштето“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 375; стр. 418. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете за дадените ветувања кои сте ги прекршиле, без оглед на тоа колку сте биле искрени и сериозни во намерата да ги одржите. Што сте научиле од тоа искуство што вам можеби може да ви помогне да не направите повторно некоја слична грешка?**

**2. Заветот е законско воспоставување на односите. Ние сме го кршеле во својот однос кон Бога, но Тој секогаш е верен на својот дел од заветот, дури и тогаш кога ние не сме. Како ова разбирање на Божјата добрина и верност ги води луѓето кон блиска заедница со Него и на тој начин ни помага да живееме како што би требало?**

**3. Размислете колку пати сте му биле неверни на Бога и на ветувањата што ги имаме во рамките на „новиот завет“ (види: Лука 22,20; Евреите 8,13; 9,15). Зошто тогаш е толку важно да го сфатиме планот на спасение и ветувањето за проштавањето кое го примаме благодарение на Исусовата жртва, чија крв го запечатила „новиот завет“ за нас?**

**Поука 9**
**Од 23 - 29 ноември 2019**

# ИСКУШЕНИЈА, НЕВОЛЈИ И СПИСОЦИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ездра 1,9-11; Даниел 1,1.2; Даниел 5; 5. Мојсеева 30,1-6; Ездра 8,1-23; Неемија 11,1.2; Неемија 12,1-26.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Се присоединија кон браќата свои, кон најчесните од нив, и се обврзаа со заклетва и проклетство дека ќе постапуваат по Божјиот закон, даден преку раката на Божјиот слуга Мојсеј, и дека ќе ги пазат и извршуваат сите заповеди на Господ, нашиот Бог, и повелбите Негови, и наредбите Негов“ (Неемија 10,29).**

Ние обично ги прескокнуваме родословите и долгите списоци на предмети во Библијата; меѓутоа, Господ ги вклучил во Писмото со причина. Господ од Библијата е Бог на деталите. Тој забележува подробности и тоа нас нѐ уверува дека Тој никогаш не заборава.

Овие неколку примери на родослови ни навестуваат дека Бог знае сѐ за семејствата, а списоците на предметите ни зборуваат дека Бог се грижи дури и за она што другите го сметаат за „безначајно“. Исус изјавил дека Бог се грижи за врапчињата и дека дури и косата на нашата глава ја брои: „Зар не се продаваат пет врапчиња за две парички? И ниедно од нив Бог не го заборава. А вам, и влакната на главата ви се изброени. Па затоа, не плашете се: од многу врапчиња вие сте поскапи“ (Лука 12,6.7). Бог, кој се грижи за овие детали, се грижи и за нас. Тој ги знае сите поединости на сѐ она што нѐ мачи.

Според тоа можеме да имаме целосна доверба, да ја негуваме верноста и да стекнеме мир во сигурноста дека Бог се грижи за секоја област од нашиот живот. Иако ова ни пружа утеха, како што и би требало, неопходно е, исто така, да ни порача дека и ние треба да се грижиме за секоја област во својот живот.

## БОГ НА ИСТОРИЈАТА

**Прочитајте ги следните текстови: Ездра 1,9-11; Даниел 1,1.2. Како текстовите од Книгата на пророк Даниел ни помагаат да сфатиме на што укажувал Ездра?**

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

Забележете како во книгата на Ездра се дадени детали, додека во Книгата на пророкот Даниел е претставена широка слика. Меѓутоа, овие текстови заедно покажуваат дека Господ управува со сè.

„Историјата на народите ни говори и нам денес. На секој народ и на секој поединец Бог му одредил место во големиот план. Оној кој никогаш не греши им ги мери деновите на луѓето и на народот. Со својот избор секој одлучува за својата судбина, а Бог владее над сите и работи на тоа да ги оствари своите возвишени цели“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 345; стр. 536. оригинал).

**Прочитајте: Даниел 5 глава. Што можеме да научиме од овие стихови за судот изречен над Валтасар?**

______________________________________________________

______________________________________________________

Вавилон паднал во октомври 539 г. пр. н. е. кога го освоил Кир, царот на медоперсиската војска. Валтазар, погрешно потпирајќи се на своите успеси, раскош и слава, бил толку суров што приредил развратна гозба во ноќта која ќе заврши со неговата смрт. Божествената рака на ѕидот од палатата напишала дека неговите денови се изброени и дека му се ближи крајот. Иако знаел за судбината и искуството на обратување на моќниот цар Навуходоносор, тој не извлекол поука за себе. Секогаш е трагично кога не ги слушаме Божјите опомени и не ги следиме Неговите упатства.

Пророкот Даниел бил присутен, но никој не обрнувал внимание на него. Кога ќе ја изгубиме свеста за Божјата светост и за Неговото присуство во животот, чекориме по патека на која нè чекаат сложени прилики, проблеми и трагедии, кои на крајот завршуваат со смрт.

**Откако на царот му го изнел извештајот за Навуходоносор, Даниел рекол: „Но ти, Валтазаре, сине негов, не го понижи своето срце иако го знаеше сè ова“ (Даниел 5,22). Како можеме да бидеме сигурни дека ние, во наши рамки, не ја правиме истата грешка како Валтасар? Како стварноста на крстот секогаш може да нè прави понизни пред Бога?**

# ВО НИВНИТЕ ГРАДОВИ

**Проучете ги списоците наведени во текстовите на Ездра 2 и Неемија 7. Што забележувате во врска со нив?**

---

---

---

Втората глава од книгата на Ездра (список на оние кои се вратиле од вавилонското ропство со Зоровавел и Исус) намерно е повторена во 7. глава во книгата на Неемија. Да повториме, овие списоци може да ни се чинат неинтересни, но тие ни откриваат важна подробност, а тоа е дека Бог се грижи за деталите за кои можеби ние воопшто не се грижиме.

Ѕидовите на Ерусалим сега биле завршени и библискиот писател намерно сака да ни покаже дека поколенијата на повратниците на Ездра и Немија придонеле за овој голем потфат, иако самиот Бог им го подарил тој успех. Сегашното поколение се потпирало на делата на претходните, но и покрај тоа задачата им била сложена, преполна со пречки и не била довршена кога тие сакале.

Водството на Ездра и Немија било ценето, но и народот ја извршил својата работа. Секоја група учествувала со различни задачи изведени во различно време, но резултатот бил импресивен. Почетокот (Ездра 2) е поврзан со крајот (Немија 7), и не само што вториот Храм е изграден, туку и Ерусалим е обновен и добро утврден.

**Прочитајте Немија 7,73. Што можеме да научиме од овој текст за тоа колку биле успешни во желбата да ја извршат Божјата волја?**

---

---

„И така се населија во градовите свои... и сиот Израил.“

На многу начини, целокупното враќање и повторната изградба влевале восхит. Народот, чиј град многу години порано бил разорен, Храмот уништен а земјата опустошена, сега се вратил во таа иста земја и во тој ист град и сѐ повторно изградил, дури и Храмот. Сигурно сѐ им изгледало чудесно, како и на околните народи. Меѓутоа, сето тоа се случило според Божјата волја и ветувања.

**Што ви се чини безнадежно токму сега во вашиот живот, а сепак сѐ уште имате доверба дека Господ ќе ве води низ сето тоа?**

---

## КАДЕ СЕ СВЕШТЕНИЦИТЕ?

Нема сомнение – како што видовме во отсекот за понеделник, восхитувачкото исполнување на пророштвото ги вратило Евреите од Вавилон.

Меѓутоа, како и во сè што биле вклучени луѓето, постоеле одредени потешкотии. Еден од големите проблеми бил тој што и покрај сите прекрасни ветувања за враќањето по прогонството, многумина Евреи не сакале да се вратат во земјата на своите татковци. Односно, повеќе сакале да останат во Вавилон.

Зошто било така?

**Прочитајте: Ездра 8,1-15. Сосредоточете се посебно на 15. стих. Која е причината за големата загриженост во овој текст и зошто би бил загрижен оној што сакал повторно да го утврди израелскиот народ во нивната претходна татковина?**

___

___

___

Факт е дека не сите Евреи во Вавилон, вклучувајќи и поедини Левити, сакале да се вратат. Причина за тоа можеле да бидат неколку факти. Многумина од нив се родени и одгледани во новата земја, и тоа било сè што знаеле. Можеби не сакале да тргнат на подолго и несомнено опасно патување назад во земјата која, како прво, не ја ни познавале. Иако, на крај, и покрај предизвиците, знаеме дека тргнале доволно Левити да служат во Храмот (види го отсекот за четврток).

„До тој момент, Евреите кои останале во земјата на прогонство таму поминале речиси еден и пол век. Ископувањата во Нипуру изнеле на виделина бројни документи, кои покажуваат дека во тоа подрачје на Месопотамија живееле многу богати Евреи за време на владеењето царот Артаксеркс I. Оттука, сигурно Ездра и останатите водачи имале тешка задача да убедат толкав број луѓе, колку што на крајот му се придружиле да се вратат. Овие повратници во почетокот можеле да очекуваат само тежок живот во својата стара татковина, со многу помалку удобности отколку во Вавилон. Со оглед на ваквите околности, изненадува тоа што Ездра успеал да убеди речиси 2000 семејства да им се придружат на своите браќа во првобитната татковина“ (*The SDA Bible Commentary*, 3. книга, стр. 376).

**„И дека треба преку многу неволји да влезат во Божјото Царство“ (Дела 14,22). Што ни кажува овој стих за реалноста на искушенијата и неволјите во животот на оние кои сакаат верно да му служат на Господа?**

## ПОНИЗНИ ПРЕД БОГА

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 30,1-6. Какво ветување му е дадено на еврејскиот народ овде? Што мора да им значело ова ветување, покрај другите ветувања како него, на луѓето како што се Ездра и Неемија?**

---

И Ездра и Неемија ги познавале пророштвата. Знаеле дека Бог ќе го врати народот од заробеништво. Во 9. глава од книгата на Неемија видовме дека тие ја сфаќале својата историја како и причините за своите неволји. Во исто време, и покрај своите гревови, тие исто така ја познавале Божјата добрина и водство.

Според тоа, се потпирале на Господа дека враќањето од заробеништво ќе ги направи успешни. Тие ветувања, меѓутоа, не значеле дека нема да се соочат со многубројни предизвици на тој пат. Во голем дел од ова тримесечје до сега, ги гледавме овие искушенија и неволји со кои се соочувале, и покрај Божјите ветувања.

**Прочитајте го текстот Ездра 8,16-23. Што претставувало предизвик во овие стихови и како одговориле на него?**

---

---

---

И покрај ветувањата, Ездра знаел колку патувањето било опасно. Според тоа, постот и понизноста пред Бога биле начини да признаат колку нивниот успех зависи од Господа. Во тоа време, покрај толку многу опасности што ги очекувале, на Ездра му се јавила мислата да го замоли царот за помош и заштита. Меѓутоа, на крајот одлучил тоа да не го прави, за разлика од Неемија (Неемија 2,9), на кого придружбата му пружила заштита. Ездра очигледно сметал дека ќе го посрамоти Господа доколку го праша царот, бидејќи веќе му рекол: „Раката на нашиот Бог е испружена да ги благослови сите оние, кои го бараат; Неговата сила и Неговиот гнев се над оние, кои го оставаат“ (Ездра 8,22). Во оваа прилика сè поминало добро, бидејќи подоцна напишал (Ездра 8,31) дека Господ ги заштитил и сигурно стигнале до својата цел.

**Секако, треба да имаме доверба во Бога во сè. Истовремено, во кои моменти ги повикуваме дури и оние кои не се од нашата вера за да ни помогнат? Зошто во многу случаи тоа не е погрешно, туку можеби дури и соодветно?**

---

---

## ВО СВЕТИОТ ГРАД

**Прочитајте Неемија 11,1.2. Што се случува во овој текст? Зошто морале да фрлаат ждрепка за да видат кој ќе живее во Ерусалим, а кој во другите градови?**

---

---

На што нѐ учи 11. глава од книгата на Неемија? Од дојденците кои се вратиле во земјата по прогонството било неопходно да се изберат нови жители на Ерусалим.

Очигледно е дека полесно било да се живее на село отколку во градот. Народот имал своја земја, која ја наследиле од предците. Да се напушти и да се отиде да се живее во Ерусалим претставувало жртва и многумина со право можеле да сметаат дека ќе пропаднат доколку го направат тоа. Животот носел нови предизвици бидејќи градскиот начин на живот се разликувал од животот во руралната средина. Почетокот во нова, непозната средина секогаш е тежок.

Колку голем предизвик е да се преселиш во нов град или земја каде што е потребно да го шириш Евангелието? Мисијата во градовите бара подготвеност да се преземат нови потфати и соочување со нови неволји.

„Нашите работници не се залагаат во мисионската работа онака како што би требало. Нашите водачи не се свесни за делото кое мора да се изврши. Кога мислам на градовите во кои толку малку е направено, во кои живеат илјадници души кои треба да се предупредат за скорото доаѓање на Спасителот, тогаш чувствувам силна желба мажите и жените да пристапуваат кон работата во сила на Духот, исполнети со Христовата љубов кон душите кои пропаѓаат“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 7 книга, стр. 40).

**Зошто е долг списокот на свештеници и Левити спомнат во текстот на Неемија 12,1- 26? Каква поврзаност има меѓу нив и осветувањето на ѕидот во Ерусалим опишан во другиот дел на истата глава (Неемија 12,27-47)?**

---

Бог сака сѐ да биде направено на соодветен начин. Пред да можат да се остварат големи потфати, потребни се посветени и ревни луѓе. Овие свештенички семејства му помогнале на Неемија во изградбата на ѕидот за да можат без опасност да му се поклонуваат на живиот Бог во Храмот без надворешно мешање. Ѕидовите биле важни поради сигурноста, но без посветени свештеници вистинското богослужение би било во опасност. Оттука целиот народ, во своите различни обврски, имал своја одредена улога.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт *Патот кон Христа* прочитајте ја главата „Вистински Христови следбеници“ стр. 57-65 оригинал.

„Има и такви кои ја запознале Христовата љубов која проштава, и кои навистина сакаат да бидат Божји деца, но се свесни за несовршенството на својот карактер, за грешноста на својот живот, и затоа се готови да се посомневаат во тоа дека Светиот Дух навистина го преродил нивното срце. Ним би им кажала: Немојте да се повлекувате обземени со очај! Ние често ќе мораме да паѓаме пред Исусовите нозе и да плачеме поради нашите недостатоци и грешки, но не смееме да се обесхрабриме. Дури и ако непријателот не' надвладеал, Бог не не' отфрла, не не' заборава и не не' одбива! Не! Христос се наоѓа од десната страна на Бога и самиот се зазема за нас... Тој копнее да ве врати кај себе, да види како неговата чистота и светост се одразуваат во вас. И само ако сакате да му се покорите нему, Тој, кој го почнал доброто дело во вас, ќе го продолжи се' до денот на Исуса Христа. Молете се посесрдно, верувајте попотполно! Кога ќе се посомневаме во нашата сила, да се потпреме на силата на нашиот Откупител и тогаш ќе го прославуваме Оној кој е здравје на нашата душа“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 64. ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте за 2. глава од Книгата на пророкот Даниел и за тоа како Даниел пред неколку илјади години, толку точно го предвидел подемот и падот на царствата, опишувајќи го дури (и многу точно) неединството на современата Европа денес. Како можеме да научиме да извлечеме утеха од ова пророштво, кое толку силно ни покажува, дури и среде хаосот во светот, дека Бог знае сè што се случува и дека сè предвидел?**

**2. Бог знае сè за нас. Тоа е утешно и ни дава гаранција и сигурност дека Тој се грижи за нас. „Сега вака зборува Господ, кој те создаде, Јакове, кој те створи, Израеле: ’Не бој се, зашто Јас те откупив; те повикав по име, ти си Мој’“ (Исаија 43,1). Како можете другите да ги уверите во Божјето присуство и грижа кога поминуваат низ емоционални, социјални и финансиски кризи, како и кризи во меѓучовечките односи?**

**3. Размислувајте повеќе за прашањето од отсекот за среда, и за тоа дека Ездра не сакал да го замоли царот за помош бидејќи се плашел оти ќе ги направи празни неговите зборови за Божјата заштита. Знаеме, на пример, дека Бог е исцелител. Дали тоа значи, дека покажуваме недоволно вера во Него дека може да нè исцели доколку се обратиме на лекар? Разговарајте во класата околу ова прашање.**

**Поука 10**
**Од 30 ноември до 6 декември 2019**

# ОБОЖАВАЊЕ НА ГОСПОДА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Неемија 12,27-47; 1. Дневникот 25,6-8; 1. Јованово 1,7-9; Јован 1,29.36; 1. Коринќаните 5,7; Евреите 9,1-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Му пееја на Господа фала и слава: 'Зашто е благ, зашто е довека Неговата милост кон Израел.' И сиот народ воскликнуваше славејќи го Господа, зашто Господовиот Дом беше поставен врз своите основи" (Ездра 3,11).**

Текстот што треба да го запомниме за оваа седмица ни дава увид во еврејските богослужбени обичаи и во тоа како нивната благодарност кон Бога се издигнувала во пофалба. Во 515 г. пр. н. е. го славеле посветувањето на новиот Храм (Ездра 6,15-18), а потоа, околу 60 години подоцна, народот го прославувал посветувањето на завршениот ерусалимски ѕид (Неемија 6,15-7,3; Неемија 12,27 и натаму).

По родословот во 11. и 12. глава од Книгата на Неемија, писателот се сосредоточува на моментот кога се прославувало посветувањето на градскиот ѕид. Владеел обичај народот да му посветува одредени работи на Бога: Храмот, градскиот ѕид, дури и куќите и јавните градби. Таквото посветување било внимателно подготвувано и проследено со пеење, музика, гозба, принесување на жртви, радување, веселба и чистење на народот. Давид воспоставил практика на принесување на жртви во текот на посветувањето, а подоцна израелските водачи го следеле неговиот пример, почнувајќи од Соломона, кога го донел ковчегот во Храмот (1. Царевите 8,5).

Оваа седмица ќе проучуваме за тоа како му се поклонувале на Господа во тој период и што можеме да примениме во нашиот живот ние, кои му служиме на истиот Господ.

## ПЕЕЊЕ ПЕСНИ НА ГОСПОДА

**Прочитајте: Неемија 12,27-29. Забележете некои од клучните зборови кои откриваат како изгледало нивното богослужение и славење на Бога. Како би ги опишале?**

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

Израелскиот народ задолжил посебна група Левити да бидат пејачи и музичари при службата во Храмот. Бог ги уредил обичаите и им дал упатства за служба, бидејќи богослужението во Храмот требало да биде убаво и професионално извршено.

Царот Давид ја обликувал оваа практика во посложен и повеличествен систем отколку што било претходно. Според тоа, потомците на Асаф, кого Давид го одредил за водач на богослужението во Храмот, и понатаму биле поставувани како „пејачи при службата во Божјиот дом“ (Неемија 11,22).

**Прочитајте ги стиховите во 1. Дневникот 25,6-8. Каква поука ни дава овој текст за тоа колку музиката заземала централно место и била важна во богослужението и пеењето на „песните Господови“?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Пејачите биле Левити и, според тоа, официјално биле поставени на должност во Храмот. Значи, подготвувањето на музиката за службата во Храмот било нивна платена работа. Во времето на царот Давид била основана самостојна музичка академија, чија работа ја надгледувал самиот тој. Имало учители и ученици, млади и стари, кои во смени работеле во Храмот, грижејќи се за музиката. Едни биле свирачи, други пејачи, додека останатите воделе сметка за инструментите и облеката што се користела при службата. Која била целта на ваквата професионална организација? Служела за да го развива талентот и визијата на совршенството во богослужението. Совршенството секогаш треба да биде цел на богослужението. Пофалата мора да извира од срцето и да биде изразена на најдобар можен начин за да можат луѓето духовно да се издигнат. Можеме само да претпоставиме колку внимателно биле бирани музичарите и пејачите кои служеле во Храмот околу водење на богослужбата.

**На кои начини преку музиката сте доживеале радост во богослужението? Во која смисла тоа е важно за вас?**

_______________________________________________

# ЧИСТЕЊЕ

Откако во Писмото станало збор за посветувањето на ѕидот, а потоа и за хорот пејачи, следниот стих, Неемија 12,30, ни зборува за чистењето. „Свештениците и Левитите се очистија себеси, а потоа ги исчистија народот, вратите и ѕидот.“

Еврејскиот корен за зборот „исчисти“ гласи *thr* и значи „да се биде чист“. Се користи во многу рамки на Стариот завет, вклучувајќи ја и онаа во која се јавува мислата за моралната чистота пред Бога.

**„А ако, пак, во светлина одиме, како што е Тој самиот во светлина, тоа значи дека ние еден со друг имаме заедништво, и крвта на Исус Христос, Неговиот Син, нè очистува од секаков грев. Ако кажеме дека немаме грев, се лажеме сами себе, и вистината не е во нас. Ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секаква неправда“ (1. Јованово 1,7-9). Што можеме да научиме од овој текст за 1) човечката природа; 2) Божјето проштавање и 3) Божјата сила во нашиот живот?**

__________________________________________________________

Храмот и службата кои се вршеле во него навистина биле многу значајни елементи на религијата на стариот Израел. Меѓутоа, Храмот и неговите служби биле средство за постигнување на целта, а не цел сама по себе. А таа цел, секако, била да го поведе народот во спасосна заедница со нивниот заветен Бог, Господа Исуса Христа, и да ги запознае со Неговата сила која го врши делото на чистење во нивниот живот. Кога сфаќаме што направил Бог, од што нè спасил Господ – токму тоа нè поттикнува да Го сакаме и да Му служиме. Тоа е една од причините зошто стариот Изрел постојано повторувал што направил Бог за нив во минатото. Тоа им помогнало да ја спознаат добрината и љубовта на Господа, кој бил во центарот на радоста и благодарноста што го проникнувале нивното искуство во богослужението.

Искуството на проштавање на гревот и неговото вреднување во нас денес треба да поттикне благодарност кон Бога и чувство на надеж и радост. Тогаш ќе ни биде лесно да му упатуваме пофвала на Господа и да покажуваме дека ја цениме убавината на Неговиот карактер. И можеме ли да имаме поголемо откривање на Божјиот карактер од Исуса на крстот, кој ја поднел казната за нашите гревови, за да не мораме ние лично да ја поднесеме?

**Без оглед на вашите гревови од минатото или вашиот сегашен карактер, покрај крстот можеме да добиеме потполно проштавање – и тоа токму во овој момент. Зошто не го побарате проштавањето кое Исус ви го нуди *токму сега*?**

# ДВА ГОЛЕМИ ХОРА ИЗРАЗУВААТ БЛАГОДАРНОСТ

**Прочитајте: Неемија 12,31-42. Зошто музиката била толку важен дел од ова славење?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Дел од богослужението во времето на Неемија го сочинувале два хора кои му упатувале благодарност на Бога. Оделе околу Ерусалим пеејќи, во придружба на инструменти. Тргнувале од исто место, а потоа се раздвојувале движејќи се во различни правци околу ѕидовите на градот. Едната група ја предводел Ездра, кој бил напред, а за другата позади бил задолжен Неемија. Двата хора повторно се составувале кај Затворските порти, а оттаму продолжувале кон Храмот. Свештениците коишто трубеле во трубите ги дополнувале двете поворки. Во моментот кога хоровите влегувале во Храмот, застанувале едни кон други. Тоа било одлично организирано, и поворката и богослужението.

За да одговориме на прашањето зошто музиката е толку важен дел од славењето и богослужението, мораме да се осврнеме на нејзиното значење во контекст на Храмот. Музиката во Храмот не била како концерт на кој луѓето дошле за да уживаат, како, на пример, во слушањето на Бетовеновата четврта симфонија која се изведува во концертна сала. Додека музичарите пееле и свиреле на инструментите, народот се поклонувал во молитва. Тоа било дел од нивното богослужение.

Главниот чин во Храмот и на богослужението се однесувал на принесувањето на жртвите, сам по себе доста непријатен чин. Всушност, што правеле освен што ги потсекувале грлата на невините животни? Свирењето на убава музика, покрај воздигнувањето на мислите на народот кон Небото, во голема мера помагало целокупното искуство во текот на богослужението да стане попријатно.

**Побарајте примери во Библијата во кои музиката била важен облик на богослужение. Посебно размислете за следните текстови: 2. Мојсеева 15,1; 2. Дневникот 20,21.22: Откровение 15,2-4.**

____________________________________________________________

И на Земјата и на Небото, музиката е дел од богослужението. Забележете дека во претходните стихови песните зборуваат за тоа што направил Господ за својот народ, вклучувајќи го и тоа дека им дал победа „над ѕверот“ (впрочем, како поинаку и би се здобиле со победа?). Тие претставуваат пофалба на Бога за Неговите дела на спасение.

**Наведете што Бог сторил за вас а претставува добра причина да му пеете пофални песни.**

# ЖРТВАТА КАКО ДЕЛ ОД БОГОСЛУЖЕНИЕТО

**Прочитајте го текстот Неемија 12,43. Што било посебно во врска со принесувањето „големи жртви“ кои биле дел од прославувањето во текот на богослужението?**

___

___

Принесувањето на жртви било најважниот аспект на богослужението во времето на постоење на Храмот. Принесувани се неколку различни жртви, или поради ветувањето за простувањето или поради изразувањето радост, заедништво и благодарност кон Бога. Жртвите биле срцевина на богослужението бидејќи ги потсетувале учесниците на вистината за Бога, на тоа кој е Тој, и укажувале на Ветеното Семе, Месија, кој ќе го жртвува својот живот за нив, бидејќи е Божјо Јагне.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 1,29.36; 1. Коринќаните 5,7; Откровение 5,6.12.13. Што учат овие стихови, на што укажуваат жртвите? Ако старите Израелци можеле да се веселат над убиеното домашно животно, над смртта која ја откривала големата вистина, колку повеќе причини од нив ние имаме да се веселиме?**

___

___

Исто така, забележете, колку пати мислата за радост и веселба се јавува во текстот на Неемија 12,43. Односно, покрај длабокото почитување, и можеби побожниот страв што народот го доживувал во текот на богослужението (всушност, убивањето на животните поради гревот бил возвишен чин), владееле исто така радост и веселба. Кога му пристапуваме на Бога, тоа мора да го правиме со страхопочит и побожност, но и со веселба. Псалмот 95 покажува дека вистинскиот чин на обожавање го опфаќа повикот да запееме, да воскликнеме весело и со музика да го прославиме Бога (Псалм 95,1), како и да му се поклониме на Господа и да клекнеме пред Него (Псалм 95,6). Настојувањето да постигнеме рамнотежа меѓу радоста и страхопочитта е многу важно кога станува збор за обожавањето, прославувањето и поклонувањето на нашиот Создател.

**Какви чувства најпрво доживуваме кога ќе помислиме дека Творецот на сè што е создадено (види: Јован 1,1-3) висел на крст, умирајќи за гревовите на своите созданија? Каква улога радоста може и треба да има во нашето искуство на крстот?**

## УЛОГАТА НА СВЕШТЕНИЦИТЕ И ЛЕВИТИТЕ ВО БОГОСЛУЖЕНИЕТО

**Прочитајте: Неемија 12,44-47. Зошто Јуда се радувал на „свештениците и Левитите кои служеа“? Зошто тие биле важни?**

___

___

**Што симболички претставувала работата на свештениците (кои биле Левитите)? Види: Евреите 9,1-11.**

___

___

„Христовото посредување за човекот во небесното Светилиште е исто толку важно во планот на спасението колку и неговата смрт на крстот. Со својата смрт Христос го почнал делото што по своето воскресение отишол да го доврши на небото. Ние мораме со вера да влеземе зад завесата каде што “Исус влезе за нас како претходник” (Евреите 6,20)“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 437; стр. 489, оригинал).

Да повториме, иако тогашниот народ сигурно немал светлина каква што ние денеска имаме, доволно разбирале за да знаат дека работата на Левитите, кои единствено можеле да служат во Храмот, е мошне важна. Левитите биле возбудени што Божјето дело ќе биде извршено преку нив. Народот поминувал време со Бога читајќи ја Неговата реч, молејќи се, одржувајќи богослужби и повторно посветувајќи се Нему. Среде сето тоа, сфатиле дека службите во Храмот се занемарени и дека е потребно да се обноват. Сега, кога тие повторно биле воспоставени, народот се радувал на важното дело кое Левитите го извршувале за нив. Бог ја втиснал мислата кај народот дека службите во Храмот се дел од Неговиот план за богослужение.

За жал, проповедниците, учителите на Речта и музичарите често пати не се сфаќаат сериозно. Дури и во времето на Неемија, поддршката на Левитите понекогаш била силна, а понекогаш многу слаба. Левитите често морале да се занимаваат со други работи за да го издржуваат своето семејство, бидејќи народот престанал да дава десеток и дарови.

Без десеток и дарови нема организирана Црква ширум светот. Ако сакаме нашите проповедници да продолжат со работата, мораме да бидеме посветени на тоа да ги поддржуваме со парични прилози како и со усно признавање. Црквата можеби никогаш нема да биде совршена, но тоа не треба да ги ослаби нашите дарувања на Бога, кои се потребни за да се продолжи Неговото дело насекаде во светот.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт, *Патот кон Христа*, прочитајте ја главата „Растење во Христа“, стр. 67-75 оригинал.

„Христовиот крст ќе биде главен предмет на проучување и песна на откупените низ сета вечност. Во прославениот Христос го гледаат распнатиот Христос. Никогаш нема да заборават дека Оној, чијашто моќ ги создала и ги одржува безбројните светови во вселената, Божјиот мил Син, небесното Величество, Оној пред кого се клањале херувимите и светите серафими – се понизил себеси за да го подигне паднатиот човек; дека ја зел на себе кривицата и срамот на гревот и доживеал лицето на Отецот да се скрие од него и болката за еден загубен свет да го скрши неговото срце на крстот на Голгота. Сознанието дека Оној што ги создал сите светови и кој е Судија на сите луѓе, ја напуштил својата слава и се понизил од љубов кон човекот, секогаш ќе буди чудење и восхит во вселената. Кога спасените ќе го видат својот Избавител и кога ќе ја забележат на неговото лице вечната слава на Отецот; кога ќе го видат неговиот престол што е поставен од вечноста и кога ќе помислат дека неговото царство нема крај, одушевено ќе ја запеат песната: ’Достојно, достојно е Јагнето што е заклано и нè помири со Бога со својата драгоцена крв!’“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 581; стр. 651.652. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте во класата за пронаоѓање на вистинска рамнотежа во богослужението меѓу искажувањето на страхопочит и радување или одговорете на следното прашање: *Дали искажувањето страхопочит и радување воопшто меѓусебно се исклучуваат?***

**2. Израелците го ставиле ерусалимскиот ѕид под божествена заштита преку церемонијата на посветување и на тој начин признале дека ѕидот е бескорисен доколку Бог не го брани. Соломон тоа добро го изразил: „Ако Господ не го гради домот, напразно се трудат ѕидарите. Ако Господ не го чува градот, напразно бдее стражарот“ (Псалм 127,1). Што ни кажува овој стих за сите наши напори за Господа?**

**3. Каква е улогата на музиката во вашето лично искуство кога станува збор за црковното богослужение?**

**4. Писмото јасно вели: Исус е наш Првосвештеник во Светилиштето на Небото. Што точно Тој таму прави за нас? Што можеме да научиме од службата на свештеникот во земниот Храм за тоа што Исус прави за нас во небесниот храм?**

**Поука 11**
**Од 7 - 13 декември 2019**

# НАРОДОТ ЗАПАЃА ВО СТАРИОТ ГРЕВ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Неемија 13,1-9; 5. Мојсеева 23,3-6; Неемија 13,10-14; 4. Мојсеева 18,21-24; Неемија 13,15-22; Јован 5,5-16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И им реков на Левитите да се очистат и да дојдат да чуваат стража при портите за да се зачува светоста на саботниот ден. Спомни ме и за тоа, Боже мој, и поштеди ме по големата Своја милост!“ (Неемија 13,22)**

Во меѓувреме, меѓу 12. и 13. глава, Неемија се враќа во Вавилон. Иако не знаеме колку долго бил отсутен, кога се вратил (веројатно околу 430 – 425 г. пр. н. е.) народот повторно паднал во грев. Иако склучиле завет со Бога во врска со следните прашања: прво, да не стапуваат во брак со идопоклониците; второ, внимателно да ја празнуваат саботата; и, трето, со десетоците и даровите да се грижат во Храмот и оние кои работат во него (Неемија 10) – ги прекршиле сите три ветувања.

Во моментот кога се вратил Неемија, биле многу небрежни во своето посветување на Бога. Народот престанал да дава десетоци и дарови, почнал да ги користи одаите на Храмот за други цели, престанал правилно да ја празнува саботата, дури и се вратил на стапувањето во брак со припадниците на околните народи. Што е најлошо од сѐ, токму водачите што ги оставил придонеле за слабеењето на односите меѓу израелскиот народ и Бога. Не е чудно што Неемија се разочарал кога сфатил до какви промени дошло. Меѓутоа, наместо да ја прифати таквата состојба на работите, уште еднаш, како што дозволувал неговиот карактер, дејствувал на слава на Бога.

## РАСИПАНОТО ВОДСТВО НА ХРАМОТ

Тринаесеттата глава од Книгата на Неемија започнува со прашањето во врска со странците/идопоклониците Амонци и Моавци во нивната средина (Неемија 13,1-3). Овие стихови не зборуваат за одвојување на поединци од друг народ или од друга раса кои го следат Бога, туку се однесува на испраќање на оние кои се од друга вера – не на обратениците, туку на идопоклониците (види и: 5. Мојсеева 23,3-6).

**Прочитајте го текстот Неемија 13,1-9. Кои биле Елијасив и Товија? Зошто тоа што го направиле било неприфатливо? Погледнете ги следните текстови: Неемија 2,10.19; 3,1; 12,10.22; 13,28.**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

И Елијасив и Товија се познати личности во Книгата на Неемија. Елијасив бил првосвештеник на народот, а исто така бил задолжен и за Храмот. Товија се споменува како амонски непријател на Неемија кој жестоко се противел на неговата работа во Ерусалим. Односот на Елијасив и Товија укажува на поврзаност воспоставена преку брачна заедница.

Иако извештаите за брачната поврзаност не се сочувани, знаеме дека Товија имал еврејско име (кое значи „Господ е добар“), и дека, според тоа, најверојатно дошол од еврејска срдина. Семејството на неговата сопруга, наследници на Арах, иако неименувани, се верува дека биле во роднинска врска со семејството на Елијасив. Покрај тоа, Санавалат Оронецот, вториот противник на Неемија, имал ќерка која се омажила за внукот на Елијасив. Според тоа, кругот на интригите околу Неемија мора да бил многу силен бидејќи највисоките службеници во земјата биле во сродство и обединети против водството на Неемија.

За време на отсуството на управителот, првосвештеникот му дал на Товија една од одаите во Храмот наменети за чување на десетоците, даровите и приносите. На Товија му бил дозволен постојан престој во Храмот, што било начин да се постави како еден од водачите на народот. Непријателите на Неемија конечно го постигнале она што за сето време го сакале: да го отстранат Неемија и да ја преземат власта. За среќа, Неемија немал намера само да седи и ништо да не преземе.

**Дали Божјиот народ во текот на светата историја – било да се тоа Евреите во стариот Израел или христијаните по нив во текот или по новозаветните времиња – толку лесно дозволувал да биде заведен? Како можеме да ги избегнеме нивните грешки?**

# ЛЕВИТИТЕ НА НИВИ

**Прочитајте Неемија 13,10-14. Што настојува Неемија овде да исправи?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Пејачите, чуварите на вратата и другите работници во Храмот морале да се вратат на работа на своите ниви за да ги прехранат своите семејства, бидејќи Божјото дело не било поддржано. Целиот систем на десетоци и дарови, кој толку грижливо бил воспоставен, сега бил срушен. Неемија морал да започне сѐ од почеток. Со тоа што исфрлил сѐ од одаите, го покажал својот очај.

„Не само што бил осквернет храмот, туку ни даровите не се употребувале како што треба. Од таа причина луѓето станувале сѐ помалку дарежливи. Ја изгубиле верноста и сесрдноста, а десетокот го давале со негодување. Ризницата на Божјиот дом била недоволно снабдена. Мнозина пејачи и други лица што учествувале во службата на храмот не добивале доволно награда, па го напуштиле Божјото дело и се вработиле на друго место“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 435; стр. 670. оригинал).

Интересно е да се види како цела Јудеја повторно се обединила и го изградила она што било уништено. Народот бил на страната на Неемија против Товија и Елијасив, бидејќи сигурно увиделе дека Неемија прави сѐ што може за доброто на народот. Покрај тоа, Неемија им ја доверил положбата настојник над ризниците на Храмот на луѓе кои ги сметал за верни и лојални. Им била доверена задачата да ги собираат десетоците и даровите, да се грижат работите да бидат чувани на соодветен начин и средствата да се делат на одредени личности. Со други зборови, Неемија дошол и речиси истовремено го искоренил расипаниот начин на управување.

Иако Неемија поставил верни луѓе над работите во Храмот, расипаниот првосвештеник, Елијасив, не ја изгубил својата положба, бидејќи му е пренесена во наследство како потомок на Арон. Неговата работа во храмот била ограничена со новите мерки на Неемија и со поставување на други лица на некои првосвештенички одговорности, но тој и понатаму бил првосвештеник.

**Неемија се молел: „Затоа, Боже мој, спомни си за мене: не презирај ги моите побожни дела, кои ги направив за Домот на својот Бог и за службата во него“ (Неемија 13,14). Што е тоа што било толку човечко во врска со оваа молитва?**

## ДЕСЕТОЦИ И ДАРОВИ

Реформите на Неемија во Храмот опфаќале и извршување на налогот во врска со десетоците и даровите.

**Прочитајте ги следните текстови: 4. Мојсеева 18,21-24; Малахија 3,10; Матеј 23,23; 1. Коринќаните 9,7-14; 2. Коринќаните 9,6-8; Евреите 7,1.2. Што нè учат овие текстови за важноста на десетоците и даровите, не само за службата на Храмот, туку и за нас денес?**

___

___

___

Без собирање на десетоците и даровите, не можела да се извршува службата во Храмот. Кога десетоците биле скратени, службата во Храмот престанала и целиот систем на богослужение бил загрозен. Кога службениците на Храмот отишле да побараат друга работа за да го прехранат своето семејство, не можеле повеќе да се грижат целосно за Храмот. Со самото тоа, обожавањето на Бога било присутно во помала мера.

„Системот на десетокот е величествен во својата едноставност. Неговата правичност се открива во неговото сразмерно барање и од богатите и од сиромашните. Во сразмер колку Бог ни дал да ја користиме Неговата своина, толку треба да Му вратиме во десеток. Кога Бог бара десеток (Матеј 3,10), Тој воопшто не се повикува на благодарност или на великодушност. Иако благодарноста треба да биде дел од сите наши обраќања кон Бога, ние даваме десеток затоа што Бог тоа го наредил. Десетокот му припаѓа на Бога и Тој бара да Му го вратиме“ (*Христијаните адвентисти веруваат,* стр. 343).

Како што се случило во израелскиот Храм, нашата Црква би пропаднала без поддршката на верниците кои ги приложуваат своите десетоци и дарови. Службите во нашата Црква не би можеле да продолжат со работа без луѓето кои се платени да вложат време во квалитетна служба, планирање и водење на Божјата црква. Службата на Бога би била со послаб квалитет. Што е најважно, без десетокот и даровите, евангелската работа не би постоела.

Ние даваме десеток затоа што Бог воспоставил таков систем во својата Реч. Постојат моменти кога Бог не мора да објаснува зошто нешто утврдил. Очекува од нас да веруваме дека Тој управува со сè. Ние треба да дознаеме и да бидеме известени за тоа како дејствува системот, а потоа да го довериме во Негови раце.

**Зошто давањето на десеток е толку важно за нашата духовност и зошто претставува мерило на нашата доверба во Бога?**

## ГАЗЕЊЕ ГРОЗЈЕ ВО КАЦИ ВО САБОТА

**Прочитајте: Неемија 13,15.16. Со какво прашање овде се занимава Неемија?**

___

Не е лесно да се застане на Божја страна кога сте малцинство. Бидејќи Бог рекол дека саботата е свет ден во кој никој не треба да извршува никаква работа, Неемија имал намера да се погрижи оваа заповед да се почитува во Ерусалим. Нема сомнение дека чувствувал морална обврска да ја заземе положбата што ја зазел и да дејствува во согласност со тоа.

Саботата била создадена на крајот на седмицата затоа била посебен ден кога луѓето требало да бидат обновени и препородени поминувајќи време со Бога онака како што не можеле кога биле преокупирани со своите занимања или извршувале други световни работи.

Кажано е: „Саботата го чувала Израел повеќе отколку што Израел ја чувал саботата.“ Суштината е дека седмиот ден, сабота, бил, а и понатаму е, моќно средство кое помага да се одржи верата жива во оние кои со Божја благодат тежнеат да ја празнуваат и да уживаат во физичките и духовните предимства коишто таа ги нуди.

**Прочитајте: Неемија 13,17-22. Што прави Неемија за да го спречи „купувањето и продавањето“ во сабота?**

___

___

Бидејќи Неемија е управител на Јудеја, тој смета дека негова улога е да ги спроведе законските одредби. Бидејќи одредбите во Јудеја се темелеле на Божјиот закон, тој станува чувар на Законот, вклучувајќи ја и заповедта за саботата. А можеби, кога кнезовите на Јуда би се спротивставиле на изопаченоста што ја вовел првосвештеникот, Неемија не би се нашол во таква ситуација. Меѓутоа, поглаварите и кнезовите можеби веќе му префрлале на Неемија бидејќи претходно ги натерал да им вратат одредени средства на сиромашните; затоа се чинело дека не се спротивставувале на промените што ги вовеле Елијасив и Товија.

Неемија најпрво ги прекорува поглаварите, а потоа наредува да се затворат портите и да се постават слуги што ќе ги чуваат портите. Кога местото за трговија се поместува надвор од градот, тој презема уште подрастични мерки и се заканува дека ќе дигне рака на трговците следната сабота. Неемија сигурно бил човек од збор, бидејќи трговците го послушале и веќе не доаѓале на тоа место.

## „НЕ ЛИ ПРАВЕА ТАКА И ТАТКОВЦИТЕ ВАШИ?“

Ревноста на Неемија за саботата нѐ восхитува. Бил толку ревносен во врска со правилното држење на саботата што дури и ветил дека ќе дигне рака на трговците од другите народи. Со други зборови, лично тој би се вмешал доколку во сабота повторно ги затекне во градот или покрај портите. Како управител имал официјална одговорност да се погрижи оваа заповед правилно да се почитува.

„Неемија бестрашно ги укорил заради ова занемарување на должноста. ’Какво е тоа зло што го правите, па ја скверанавите саботата?’, строго ги запрашал. ’Не ли правеа така и татковците ваши, па Бог го пушти врз нас и на овој град сето ова зло? И вие уште го умножувате гневот врз Израел скверанавејќи ја саботата.’ Потоа наредил да се затвораат вратите ’кога ќе дојде сенката на вратата Ерусалимска во очи сабота,’ и да не ги отвораат додека не заврши саботата. Имајќи повеќе доверба во своите слуги отколку во оние што би ги определиле ерусалимските поглавари, ги поставил кај портите да пазат оваа наредба да не се престапува. (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 435.436; стр. 671.672. ориг.).

Опомените на Неемија за обесветувањето на саботата, заедно со другите опомени за нејзиното кршење, очигледно одекнувале низ вековите дури до Исусово време. Тоа го знаеме, бидејќи Евангелијата често го прикажуваат Исуса како се бори со верските водачи во врска со правилното држење на саботата.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 12,1-8; Марко 3,1-6; Лука 6,6-11; Јован 5,5-16. Кое е спорното прашање во овие текстови и како сфаќањето на историјата на стариот Израел ни помага да објасниме зошто дошло до конфликти?**

---

Во својата ревност, иако погрешно насочена, за саботата да не биде „осквернета“, овие верски водачи биле толку заслепени што за сето тоа го обвиниле Исуса, кој е „Господар и на саботата“ (Лука 6,5), дека ја крши. Иронично е тоа што, иако многумина од овие луѓе изразувале голема загриженост за Законот, сепак заборавиле што е „најважно“ во Законот: „Тешко вам, книжници и фарисеи, лицемери, зашто давате десеток од нане, копра и ким, а сте го оставиле најважното во Законот: праведноста, милоста и верата; ова требаше да го правите, а и она да не го оставате“ (Матеј 23,23).

**Како можеме, како поединци и како Црква, да бидеме внимателни да не ја направиме истата грешка што овие луѓе ја направиле било во врска со саботата или со нешто друго за што веруваме дека е важно за верата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт Патот кон Христа, прочитајте ја главата „Радост во Господа", стр. 115-126 оригинал.

„Укажувајќи им на заповедите и Божјите казни што го снашле Израел во минатото поради истиот грев, ја разбудил нивната совест; така започнало делото на реформа, кое го оттргнало Божјиот заканувачки гнев и донело Негов благослов и одобрување.

Имало поединци во светата служба кои ги брането своите жени од незнабожечкото потекло, изјавувајќи дека не можат да се одвојат од нив. Меѓутоа, не била правена никаква разлика, не се гледало ниту на чин ниту на положба. Ако некој од свештениците или од поглаварите одбиел да ја прекине врската со идолопоклониците, веднаш бил отстрануван од Господовата служба. Внукот на свештеничкиот поглавар, кој се оженил со ќерката на озлогласениот Санавалат, не бил само отпуштен од службата туку и веднаш бил прогонет од Израел. 'Спомни си за овие луѓе, Боже мој, затоа што го осквернија свештенството и заветот свештенички и левитски!'" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 437; стр. 673.674. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го претходниот цитат на Елена Вајт. Разговарајте во класата што мислите за она што го направил Неемија, не правејќи никакви исклучоци, дури ни во случај кога се чинело дека навистина ги сакаат своите сопруги и не сакаат да се разделат од нив. Дали мислите дека Неемија бил премногу строг или премногу крут, и дека можел да направи одредени исклучоци? Зошто да или зошто не? Како Црквата, во истите овие рамки, ја применува дисциплината во љубовта и разбирањето, и како истовремено може да биде доследна а да не ги снижува Божјите мерила на вистината?**

**2. Иако знаеме дека нема ништо легалистичко во врска со празнувањето на седмиот ден, саботата – како што нема ништо легалистичко кога станува збор за тоа дека не сакаме ништо туѓо, не крадеме и не лажеме – како можеме да бидеме внимателни и држењето на саботата (или послушноста на која било друга заповед) да не ја претвориме во нешто легалистичко? Зошто најмоќната заштита против стапицата на легализмот е секогаш пред себе да го имаме крстот и она што Христос го сторил за нас на крстот?**

**3. Во исто време, како можеме да се заштитиме од опасноста која се заканува доколку полека но постојано правиме компромиси, како оние на кои Неемија се спротивставил?**

**Поука 12**
**14 - 20 декември 2019**

# СООЧУВАЊЕ СО ЛОШИТЕ ОДЛУКИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Неемија 13,23-25; 5. Мојсеева 7,3.4; 2. Коринќаните 6,14; Ездра 9; Ездра 10; 1. Коринќаните 7,10-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И реков: ’Мој Боже! Срам ми е и се плашам да го подигнам моето лице кон Тебе, мој Боже! Зашто нашите злодела се намножија преку глава, и нашите гревови се натрупаа до небото’“ (Ездра 9,6).**

Ездра и Неемија станале водачи во заедниците во кои склучувањето брак со припадниците на други народи станало вообичаено. И двајцата биле премногу загрижени поради тоа, бидејќи сакале народот да оствари блиска заедница со Бога. Биле свесни за негативното влијание кое верниците и идопоклониците можеле да го извршат на израелскиот народ, бидејќи ги виделе страшните последици во текот на историјата. Хананската религија се ширела низ Израел сè додека Вал и Астарта не биле обожавани на секој висок рид.

Влијанието кое незнабожечките сопруги го вршеле на израелските семејства било штетно. Валам ги советувал Моавците да ги испратат своите жени кај Израелците, сигурен дека Израелците ќе се одвратат од Бога, кога ќе ги запознаат. За жал, бил во право. Не само што брачните другари си влијаат едни на други, туку и верата на нивните деца е изложена на тоа влијание.

Што ќе сторат Ездра и Неемија во врска со браковите што Израелците ги склучиле со припадниците на другите народи? Дали ќе препуштат работите да си течат по својот ток или ќе се спротивставаат? Оваа седмица ќе проучуваме за тоа како овие водачи му пристапиле на ова спорно прашање.

## РЕАКЦИЈАТА НА НЕЕМИЈА

**Прочитајте Неемија 13,23-25. Што се случило во овој текст и како ја објаснуваме реакцијата на Неемија на вакивте прилики?**

___

___

___

Бидејќи децата не зборувале арамејски (јазикот кој се користел за време на прогонството) или еврејски, не можеле да го разберат учењето од Писмото. Тоа било вистински проблем, бидејќи знаењето за Божјето откривање на тој начин можело да се изопачи или да исчезне. Книжевниците и свештениците ја толкувале Тората главно на арамејски, за да може народот јасно да ги разбере нивните проповеди. Меѓутоа, бидејќи мајките биле од Амон, Азот и Моав, и обично биле главни старатели на децата, не нѐ изненадува фактот што децата не го зборувале јазикот на своите татковци. Јазикот на кој зборуваме кажува за начинот на кој размислуваме за поимите, бидејќи го користиме речникот на таа култура. Губењето на библискиот јазик би значело губиток на нивниот посебен идентитет. Затоа на Неемија му било незамисливо што семејствата губат допир со Божјата Реч, а со самото тоа и поврзаноста со живиот Бог, Господ на еврејскиот народ.

Проучувачите на Библијата истакнуваат дека постапките на Неемија најверојатно претставувале јавно срамотење на луѓето во рамките на пропишаните казни во тоа време. Кога се вели дека Неемија ги укорувал и преколнувал, не треба да помислиме дека Неемија користел погрдни зборови и пцости, туку дека им ги изговарал клетвите на заветот. Текстот од 5. Мојсеева 28 глава ги опишува клетвите што ќе ги снајдат оние кои ќе го прекршат заветот. Голема е веројатноста дека Неемија, со избрани зборови од Библијата, настојувал да ги увери во нивните лоши дела и последиците од лошите одлуки.

На крајот на краиштата, кога во текстот Неемија вели дека „некои мажи дури и ги тепав, косата им ја кубев“ (Неемија 13,25), наместо да го замислуваме разлутениот Неемија како реагира луто, треба да забележиме дека удирањето било пропишан облик на јавна казна. Вака постапувал кон „некои“ од нив, односно кон водачите кои го предизвикувале или поттикнувале погрешното однесување. Ваквите постапки служеле како метод на јавно срамотење. Неемија сакал да биде сигурен дека народот ја разбрал сериозноста на своите одлуки и последиците коишто ќе настанат.

**Како треба да реагираме кога во Црквата ќе го воочиме нешто за кое сметаме дека е погрешно?**

## УКОРОТ НА НЕЕМИЈА

**Прочитајте го текстот Неемија 13,26.27. Што ни кажуваат овие стихови за тоа колку е важна библиската историја, бидејќи од неа дознаваме за опасностите што ни се закануваат доколку отстапиме од вистинскиот пат?**

---

Соломон паднал подлабоко во гревот поради одлуките што ги донел. Би било правилно да се каже дека Соломон ја предизвикал личната пропаст бидејќи не ја почитувал Божјата заповед дадена на израелските цареви: „И да не ги намножува жените свои, за да не се разврати срцето негово, и да не натрупува сребро и злато прекумерно“ (5. Мојсеева 17,17). Соломоновиот живот се користи како негативен пример: тој не само што стапил во брак со повеќе жени, туку значајно е, како што истакнува Неемија, што избрал жени кои не му служеле на Бога.

**Зошто Неемија бил во право што го укорил народот поради стапувањето во брак со незнабошците? 1. Мојсеева 6,1-4; 1. Мојсеева 24,3.4; 1. Мојсеева 28,1.2; 5. Мојсеева 7,3.4; 2. Коринќаните 6,14.**

---

Заповедта да не се стапува во мешан брак не се однесува на националната припадност, туку на идопоклонството. Луѓето во Библијата се женеле со жени кои не биле Израелки. Мојсеј се оженил со Сефора, Мадијанка; Воз со Рута, Моавка. Прашањето за мешовитите бракови во овие заповеди се однесува на брак со некој кој е од друга вера или не верува. Проблемот бил во тоа што народот во времето на Ездра и Неемија не стапувал во брак со оние кои веруваат во Бога. Ричард М. Дејвидсон во книгата *Flame of Yahweh* (Peabody, Mass.: Hendrickson Publishers, 2007) вели: „Едемскиот план за бракот... подразбирал комплементарна целокупност на двајца партнери во верата како и во други значајни вредности“ (стр. 316). Незнабожечките жени во овој извештај не донеле одлука да се откажат од идопоклонството. Оттука, Неемија можеби бил повеќе ожалостен од одлуките на народот отколку гневен, бидејќи, според неговото мислење, тоа било показател на недостаток на вистинска посветеност на Бога.

Библијата ни дава обрасци според кои треба да постапуваме, кои ќе нè втемелат во Бога и ќе ја зголемат нашата радост. На ист начин, заповедта да стапиме во брак со верна личност, треба да ни помогне да живееме подобар живот и да поттикне заедничка посветеност на Бога.

**Какви начела денес можеме да усвоиме од овие извештаи, а кои нам можат да ни помогнат да ја заштитиме својата вера и верата на нашето семејство?**

## ЕЗДРА РЕАГИРА

**Прочитајте го текстот Ездра 9. Како Ездра реагира на веста за мешовитите бракови на Израелците. Текст од Ездра 9,1.2 вели дека народот „не се одвоија“. Еврејскиот збор за „одвои“ се користи и во следните стихови: 3. Мојсеева 10,10; 3. Мојсеева 11,47; 2. Мојсеева 26,33; 1. Мојсеева 1,4.6.7.14.18. Што подразбира употребата на овие зборови во врска со прашањето верникот да стапува во брак со личност која е неверник?**

__________________________________________________

__________________________________________________

__________________________________________________

Народот сам му пристапил на Ездра поради прашањето на мешаните бракови. Изразите што ги користеле набројувајќи ги народите вклучени во гадните дела, покажувале дека ја познаваат Тората, бидејќи списокот е земен непосредно од библиските извештаи. Интересно е дека граѓанските поглавари му донеле вест на Ездра дека и духовните водачи на народот, свештениците и Левитите, се криви поради тој престап.

„Проучувајќи ги причините кои довеле до вавилонското ропство, Ездра заклучил дека отпадништвото на Израел во голема мера е последица на нивното мешање со незнабожечките народи. Тој согледал дека Израелците би биле поштедени од многу жални и понижувачки искуства доколку ја послушале Божјата заповед да останат одвоени од околните народи. Сега срцето му се кинело кога осознал дека луѓето на одговорни позиции, и покрај поуките од минатото, се осмелувале да ги кршат законите што им биле дадени како заштитна ограда против отпадништвото. Тој размислувал за Божјата добрина, која на народот повторно му дала наследство во родната земја, и бил обземен со праведен гнев и жалост поради нивната неблагодарност“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 620. оригинал).

Зборот „одвоен“ се користи кога станува збор за различни ентитети. Всушност, тоа означува потполна спротивност. Со оваа изјава народот признал дека уште од порано знаел за Божјата заповед да се чува од лажните религии и дека ја разбрал. Разбирале дека никој не може да тврди дека тој или таа ќе стапи во брак со сопружник чии спротивни верувања нема да имаат влијание на брачниот однос или на начинот на воспитување на децата. Увиделе колку приликите станале сериозни.

**Што можеме да направиме за да ја одржиме верата жива во својот дом и во семејството, *дури и ако сме донеле погрешни одлуки во минатото*?**

# ЕЗДРА ДЕЈСТВУВА

**Прочитајте: Ездра 10. Како Ездра и главарите се посветиле на решавањето на прашањето за мешаните бракови?**

---

Целото собрание едногласно одлучило да ги отпушти жените туѓинки. Неверојатно е дека дури и оние кои биле оженети со нив се согласиле со тој план, освен четири личности споменати по име во текстот Ездра 10,15. Евреите ветиле дека ќе ги отпуштат своите жени и биле потребни три месеци за да се оствари овој план. На крајот, 113 Евреи ги отпуштиле своите сопруги (Ездра 10,18-43). Интересно е дека последниот стих (10,44) вели дека некои сопружници од овие мешани бракови веќе имаале деца. Испраќањето на мајките од семејствата заедно со децата нам не ни се чини како правилна и паметна одлука. Меѓутоа, не смееме да заборавиме дека ова било посебно време кога Бог одново почнувал заедништво со еврејскиот народ, и во одредена смисла, тие со Него. Да се следи Бог во потполност, барало радикални мерки.

Посебните зборови употребени во текстот Ездра 10,11.19 „одвојте се“ (*badal*) и „отпуштете“ (*yatza'*), не се користат во Писмото на ниту едно друго место, кога станува збор за развод. Ездра знаел кој израз обично се користи за развод, но одлучил да не го употреби. Затоа, очигледно е дека Ездра тие бракови не ги сметал за полноважни, откако било откриено дека со нив е прекршена заповедта од Тората. Со други зборови, браковите биле поништени, бидејќи биле спротивни на законот. Целокупната таа постапка претставувала распуштање на неважечките бракови. Меѓутоа, нам ни е кажно што им се случило на жените и децата и какво влијание имала оваа постапка во заедницата. Според обичајот на тоа време, бившите сопружници би се погрижиле за заминувањето на бившите сопруги и деца. Жените обично заминувале во домот на својот татко.

Меѓутоа, со текот на времето некои Евреи повторно почнале да се женат со неверни жени, а можеби некои дури и им се вратиле на сопругите што ги отпуштиле. Минливата природа на решението можела да се припише на човечката природа и на постојаното сменување на подемот и падот, кога станува збор за посветеноста на Бога. Дури и оние кои меѓу нас се сметаат за силни верници мораат да признаат дека поминале низ период на помала посветеност на Бога, кога настојувањето да одиме со Него поточно би можело да се опише како недоволно. За жал, луѓето се борат со тоа да го стават Бога на прво место.

**Какво е вашето искуство со моментите на „послаба посветеност на Бога“? Што сте научиле од тие искуства**?

## БРАКОТ ДЕНЕС

Од она што го забележавме во Книгата на Ездра и Неемија околу прашањето за мешаните бракови, јасно е дека Бог бракот го сфаќа сериозно и дека и ние на тој начин треба да му пристапиме. Ние треба со молитва да размислуваме за можниот брачен другар и во донесувањето на таа одлука да го вклучиме Бога. Треба да одлучиме да бидеме верни на Божјите начела, кои можат да нè заштитат од тага и несреќа.

**Погледнете како Павле се поставил кон ова прашање кога еден христијанин има брачен другар што не што не верува. Внимателно проучете го текстот 1. Коринќаните 7,10-17. Како денес треба да им пристапиме на браковите во кои не веруваат и двајцата сопружници?**

___

Бидејќи во Библијата немаме прецизна заповед за тоа што да правиме кога станува збор за браковите во кои еден од сопружниците е верник а другиот не, би било неразумно и спротивно на намерата на текстот и неговите начела да инсистираме дека раздвојувањето од брачниот другар кој не е верник е правилен пристап и дека, врз основа на извештајот на Ездра, се препорачува. Приликата во која се нашле Ездра и Неемија е еднократен настан, според Божјата волја (Ездра 10,11), затоа што иднината и служењето на Бога на целата израелска заедница биле загрозени. Го губеле својот идентитет како оние кои му се клањаат на живиот Бог.

Знаеме дека при населувањето на Евреите во Елефантина во Египет (во времето на Ездра и Неемија), водачите дозволиле мешани бракови и набргу установиле мешана религија која го опфаќала и Јахве и паганскиот бог, божицата Аната. Исто така, во опасност била и месијанската линија. Според тоа, еднократниот настан не треба да се земе како правило за раскинување на брак и семејство кога некоја верна личност ќе стапи во брак во личност која не е верник. Сатаната се радува кога ќе склучиме брак со личност која не негува посветеност на Бога, затоа што знае дека сопружниците ќе бидат посилни во својата мисионска работа за Бога тогаш кога и двајцата имаат исти верувања, отколку кога само едниот е верен.

Иако Библијата јасно советува да не се влегува во брак со неверна личност (2. Коринќаните 6,14), исто така наоѓаме текстови во кои благодатта се излева и на оние кои донеле поинаква одлука. Бог им дава сила на оние кои ќе склучат брак со неверна личност, да му бидат верни Нему и на својот брачен другар. Бог не нè напушта дури и кога ќе донесеме одлука спротивна на Неговата волја. Ако Го замолиме за помош, Тој ќе ни ја пружи. Тоа не значи дека треба да правиме што и да посакаме, а потоа да очекуваме Бог сепак да нè благослови, туку тоа значи дека Тој секогаш нè слуша кога ќе му пријдеме со понизно срце изнесувајќи ја својата потреба. Без Божјата благодат не би имало надеж за кој било од нас, бидејќи сите сме грешници.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт *Пророци и цареви* прочитајте ја главата „Реформа“, стр. 434 – 440; стр. 669 – 678 оригинал.

„Залагањето во вршење на должноста што Бог ни ја одредил претставува значаен дел на вистинската вера. Луѓето треба да ја искористат секоја можност и да работат како Божје орудие на остварување на Неговата волја. Со брза и решителна работа во вистински момент се постигнуваат најголеми победи, додека, од друга страна, колебливоста и немарноста доведуваат до неуспех и му нанесуваат срам на Божјето име. Ако водачите во делото на вистината не се ревносни, ако се рамнодушни и немаат одредена цел пред себе, и Црквата ќе биде небрежна, мрзлива и ќе се стреми кон задоволствата; ако, пак, се вдахнати со света желба да Му служат само на Бога и единствено Нему, народот ќе биде сложен, полн со надеж и ревносен.

Божјата Реч обилува со остри и впечатливи спротивности. Гревот и светоста стојат еден наспроти друг за да можеме, посматрајќи ги, да го отфрлиме едното а да го прифатиме другото. На страниците на кои се опишани омразата, лукавството и предавството на Санавалат и Товиј, се опишуваат исто така и благородноста, посветеноста и пожртвуваноста на Ездра и Неемија. Нам ни е оставено слободно да го следиме едното или другото. Страшните последици од престапувањето на Божјите заповеди ставени се наспроти благодетите што доаѓаат како награда за послушноста. Ние самите треба да одлучиме дали ќе ги сносиме последиците на непослушноста или ќе уживаме во благодетите на послушноста“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 438.439; стр. 676. ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Додека ги читаме овие извештаи, јасно е дека многумина во народот на прво место не му биле посветени на Бога, а тоа е причината зошто избрале незнабожечки жени. Затоа Ездра не ги остава во нивните намери, туку се обидува да ги укори и да ги исправи со надеж дека ќе постигне промена. Дали навистина дошло до таа промена? Дали со менување на своето однесување се промениле и однатре? Дали нивната посветеност на Бога навистина пораснала? Каков доказ имаме дека мнозина од нив навистина не се промениле? Што можеме да научиме од нивните грешки за тоа колку е навистина важна промената на срцето?**

**2. На кои начини можеме да им помогнеме на верниците во нашата црква, кои можеби се борат со потешкотии настанати поради брак кој не е мудро склучен?**

**3. Иако Божјите начела се вечни и апсолутни, културите меѓусебно многу се разликуваат. Зошто мораме да ги имаме овие разлики на ум кога настојуваме да ги примениме Божјите начела во својот живот и во приликите во кои ќе се најдеме?**

**Поука 13**
**Од 21 - 27 декември 2019**

# ВОДАЧИТЕ ВО ИЗРАЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Царевите 12,1-16; Дела 15,7-11; Јован 11,46-53; Неемија 4,7-23; Ездра 8,21-23.31.32.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И сиот народ отиде да јаде и да пие, и да испраќа оброци, и да слави голема прослава: зашто ги сфатија зборовите, кои им беа објавени“ (Неемија 8,12).**

И Ездра и Неемија се примери на големи водачи кои биле посветени на Бога и на исполнувањето на должностите што Бог им ги доверил. Нивната љубов кон Бога вдахнала во нив желба да му станат верни слуги. Всушност, нивната верност претставува централен дел на нашето проучување.

Оваа седмица ќе се осврнеме на примерите на водачите во Библијата, вклучувајќи ги и примерите на Ездра и на Неемија. Тие примери сигурно не ги опфаќаат сите поуки, бидејќи има уште многу поуки за кои би можеле да разговараме. Меѓутоа, избраните поуки се важни за секој водач. Можеби во овој момент во својот живот себеси не се сметате за водач, но сите ние вршиме влијание на другите луѓе; според тоа, поуките можат да се применат на секого.

Во центарот на извештаите за овие водачи се наоѓа Божјата Реч. Речта ги преобразила нивните мисли и нивниот живот, и довела до цела програма на будење и реформа. Сè и должеле на Божјата Реч и на Неговите упатства што ги пронашле во неа. На ист начин, без оглед на тоа кои сме и каква е нашата улога, ние како христијани адвентисти мораме да ја чуваме Божјата Реч во центарот на својот живот.

## ВЛИЈАНИЕТО НА ВОДАЧИТЕ

Во целата Библија можеме да пронајдеме примери и на добри и на лоши водачи, додека некои од нив покажувале особини и на едните и на другите. Лошите водачи понекогаш постапувале добро, додека добрите водачи понекогаш правеле и лоши работи. Всушност, сите водачи се луѓе и како такви се во состојба да прават и добро и зло, и она што е правилно и што е погрешно. Кој не ги искусил овие факти во својот живот?

Меѓутоа, проблемот е во тоа што, како водач, вршите големо влијание: или на добро или на зло. Доволно е лошо да се врши негативно влијание во својот дом или на работното место, или каде и да се наоѓате. Но, кога ќе заземете положба на водач, било да е тоа духовна, политичка, или и обете, влијанието во голема мера се зголемува. Тогаш, колку е важно, каква и да е вашата улога, а посебно ако сте водач, да ги одразувате начелата и учењата на Писмото.

**Прочитајте ги следните текстови. Какви примери на водство наоѓаме во нив? Ако се добри, објаснете зошто се добри. Ако се лоши, објаснете зошто се лоши.**

**Ровоам** (1. Царевите 12,1-16) ____________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Петар** (Дела 15,7-11) ____________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Јосија** (2. Царевите 23,1-10) ____________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Девора** (Судии 4, 1-16)____________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Ахав (**1. Царевите 21,1-16)____________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Иако само површно се осврнавме на овие текстови, какви поуки можеме да усвоиме од овие извештаи за тоа што еден водач го прави добар или лош, и како она што сме го научиле можеме да го примениме на себеси, без оглед на тоа каква улога имаме?**

## ЗЛОТО ВО ГОСПОДОВИТЕ ОЧИ

**Прочитајте ги следните текстови. Што кажуваат тие за водачите и за нивното влијание кај народот со кој владееле?**

**1. Царевите 15,26.34.** ______________________________

______________________________________________

______________________________________________

**2. Царевите 13,1-3.** ______________________________

______________________________________________

______________________________________________

**Јован 11,46-53.** ______________________________

______________________________________________

______________________________________________

Отрезнувачка е мислата на многумина од нас кои заземаме положба на водачи во кое било својство дека нашето водство има потенцијал луѓето духовно да ги кутне или да ги подигне. Во сите претходни случаи влијанието било негативно или разорно.

Особено нашиот карактер и посветеност на Христа влијаат на оние со кои доаѓаме во допир. Духовните водачи ги насочуваат другите или кон Бога, доколку тие сами го бараат Бога, или кон зло, доколку не Го бараат.

Спротивно на примерите за кои денеска читавме, неспорен е фактот дека Ездра и Неемија имале силна заедница со Бога. Мерата во која постеле и се молеле, што е забележано во книгите кои зборуваат за Ездра и Неемија, го надминува она за што Библијата известува за другите големи водачи. Народот одел со Бога под нивно водство, иако не било сѐ совршено. Нивниот правец во животот бил насочен кон Бога. Од друга страна, фактот дека имало и такви кои не се промениле под влијание на Ездра и Неемија сведочи дека ничија вера, освен нашата лична, на крајот не може да внесе промена во нашиот живот. Впрочем, погледнете ги луѓето кои имале прилика да го видат Исуса во тело, да ги слушнат Неговите проповеди, па дури и да сведочат и да слушаат за Неговите чуда, а кои на крајот сепак Го отфрлиле. Да, ние имаме одредена улога, без оглед на нашата положба во животот, и можеме да вршиме влијание на добро или на зло; но на крајот, секоја личност ќе мора да даде пред Бога одговор сама за себе.

**Размислете за личностите кои се наоѓаат во вашиот круг на влијание. На кои начини можете да го подобрите своето влијание?**

## ХРАБРОСТ И ОСПОСОБУВАЊЕ

**Прочитајте Неемија 4,7-23. На кои сè начини Неемија ја покажувал својата храброст? Што е тоа што му ја влевало таа храброст?**

---

Неемија им се спротивставил на непријателите на еврејскиот народ кои се обиделе да ги заплашат. Тој одговорил преземајќи иницијатива и подготвувајќи го народот за борба. Неемија не рекол само: „Во ред, Боже, Ти направи сè што треба.“ Наместо тоа, му помогнал на народот да го изврши својот дел. Зеле мечеви и друго оружје, но во исто време го граделе и ѕидот. Евреите, под водство на Неемија, не отстапиле од страв, туку храбро го зеле оружјето и се браннеле. Неемија ги храбрел луѓето, верувал во нив, работел со нив и им влеал одговорност да дејствуваат. Ги оспособил да ја извршуваат работата додека тој им доверувал и доделувал одговорности. Меѓутоа, Неемија не му рекол на народот само што да прави, а потоа да се скрие во својата соба. Стоел покрај нив и ја извршувал тешката работа која требало да се изврши.

Во одредени моменти во Библијата Бог му рекол на народот мирно да стои и да гледа како Тој се бори за нив, а од друга страна постојат многу други примери кога Бог кажува: „Подгответе се да дејствувате и јас ќе ви дадам победа.“ Ние мораме да го одработиме својот дел ако сакаме да го видиме Божјето избавување и Неговите благослови.

„Во Немиината цврста преданост на Божјето дело и во неговото еднакво цврсто надевање во Бога може да се најде причината за неуспехот на неговите непријатели да го потчинат под своја власт. Небрежната личност станува лесен плен на искушенијата, но злото не може да најде живеалиште во животот на оној кој има благородна намера и кој се посветил на една цел. Не може да ослабне верата на оној човек кој постојано напредува, зашто тој насекаде ја препознава Бескрајната Љубов која прави сè за да се остварат Божјите возвишени намери. Вистинските Божји слуги работат со непопустлива решителност, бидејќи секогаш се потпираат на престолот на благодатта“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 429; стр. 660. оригинал).

На крајот на краиштата, Неемија својата храброст ја црпел од разбирањето на вистината и Божјата сила. Па сепак, како што видовме, неговото познавање на Бога го поттикнало да дејствува во согласност со верата.

**Иако контекстот е поинаков, како она што го забележавме во искуството на Неемија го одразува следниот текст: „Но може некој да рече: ти имаш вера, а јас имам дела. Покажи ми ја својата вера без дела, а јас преку моите дела ќе ти ја покажам мојата вера“ (Јаков 2,18)?**

# ЦЕЛ И РЕВНОСТ

**Што можеме да научиме од следните текстови за движечката сила во животот на Ездра и Неемија? Немија 2,1–10; Јездра 7,8–10.**

_______________________________________________

_______________________________________________

Во сѐ што правеле, Ездра и Неемија тежнееле Божјата волја да се исполни во животот на Неговиот народ. Да, народот направил грешка и бил казнет поради тоа. Меѓутоа, Бог, верен на своите ветувања за враќањето, на својот народ му овозможил да се врати во Ветената земја и, доколку бидат верни, да ги исполни целите што ги поставил пред нив. Господ во својата мудрост избрал двајца посветени луѓе, донекаде слични на Мојсеја, да одиграат важна улога при враќањето, како што неколку генерации порано го употребил Мојсеја за посебна задача.

Големите водачи, како што се овие двајца, имаат цел. Тие во својот живот ја нашле целта која управува со секоја нивна постапка. Би можеле да кажеме дека и Ездра и Неемија имале конкретна цел во животот. Имале визија за тоа каде сакаат да се наоѓа Божјиот народ, а потоа вложиле сѐ за остварувањето на таа цел.

Ездра тоа го направил проучувајќи го Писмото и поучувајќи го народот за Речта. Неемија го охрабрувал народот да го прави она што е правилно и храбро да стане за Господа. И двајцата сакале да го видат Ерусалим обновен, но не само во материјална смисла. Сакале, да видат и будење и реформа во духовниот живот на неговите жители. Затоа ги поправале, укорувале и понекогаш барале одреден начин на постапување. Големите водачи веруваат во нешто повозвишено од обичното и просечното. Ездра и Неемија верувале во моќниот Бог полн со љубов, Бог кој може да прави чуда – сакале сите да воспостават длабока заедница со Него.

Почнувајќи од првата глава на Книгата на Неемија, читателот е одушевен од посветеноста на Неемија на Божјето дело и неговата тага над состојбата на својот народ. Во првата глава тој плаче кога дознава за неволјите на Израелците во Јудеја. Тој оди на колена и ветува дека ќе направи сѐ она што Бог го повикува да го направи. Се чини дека Неемија е воден од мислата да изврши влијание на светот. Бил човек од акција, акција за Бога. Неемија не одлучил да изврши влијание заработувајќи ја највисоката можна плата или за да стекне истакната положба (иако и двете ги имал во Персија), туку со заминување во Јуда, меѓу не толку просперитетниот народ, каде на секој чекор се соочувал со противење. Тој чекорел напред со вера, без оглед на препреките што биле пред него.

## ПОНИЗНОСТ И ИСТРАЈНОСТ

**Прочитајте го текстот Ездра 8,21-23.31.32. Дали одлуката на Ездра да не разговара со царот ја сметате за неразумна или храбра? Како Ездра и народот покажале понизност?**

___

___

Некое време подоцна, Неемија ја прифатил царевата придружба поради заштита; но кога станува збор за Ездра, верувал дека Бог може најдобро да се прослави ако ништо не бара од царот. Според тоа, кога стигнале во Јуда без потешкотии, тој успех му бил припишан на Нивниот Бог. Можеби во одредени прилики премногу се потпираме на други луѓе, а недоволно му пружаме прилика на Бога да се прослави. Ездра одлучил да му дозволи на Бога да дејствува во оваа ситуација и да му покаже на царот дека Бог навистина е моќен Бог.

Меѓутоа, Ездра не постапувал горделиво. Го собрал народот да пости и да се моли за приликите кои владеат. Не го започнале своето патување додека не поминале сериозно време со Бога. Дошле понизно пред Бога, молејќи го Неговата заштита да стане знак на Неговата сила, и Бог ја услишил молитвата.

**Прочитајте: Неемија 5,14-19. Како Неемија покажал понизност?**

___

___

Вистинските водачи мораат да бидат подготвени да се понизат и да станат слуги. Способните водачи не бараат „титула“ и не им треба „титула“ за да стекнат чест. Вратата на Неемија била отворена за секого. Бил великодушен кон својот народ. Ја покажал својата вера во Бога, а неговата неверојатна посветеност на Бога била пример за народот. Имал силна личност и цврст карактер, но не се издигнувал себеси над другите како да е најсупериорен. Имал највисока положба кај еврејскиот народ во тоа време, па сепак бил неуморен во работата. На овој начин го одразувал Исусовиот живот и учења, кој нè учел дека најдобриот начин да водиме е да им служиме на другите. Исус правел така и затоа ние, без оглед на нашата положба, треба да го правиме истото.

**„Тој седна и ги повика дванаесетте, па им рече: ’Кој сака да биде прв, нека биде последен од сите, и слуга на - сите!’“ (Марко 9,35). Што можеме да научиме од овие Исусови зборови за тоа што значи да се биде вистински водач во Божји очи?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во Книгата на Елена Вајт *Патот кон Христа* прочитајте ја главата „Предимство да се молиме“, стр. 93-104 оригинал.

„Делото на обновување и реформа што го извршиле повратниците од ропството предводени од Зоровавела, Ездра и Неемија, претставува слика на духовна обнова која мора да се изврши во последните денови од историјата на овој свет. Остатокот на Израел бил слаб народ, изложен на бесот на непријателот, но Бог сакал токму тој народ да го зачува на оваа земја сознанието за Него и Неговиот закон. Припадниците на тој остаток биле чувари на вистинското богослужение, чувари на светите пророштва. Доживеале многу искуства додека работеле на обновувањето на храмот и ѕидиштата на Ерусалим, и наидувале на силно противење. Тешко било бремето што го носеле водачите во тоа дело, но тие луѓе работеле со непоколеблива верба, понизен дух, цврсто потпирајќи се на Бога и верувајќи дека Тој ќе направи Неговата вистина да триумфира. Слично на царот Езекија, Неемија ’се приклони кон Господа, не отстапувајќи од него, туку ги држеше заповедите... И Господ беше со него” (2. Царевите 18,6.7)“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 439; стр. 677. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто мораме да направиме сè што можеме пред Бога за да им бидеме поддршка на своите водачи?**

**2. Зошто е толку тешко, напорно и во исто време вредно водачот да се однесува како слуга? Зошто е толку важно христијанскиот водач да биде слуга?**

**3. На почетокот и на крајот на книгата, како и во средината, Неемија се молел. И Ездра и Неемија биле луѓе на молитвата. Внимателно избројте колку пати зборот „молитва“ или „се молиме“ се споменува во Книгата на Ездра и Неемија. Овие водачи непрестајно се молеле. Што ни кажува тоа за нашиот личен молитвен живот?**

**4. „Тој се приврза кон Господ, не отстапувајќи од Него и ги пазеше заповедите Негови, кои Господ му ги беше дал на Мојсеја“ (2. Царевите 18,6). Како некој може да се „приврзе“ за Господа? Што значи тоа? Каква поврзаност постои меѓу приврзаноста кон Господа и држењето на Неговите заповеди?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - ОКТОМВРИ

## ОСТАНЕТЕ ВО ХРИСТА

### СЛУЖБАТА НА БОГА ПОЧНУВА НА ЗЕМЈАТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **Лука 5,10.** | *Фрлете ја својата мрежа* |
| *2. Среда* | **Римјаните 8,18.** | *Слави го Бога и покрај искушенијата* |
| *3. Четврток* | **1. Јованово 3,22.** | *Барајте ја божествената, а не човечката мудрост* |
| *4. Петок* | **Лука 19,23.** | *Наша одговорност* |
| *5. Сабота* | **1. Петрово 1,7.** | *Службата на Бога почнува на земјата* |

### СМИСЛАТА НА ЗАЕДНИЦАТА СО БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **1. Коринќаните 5,6.** | *Како делува квасецот на злото* |
| *7. Понеделник* | **Псалм 19,7.** | *Надевајте се во Божјите, а не во човечките зборови* |
| *8. Вторник* | **1. Јованово 1,3.** | *Смислата на заедницата со Бога* |
| *9. Среда* | **Еремија 9,23.24.** | *Не барајте никаква слава за себе* |
| *10. Четврток* | **Осија 6,3.** | *Уреден како зора* |
| *11. Петок* | **Псалм 97,2.** | *Карактерот ќе биде проверен* |
| *12. Сабота* | **4. Мојсеева 20,12.** | *Како Бог гледа на гревот?* |

### БИДЕТЕ ВО ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Јован 10,16.** | *Никој не оди сам на небото* |
| *14. Понеделник* | **Матеј 25,41.** | *Правдата ќе седне на престолот* |
| *15. Вторник* | **Псалм 127,3.** | *Децата се Божја своина* |
| *16. Среда* | **Јован 15,4.** | *Бидете во Христа* |
| *17. Четврток* | **Матеј 22,2.** | *Дали го прифативте повикот?* |
| *18. Петок* | **Јован 9,4.** | *Христос, наш Пример во работата за другите* |
| *19. Сабота* | **Псалм 42,11.** | *Расположете се! Кажувајте охрабрувачки зборови!* |

### ВЕРУВАЈТЕ И ПРИМАЈТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Јован 17,3.** | *Ветена ни е сила за победа* |
| *21. Понеделник* | **Јован 3,30.** | *Тој мора да расте* |
| *22. Вторник* | **Ефешаните 3,2.3.** | *Евангелието е моќно* |
| *23. Среда* | **2. Коринќаните 6,17.** | *Нема среден пат до рајот* |
| *24. Четврток* | **Тит 2,13.** | *Христијанинот и небото* |
| *25. Петок* | **Марко 11,24.** | *Верувајте и примајте* |
| *26. Сабота* | **Јован 7,46.** | *Христос ја зборувал вистината* |

### БИДЕТЕ ПОСЕБНИ – ЗАРАДИ ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Ефешаните 5,17.** | *Размислувај за довербата, а не за проблемот* |
| *28. Понеделник* | **2. Мојсеева 23,2.** | *Бидете посебни – заради Христа* |
| *29. Вторник* | **1. Коринќ. 1,21.** | *Природата недоволно совршено го открива Бога* |
| *30. Среда* | **Исаија 29,9.** | *Лукавствата на сатаната во последното време* |
| *31. Четврток* | **1. Мојсеева 3,15.** | *Бог не се менува* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - НОЕМВРИ

# ВО ПОЛНА УВЕРЕНОСТ НА ВЕРАТА

### БЛАЖЕНО ВЕТУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | **Псалм 34,8.** | *Прифатете го планот на Спасителот* |
| *2. Сабота* | **Евреите 13,5.** | *Блажено ветување* |

### ГОЛЕМОТО „ЈАС СУМ“

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | **Јаков 1,3.4.** | *Застанете решително на Христова страна* |
| *4. Понеделник* | **Матеј 5,14.** | *Небесното Сонце блеска преку Неговите следбеници* |
| *5. Вторник* | **Јов 11,7.** | *Христос дошол да го открие Бога* |
| *6. Среда* | **Псалм 13,5.** | *Да бидеме радосни христијани* |
| *7. Четврток* | **1. Коринќаните 10,13.** | *Ветување за оној што ќе победи* |
| *8. Петок* | **Псалм 90,2.** | *Големото „Јас сум“* |
| *9. Сабота* | **Псалм 24,1.** | *Да го обожаваме Создателот на природата* |

### ВО ПОЛНА УВЕРЕНОСТ НА ВЕРАТА

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | **Исаија 12,2.** | *Земи ја чашата на спасението* |
| *11. Понеделник* | **Евреите 12,2.** | *Гледај во Исуса, не во другите* |
| *12. Вторник* | **Матеј 4,24.** | *Работата на нашиот Татко* |
| *13. Среда* | **2. Царевите 2,15.** | *Што би одговориле вие?* |
| *14. Четврток* | **1. Петрово 2,21.** | *Совршена трага* |
| *15. Петок* | **Евреите 10,22.** | *Во сета сигурност на верата* |
| *16. Сабота* | **Лука 10,22.** | *Водачите во невидлив судир* |

### ОТКРОВЕНИЈА НА БОЖЈАТА ВОЛЈА

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **1. Петрово 5,6.7.** | *Стави го своето бреме на Исуса* |
| *18. Понеделник* | **Исаија 40,26.** | *Природата го открива Бога* |
| *19. Вторник* | **Авакум 2,4.** | *Оди според верата, а не според гледање* |
| *20. Среда* | **Римјаните 13,11.** | *Да бидеме целосно будни* |
| *21. Четврток* | **Мудри изреки 3,6.** | *Да му дозволиме на Бога да управува* |
| *22. Петок* | **Псалм 33,6.9.** | *Бог и создавањето* |
| *23. Сабота* | **Јован 5,19.** | *Откровенија на Божјата волја* |

### ПРЕПУШТЕТЕ СЕ ВО БОЖЈИ РАЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | **Тит 2,12.** | *Како да сведочиме за својата вера* |
| *25. Понеделник* | **Матеј 25,29.** | *Употреби ги доверените таленти* |
| *26. Вторник* | **Исаија 43,10.** | *Додека Светињата се чисти* |
| *27. Среда* | **Проповедник 12,1.** | *Барај го Господа* |
| *28. Четврток* | **Јован 10,29.** | *Препушти се во Божји раце* |
| *29. Петок* | **Откровение 4,11.** | *Бог не е природата, туку е Бог на природата* |
| *30. Сабота* | **Псалм 16,11.** | *Обрати му се на Бога за помош* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - ДЕКЕМВРИ

# ЗАБЛЕСКАЈТЕ СО ЖИВА СВЕТЛИНА

### БОЖЈАТА РЕЧ Е ВИСТИНИТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | **Ефешаните 6,14.** | *Невидив судир* |
| *2. Понеделник* | **Псалм 17,3.** | *Молитва во ноќните саати* |
| *3. Вторник* | **Јаков 2,14.** | *Бидете први во добрите дела* |
| *4. Среда* | **Исаија 54,17.** | *Божјата Реч е вистинита* |
| *5. Четврток* | **Филипјаните 4,13.** | *Смислата на христијанското совршенство* |
| *6. Петок* | **Плач 3,22.23.** | *Божественото сочувство уште тече* |
| *7. Сабота* | **Јован 14,1.2.** | *Каде е твоето богатство?* |

### ДА БИДЕМЕ ВЕДРИ ХРИСТИЈАНИ

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | **Лука 21,28.** | *Се приближува вашето избавување* |
| *9. Понеделник* | **Филипјаните 3,20.** | *Цената на нашето спасение* |
| *10. Вторник* | **1. Јованово 4,11.** | *Важноста на единството* |
| *11. Среда* | **Псалм 34,4.** | *Да бидеме ведри христијани* |
| *12. Четврток* | **Псалм 89,11.** | *Да возвратиме со дарови на Бога* |
| *13. Петок* | **Јаков 1,5.6.** | *Чудесната Божја љубав* |
| *14. Сабота* | **5. Мојсеева 2,3.** | *Тргнете напред* |

### ДА ГО ИСТРАЖУВАМЕ ПИСМОТО

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | **Дела апостолски 26,9.** | *Послушни на небесната визија* |
| *16. Понеделник* | **Псалм 94,14.** | *Божјата грижа за Неговиот народ* |
| *17. Вторник* | **1. Солуњаните 5,1.2.** | *Како крадец во ноќта* |
| *18. Среда* | **2. Коринќаните 13,5.** | *Исплевете ја сопствената градина* |
| *19. Четврток* | **Римјаните 12,1.** | *Дар што Христос го посакува* |
| *20. Петок* | **Дела 17,11.** | *Да го истражуваме Писмото* |
| *21. Сабота* | **Псалм 84,11.** | *Бог ни го дава она што нам навистина ни треба* |

### ЗАБЛЕСКАЈТЕ СО ЖИВА СВЕТЛИНА

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | **Ефешаните 2,20.** | *Да ѕидаме на цврста карпа* |
| *23. Понеделник* | **2. Тимотеј 2,22.** | *Да гледаме само во Бога* |
| *24. Вторник* | **Малахија 3,17.** | *Заблескајте со жива светлина* |
| *25. Среда* | **Ефешаните 2,21.22.** | *Живи камења за небесниот храм* |
| *26. Четврток* | **Филипјаните 3,13-15.** | *Новогодишни одлуки* |
| *27. Петок* | **Јаков 5,14.15.** | *Молете се: Нека биде Твојата волја* |
| *28. Сабота* | **Мудри изреки 16,3.** | *Воспитувај се себеси да веруваш* |

### ПОВЕРЕНИЦИ НА БОЖЈАТА БЛАГОДАТ

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | **Ефешаните 2,4.5.** | *Ние сме предмет на бескрајна љубов* |
| *30. Понеделник* | **1. Мојсеева 3,21.** | *Смоквини лисја или Христовата облека?* |
| *31. Вторник* | **Матеј 10,8** | *Повереници на Божјата благодат* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Октомври*

| | |
|---|---|
| 1. | Амос 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | Авдија и Јона 1-4 |
| **5.** | Михеј 1-4 |
| | |
| 6. | 5-7 |
| 7. | Наум 1-3 |
| 8. | Авакум 1-3 |
| 9. | Софонија 1-3 |
| 10. | Агеј 1-2 |
| 11. | Захарија 1-3 |
| **12.** | 4-6 |
| | |
| 13. | 7-10 |
| 14. | 11-14 |
| 15. | Малахија 1-4 |
| 16. | Матеј 1-5 |
| 17. | 6-8 |
| 18. | 9-11 |
| **19.** | 12-13 |
| | |
| 20. | 14-15 |
| 21. | 16-17 |
| 22. | 18-20 |
| 23. | 21-25 |
| 24. | 26-28 |
| 25. | Марко 1-3 |
| **26.** | 4-6 |
| | |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | Лука 1-3 |
| 31. | 4-6 |

## *Ноември*

| | |
|---|---|
| 1. | Лука 7-8 |
| **2.** | 9-11 |
| | |
| 3. | 12-14 |
| 4. | 15-17 |
| 5. | 18-20 |
| 6. | 21-22 |
| 7. | 23-24 |
| 8. | Јован 1-3 |
| **9.** | 4-6 |
| | |
| 10. | 7-9 |
| 11. | 10-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | Дела 1-3 |
| **16.** | 4-6 |
| | |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-18 |
| 21. | 29-23 |
| 22. | 24-26 |
| **23.** | 27-28 |
| | |
| 24. | Римјаните 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-9 |
| 27. | 10-12 |
| 28. | 13-16 |
| 29. | 1. Кор. 1-5 |
| 30. | 6-9 |

## *Декември*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Кор. 10-12 |
| 2. | 13-16 |
| 3. | 2. Кор. 1-5 |
| 4. | 6-9 |
| 5. | 10-13 |
| 6. | Галатјаните 1-3 |
| **7.** | 4-6 |
| | |
| 8. | Ефешаните 1-6 |
| 9. | Филипјаните1-4 |
| 10. | Колошаните 1-4 |
| 11. | 1. Солуњаните 2-5 |
| 12. | 2. Солуњаните 1-3 |
| 13. | 2. Тимотеј 1-6 |
| **14.** | 2. Тимотеј 1-4 |
| | |
| 15. | Тит и Филимон |
| 16. | Евреите 1-5 |
| 17. | 6-9 |
| 18. | 10-13 |
| 19. | Јаков 1-5 |
| 20. | 1. Петрово 1-3 |
| **21.** | 2. Петрово 1-3 |
| | |
| 22. | 1. Јованово 1-3 |
| 23. | 4-5 |
| 24. | 1. и 2. Јованово |
| 25. | Јудино послание |
| 26. | Откровение |
| 27. | 5-9 |
| **28.** | 10-13 |
| | |
| 29. | 14-16 |
| 30. | 17-19 |
| 31. | 20-22 |

## ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

### *Октомври*

1. Псалм 79.
2. Псалм 80.
3. Псалм 81.
4. Псалм 82.
**5.** Псалм 83.
6. Псалм 84.
7. Псалм 85.
8. Псалм 86.
9. Псалм 87.
10. Псалм 88
11. Псалм 89,1-13.
**12.** Псалм 89,14-26.
13. Псалм 89,27-39.
14. Псалм 89,40-52.
15. Псалм 90.
16. Псалм 91.
17. Псалм 92.
18. Псалм 93.
**19.** Псалм 94.
20. Псалм 95.
21. Псалм 96.
22. Псалм 97.
23. Псалм 98.
24. Псалм 99.
25. Псалм 100.
**26.** Псалм 101.
27. Псалм 102,1-14.
28. Псалм 102,15-28.
29. Псалм 103.
30. Псалм 104,1-18.
31. Псалм 104,19-35.

### *Ноември*

1. Псалм 105,1-15.
**2.** Псалм 105,16-31.
3. Псалм 105,32-45.
4. Псалм 106,1-16.
5. Псалм 106,17-32.
6. Псалм 106,33-48.
7. Псалм 107,1-21,
8. Псалм 107,22-43.
**9.** Псалм 108.
10. Псалм 109,1-16.
11. Псалм 109,17-31.
12. Псалм 110.
13. Псалм 111.
14. Псалм 112.
15. Псалм 113.
**16.** Псалм 114.
17. Псалм 115.
18. Псалм 116.
19. Псалм 117.
20. Псалм 118,1-14.
21. Псалм 118,15-29.
22. Псалм 119,1-14.
**23.** Псалм 119,15-29
24. Псалм 119,30-43
25. Псалм 119,44-56.
26. Псалм 119,57-90.
27. Псалм 119,91-117.
28. Псалм 119,118-143.
29. Псалм 119,144-176.
30. Псалм 120.

### *Декември*

1. Псалм 121.
2. Псалм 122.
3. Псалм 123.
4. Псалм 124.
5. Псалм 125.
6. Псалм 126.
**7.** Псалм 127.
8. Псалм 128.
9. Псалм 129.
10. Псалм 130.
11. Псалм 131.
12. Псалм 132.
13. Псалм 133.
**14.** Псалм 134.
15. Псалм 135.
16. Псалм 136,1-14.
17. Псалм 136,15-26.
18. Псалм 137.
19. Псалм 138.
20. Псалм 139.
**21.** Псалм 140.
22. Псалм 141.
23. Псалм 142.
24. Псалм 143.
25. Псалм 144.
26. Псалм 145.
27. Псалм 146.
**28.** Псалм 147.
29. Псалм 148.
30. Псалм 149.
31. Псалм 150.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ОКТОМВРИ 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 4. | 11. | 18. | 25. |
| Виница | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:34 |
| Колешино | 18:06 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |
| Стар Дојран | 18:07 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |
| Куманово | 18:10 | 17:59 | 17:47 | 17:37 |
| Неготино | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:36 |
| Струмица | 18:07 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |
| Кочани | 18:08 | 17:56 | 17:45 | 17:34 |
| Велес | 18:10 | 17:59 | 17:48 | 17:37 |
| Кавадарци | 18:10 | 17:58 | 17:47 | 17:37 |
| Дебар | 18:15 | 18:04 | 17:53 | 17:43 |
| Скопје | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:38 |
| Битола | 18:12 | 18:01 | 17:50 | 17:40 |
| Кичево | 18:14 | 18:02 | 17:51 | 17:41 |
| Лаки | 18:07 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |
| Чифлик | 18:09 | 17:57 | 17:46 | 17:36 |
| Штип | 18:09 | 17:57 | 17:46 | 17:36 |
| Тетово | 18:13 | 18:02 | 17:51 | 17:40 |
| Јегуновце | 18:13 | 18:01 | 17:50 | 17:39 |
| Росоман | 18:10 | 17:58 | 17:47 | 17:37 |
| Гевгелија | 18:08 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Свети Николе | 18:10 | 17:58 | 17:47 | 17:36 |
| Делчево | 18:06 | 17:55 | 17:43 | 17:33 |
| Валандово | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Охрид | 18:15 | 18:03 | 17:52 | 17:42 |
| Радовиш | 18:08 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Прилеп | 18:11 | 18:00 | 17:49 | 17:39 |

** Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ноември 2019 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | | |
| | **1.** | **8.** | **15.** | **22.** | **29.** |
| **Виница** | **16:25** | **16:16** | **16:09** | **16:04** | **16:00** |
| **Колешино** | **16:24** | **16:16** | **16:09** | **16:04** | **16:01** |
| **Стар Дојран** | **16:25** | **16:17** | **16:10** | **16:05** | **16:01** |
| **Куманово** | **16:27** | **16:19** | **16:12** | **16:06** | **16:03** |
| **Неготино** | **16:27** | **16:19** | **16:12** | **16:07** | **16:03** |
| **Струмица** | **16:25** | **16:17** | **16:10** | **16:05** | **16:01** |
| **Кочани** | **16:25** | **16:17** | **16:10** | **16:04** | **16:01** |
| **Велес** | **16:28** | **16:20** | **16:13** | **16:07** | **16:04** |
| **Кавадарци** | **16:27** | **16:19** | **16:12** | **16:07** | **16:04** |
| **Дебар** | **16:33** | **16:25** | **16:18** | **16:13** | **16:09** |
| **Скопје** | **16:29** | **16:20** | **16:13** | **16:08** | **16:04** |
| **Битола** | **16:31** | **16:23** | **16:16** | **16:11** | **16:07** |
| **Кичево** | **16:31** | **16:23** | **16:16** | **16:11** | **16:08** |
| **Лаки** | **16:24** | **16:16** | **16:09** | **16:04** | **16:00** |
| **Чифлик** | **16:27** | **16:19** | **16:12** | **16:06** | **16:03** |
| **Штип** | **16:26** | **16:18** | **16:11** | **16:06** | **16:02** |
| **Тетово** | **16:31** | **16:22** | **16:15** | **16:10** | **16:06** |
| **Јегуновце** | **16:30** | **16:21** | **16:14** | **16:09** | **16:05** |
| **Росоман** | **16:28** | **16:19** | **16:12** | **16:07** | **16:04** |
| **Гевгелија** | **16:26** | **16:18** | **16:11** | **16:06** | **16:02** |
| **Свети Николе** | **16:27** | **16:19** | **16:12** | **16:06** | **16:03** |
| **Делчево** | **16:23** | **16:15** | **16:08** | **16:03** | **15:59** |
| **Валандово** | **16:25** | **16:17** | **16:11** | **16:05** | **16:02** |
| **Охрид** | **16:33** | **16:25** | **16:18** | **16:13** | **16:09** |
| **Радовиш** | **16:25** | **16:17** | **16:10** | **16:05** | **16:01** |
| **Прилеп** | **16:29** | **16:21** | **16:14** | **16:09** | **16:06** |

** Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ДЕКЕМВРИ 2019 ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 6. | 13. | 20. | 27. |
| Виница | 15:59 | 15:59 | 16:01 | 16:05 |
| Колешино | 15:59 | 15:59 | 16:01 | 16:05 |
| Стар Дојран | 16:00 | 16:00 | 16:02 | 16:06 |
| Куманово | 16:01 | 16:01 | 16:03 | 16:07 |
| Неготино | 16:01 | 16:02 | 16:04 | 16:08 |
| Струмица | 15:59 | 16:00 | 16:02 | 16:06 |
| Кочани | 15:59 | 15:59 | 16:01 | 16:05 |
| Велес | 16:02 | 16:02 | 16:04 | 16:08 |
| Кавадарци | 16:02 | 16:02 | 16:04 | 16:08 |
| Дебар | 16:08 | 16:08 | 16:10 | 16:14 |
| Скопје | 16:03 | 16:03 | 16:05 | 16:09 |
| Битола | 16:06 | 16:06 | 16:08 | 16:12 |
| Кичево | 16:06 | 16:06 | 16:08 | 16:12 |
| Лаки | 15:58 | 15:58 | 16:00 | 16:04 |
| Чифлик | 16:01 | 16:01 | 16:04 | 16:07 |
| Штип | 16:00 | 16:00 | 16:03 | 16:06 |
| Тетово | 16:04 | 16:04 | 16:07 | 16:10 |
| Јегуновце | 16:03 | 16:04 | 16:06 | 16:10 |
| Росоман | 16:02 | 16:02 | 16:04 | 16:08 |
| Гевгелија | 16:01 | 16:01 | 16:03 | 16:07 |
| Свети Николе | 16:01 | 16:01 | 16:03 | 16:07 |
| Делчево | 15:57 | 15:57 | 16:00 | 16:03 |
| Валандово | 16:00 | 16:00 | 16:02 | 16:06 |
| Охрид | 16:08 | 16:08 | 16:10 | 16:14 |
| Радовиш | 15:59 | 16:00 | 16:02 | 16:06 |
| Прилеп | 16:04 | 16:04 | 16:06 | 16:10 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

HОВО! НОВО! НОВО! НОВО!




# ПРОРОЦИ И ЦАРЕВИ

„Пророци и цареви“ е втората книга во низата од петте извонредни книги кои ја опфаќаат светата историја, инаку последната што излегла од перото на вдахновената писателка Елена Вајт.

Оваа книга почнува со извештајот за Соломоновото славно владеење над Израел и над обединетото царство, за Господовиот Храм како средиште на вистинското богослужение. Опишани се подемите и падовите на издвоениот избран народ, кој бил растргнат меѓу верноста кон Бога и служењето на боговите на народите што живееле во Палестина. И тука, во текот на овој толку значаен период од историјата на овој свет, јасно се гледаат драматичните докази дека меѓу Христа и сатаната се води жестока борба за срцето и преданоста на луѓето.

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат ниво 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на
**Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**

**www.sdakavadarci.com**

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира" (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).